Ванчо Ѓорѓиев • Далибор Јовановски • Никола Минов

# ИСТОРИЈА
## за VIII одделение
во деветгодишно основно образование

Кочани, 2026 година

**ИСТОРИЈА**
ЗА VIII ОДДЕЛЕНИЕ ВО ДЕВЕТГОДИШНО ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

***Автори:*** проф. д-р Ванчо Ѓорѓиев
проф. д-р Далибор Јовановски
проф. д-р Никола Минов

***Издавач:*** Европа 92, Кочани

***За издавачот:*** Влатко Димитровски

***Уредник:*** м-р Доне Донев

***Лектор:*** Катарина Трендова Петрова

***Графички дизајн и техничко уредување:*** Сашо Зашов

***Печати:*** Европа 92 - Кочани

***Тираж:*** 13 093 примероци

***Место и година на издавање:*** Кочани, 2026 година

Со Одлука за одобрување и употреба на учебник по наставниот предмет Историја за осмо одделение во деветгодишно основно образование бр. 26-705/1 од 05.06.2026 година, донесена од Националната комисија за учебници.

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“, Скопје

373.3.016:93/94(075.2)=163.3

ЃОРЃИЕВ, Ванчо
Историја : за VIII одделение во деветогодишно основно образование / Ванчо Ѓорѓиев, Далибор Јовановски, Никола Минов. - Кочани : Европа 92, 2026. - 184 стр. : илустр. ; 30 см

ISBN 978-608-5035-58-8

1. Јовановски, Далибор [автор] 2. Минов, Никола [автор]

COBISS.MK-ID 69158661

© Сите права се заштитени. Ниту еден дел од ова издание не смее да се репродуцира, електронски, со фотокопија, снимка или со друг вид чување во систем за натамошно користење на податоците, без претходна писмена согласност на издавачот.

# Содржина

**Вовед во историјата на новиот век .................... 5**

**ТЕМА 1**

**Европа и светот од средината на XVII до средината на XIX век .................................... 9**

Апсолутизмот во Европа во новиот век .........10

Просветителството и просветениот апсолутизам.........................................................14

Создавањето на Соединетите Американски Држави........................................18

Француската револуција ..................................22

Војните на Наполеон и Виенскиот конгрес ...26

Првата индустриска револуција.....................30

Нацијата и националниот идентитет во Европа .............................................................34

Науката и културата во Европа и светот од средината на XVII до средината на XIX век....37

**ТЕМА 2**

**Балканот и Македонија од XVIII век до Големата источна криза.............................. 41**

Османлиската Империја и Балканот до Источната криза............................................42

Европските сили и Балканот во XIX век.........46

Востанијата во Србија и Грција......................50

Автономна Србија..............................................54

Грција – првата независна држава на Балканот..........................................................58

Албанија од почетокот на XIX век до Големата источна криза и развојот на просветителската идеја ..................................62

Бугарија од почетокот на XIX век до Големата источна криза ..................................66

Црковно-просветните прилики во Македонија во XIX век ....................................70

Разловечкото востание......................................75

Македонското востание....................................79

Призренската лига и појавата и развојот на албанското ослободително движење .......83

**ТЕМА 3**

**Европа и светот од средината на XIX век до Првата светска војна .................................. 87**

Пролетта на народите и создавањето национални држави во Европа ........................88

Граѓанската војна во САД ................................92

Втората индустриска револуција ...................96

Ерата на колонијализмот и империјализмот .............................................100

Меѓународните односи во светот (1870-1914)..........................................................104

Науката и културата во Европа и светот од средината на XIX век до Првата светска војна .............................................................108

**ТЕМА 4**

**Балканот кон крајот на XIX и почетокот на XX век........................................................ 113**

Османлиската Империја до Букурешкиот мировен договор...........................................114

Србија од независноста до Првата светска војна...........................................................118

Грција од крајот на Големата источна криза до Балканските војни ...........................122

Бугарија од автономна до независна држава ..............................................................126

Албанија на патот кон независноста ............130

Образование, култура и спорт на Балканот кон крајот на XIX и почетокот на XX век ....................................................134

**ТЕМА 5**

**Македонија кон крајот на XIX и почетокот на XX век.................................. 139**

Македонските организации и друштва во емиграција ....................................................140

Македонската револуционерна организација...............................................................144

Истакнати дејци на Македонската револуционерна организација ......................148

Илинденското востание..................................153

Крушевската Република..................................158

Положбата во Македонија по Илинденското востание..................................162

Македонија во време на младотурскиот преврат и режим .............................................166

Македонија во Балканските војни.................170

Појава и развој на македонството.................175

Животот во османлиска Македонија............179

# Вовед во историјата на новиот век

Животот на луѓето со векови се одвивал бавно и тивко. Деновите личеле еден на друг и секоја генерација живеела слично со претходните. Секојдневието најчесто минувало во работа, во кругот на блиски роднини, соседи и соселани. Обичниот човек патувал ретко и на кратки растојанија. Светот надвор од неговото родно место изгледал непознат и далечен. Владетелите владееле само затоа што така било отсекогаш, па нивната власт се прифаќала како нешто природно и дадено од Бог. Знаењето се ширело бавно, а главна водилка низ животот биле обичаите и традициите.



Научник од времето на Просветителството

Сепак, од втората половина на XVII век, тивкиот и дотогаш непроменлив свет почнал постепено да се менува. Почнало времето на идеите и машините, на научниците и мислителите, на индустријалците и работниците, на граѓаните и нациите. Науката и техниката го менувале секојдневниот живот, додека фабриките му давале нов лик на градот. Татнежот на железниците се ширел истовремено со идеите за слобода, еднаквост и напредок. Така почнал периодот на длабоки промени што го именуваме како **нов век**. Во ова време биле поставени темелите на светот каков што го знаеме денес.

## Новиот век во светот и Европа

Една од првите големи промени што се случиле во овој период била во **начинот на размислување**. Нововековните мислители и научници верувале дека човековиот разум и знаењето можат да го променат општеството. Сè повеќе луѓе почнале да поставуваат храбри прашања: *Зошто еден човек мора да владее над сите други? Постои ли праведна власт? Зарем законите не треба да важат за сите подеднакво?*

Овие идеи постепено ја слабееле власта на кралевите. Тие го отвориле патот кон низа револуции, поради што новиот век понекогаш се нарекува **време на револуции**. Се воделе борби за слобода, независност и национално обединување. Дури и кога не успевале, револуциите трајно го менувале погледот на луѓето кон

**Поврзи го знаењето**

Во шесто одделение учеше дека историјата ја делиме на четири големи периоди.

*Кои се тие периоди и кои од нив ги обработуваше во претходните одделенија?*



Француската револуција

моќта и општеството. Се родиле **нови држави**, а идејата дека народите со заеднички јазик, култура и историја треба да создадат сопствени држави сè повеќе се ширела низ Европа и светот.

Новиот век бил и време на економски и технолошки развој. **Индустриските револуции** длабоко го промениле секојдневниот живот. Фабриките ги замениле малите работилници, парните машини ги придвижувале возовите и бродовите, а градовите брзо растеле. Милиони луѓе се преселиле од селата во градовите во потрага по работа и подобра заработувачка.

Голем процут доживеале и **науката, книжевноста и културата**, особено кон крајот на XIX и почетокот на XX век. Овој период е познат и како **Бел Епок**.



Физичарот Алберт Ајнштајн

## Новиот век на Балканот и во Македонија

Речиси сите народи на Балканот го дочекале новиот век под власт на некоја од големите империи – Османлиската Империја или Хабсбуршката Монархија. Во ова време кај нив постепено се будела **национална свест**. Под влијание на европските идеи за слобода и еднаквост, балканските народи почнале борби за ослободување и создавање **национални држави**. Така, овој период го одбележале повеќе **востанија** и **војни**, кои ги исцртале современите граници на Балканот. Во исто време, ова бил и период на голем **културен и просветен напредок**.

Во новиот век територијата на Македонија се наоѓала во состав на Османлиската Империја. Моќната османлиска држава, која во XVI век била голема европска и светска сила, постепено почнала да губи територии. Во такви услови, животот во Македонија станувал сè потежок. Истовремено почнале да се шират и идеите за **национално будење**. Кон крајот на XIX и почетокот на XX век, населението во Македонија кренало неколку **востанија** против османлиската власт. Израз на неговото незадоволство било и создавањето на **Македонската револуционерна организација**, чии дејци се бореле за слобода и автономија на Македонија. Настаните што се случиле во Македонија во овој период ги поставиле **темелите на современата македонска државност.**

### Непознати зборови и термини

**Бел Епок** - фран. *La Belle Époque* – или *Убавата епоха*. Поим кој се појавил во Франција, а потоа се проширил низ цела Европа. Се однесува на периодот од 1871 до 1914 година. Означува време на голем напредок и оптимизам во европското општество.



Берлински конгрес (1878 година)



Чета на Македонската револуционерна организација

## Извори за историјата на новиот век

**Историските извори** се траги од минатото преку кои историчарите го проучуваат и го разбираат животот на луѓето во одреден период. За новиот век тие се многу побројни и поразновидни отколку во претходните периоди, бидејќи писменоста, печатот и образованието се прошириле и станале достапни за поширок круг луѓе.

**Пишаните извори** имаат првостепено значење. За пишување на историјата на новиот век историчарите употребуваат книги, писма, мемоари, дневници и други пишани документи. Во овој период особено важна е појавата на **весниците** кои ни даваат информации за политичките настани и секојдневниот живот.

Мошне важни извори за историјата на новиот век се **аудиовизуелните извори**, особено оние кои се појавиле токму во овој период – фотографиите, филмовите и грамофонските плочи. Цртежите, карикатурите и плакатите дополнително ни помагаат да го замислиме животот на луѓето во новиот век. Тие ни покажуваат како изгледале градовите, фабриките, облеката, револуциите и војните.



Милтон Манаки со својата камера

## Минатото низ извори

Внимателно прочитај ги дадените текстови од историски извори кои се однесуваат на **влегувањето на францускиот император Наполеон Бонапарта во Берлин** (главниот град на Прусија). Потоа одговори на поставените прашања.

*„... Императорот вчера, на 27 октомври, свечено влезе во Берлин. Еден голем број граѓани извикуваа „Да живее Императорот“. Денот беше величествен. Градските команданти му ги предадоа клучевите од градот на Неговото Величество.“*

**Билтен на Големата армија** (“Bulletin de la Grande Armée”) – 28 октомври 1806 година

*„... Влегувањето на Французите предизвика вознемиреност во градот. Луѓето тивко гледаа од прозорците. Многу продавници останаа затворени, а улиците беа полни со војници. Каков срам!“*

**Берлински весник** (“ Berlinische Zeitung”) – 30 октомври 1806 година

*Како е прикажано влегувањето на Наполеон во Берлин во двата извори?*

*Кои зборови во двата извора најмногу се разликуваат по тон и значење? Наведи пример.*

*Дали можеме целосно да му веруваме само на еден извор за овој настан?*

**Материјалните извори** исто така играат значајна улога. Машините, оружјето, железниците и предметите што се употребувале во секојдневниот живот сведочат за индустрискиот и технолошкиот развој во новиот век.

Со внимателно проучување и споредување на различни извори, историчарите можат да создадат појасна и попрецизна слика за периодот кој ги поставил темелите на современиот свет.




Насловната страница од книгата „Исповед на еден македонски четник“

## Провери го наученото:

1. Што се променило во начинот на размислување на луѓето во новиот век?
2. Како е наречен крајот на XIX и почетокот на XX век за да се означи времето на голем напредок во Европа?
3. Наведи неколку видови извори за историјата на новиот век!

# 1

# ЕВРОПА и СВЕТОТ од СРЕДИНАТА НА XVII до СРЕДИНАТА НА XIX век



# Апсолутизмот во Европа во новиот век

Во текот на XVII и почетокот на XVIII век, во дел од европските држави бил воспоставен начин на владеење познат како **апсолутизам**. Во него **владетелот ја имал целата власт во државата**. Тој ги носел законите, заповедал со војската, го имал последниот збор во судството и ја водел надворешната политика. Со други зборови, владетелот сам одлучувал за најважните државни прашања, а поданиците немале вистинска можност да учествуваат во носењето одлуки.

За разлика од средниот век, кога власта била поделена меѓу кралот и феудалците, во новиот век владетелите се обидувале да владеат самостојно и без ограничувања. Наместо секој благородник да има своја војска и да води сопствена политика, кралот создал државна војска и поставувал службеници кои ги спроведувале неговите одлуки низ целата држава.

Најпознати примери за апсолутистичко владеење се **Франција во времето на Луј XIV и Русија под власта на Петар I Велики**.

## Франција во времето на Луј XIV

Еден од најзначајните апсолутистички владетели бил кралот на Франција, **Луј XIV**. Тој владеел повеќе од седумдесет години (1643–1715) и останал запаметен како **Кралот Сонце**. Со овој прекар сакал да покаже дека, како што Сонцето е центарот на Сончевиот систем, така и кралот е центарот на државата. Ваквиот став кон власта се искажува преку реченицата: **„Државата, тоа сум јас!“**, која често му се припишува на Луј XIV и ја изразува апсолутната моќ на кралот.

Симбол на апсолутизмот бил дворецот **Версај**, во близина на Париз. Тој бил замислен како место од кое кралот ги контролирал државата и благородништвото. Луј XIV ги повикал највлијателните благородници да живеат во Версај, далеку од нивните имоти во провинциите.

Во дворецот постоеле строги правила на однесување, при што благородниците постојано се натпреварувале да ја стекнат наклонетоста на кралот. Од неговата милост зависеле нивниот углед и напредување во кариерата. На тој начин тие постепено ја губеле својата политичка моќ и станувале зависни од владетелот.



Апсолутизам (карикатура)

**Минатото низ извори**

Во 1709 година, францускиот свештеник Жак-Бенен Босје напишал: „Секоја власт произлегува од Бога... Кралевите дејствуваат како божји службеници и како Негови претставници на земјата. Преку нив Бог ја врши својата власт... Мора да му се покоруваме на кралот со религиозна побожност и совест“.

*Дали е прифатливо еден владетел да биде над законите само поради тоа што тврди дека владее во име на Бог? Објасни.*



Луј XIV, Кралот Сонце


Дворецот Версај


Дворска церемонија во Версај

**Дворскиот живот** во Версај бил раскошен, но строго контролиран од кралот. Церемониите и дворските забави имале цел да покажат дека Луј XIV бил најважната личност во државата. Значајна улога во овој систем играле културата и уметноста, бидејќи преку дворскиот културен живот Франција ја покажувала својата моќ и углед пред бројните европски посетители. На тој начин животот во Версај станал пример што го имитирале и други владетели во Европа.

Важен столб на апсолутизмот била **постојаната војска**, која му била директно потчинета на кралот. Луј XIV водел бројни војни со цел да ја зајакне Франција и да го прошири нејзиното влијание. Во негово време Франција ја имала најсилната армија во Европа и станала една од најмоќните држави на континентот.

## Подемот на Русија во времето на Петар I Велики

За разлика од Франција, Русија на крајот на XVII век била огромна земја која во многу нешта заостанувала зад западноевропските држави. Рускиот цар **Петар I Велики** (1689–1725) сметал дека тоа ја загрозува иднината на државата и дека се неопходни итни промени.

Еден од првите чекори што ги презел била **Големата мисија**. Во 1697–1698 година, Петар ја посетил Западна Европа. Русија дотогаш имала ограничени контакти и слабо влијание во европските држави, каде што често била доживувана како далечна и заостаната земја. За време на патувањето, рускиот цар престојувал во земји како Холандија и Англија, каде одблизу се запознал со организацијата на војската, со бродоградбата и со улогата на науката во зајакнувањето на државата.

**Дознај повеќе**

Кралот Луј XIV почнал рано да губи коса, па носел големи перики. Набргу потоа, благородништвото почнало да го имитира, а периката станала симбол на углед. Луј XIV често носел и високи потпетици, кои го правеле повисок и повпечатлив. Само луѓето блиски до кралот смееле да носат такви чевли. Всушност, жителите на Версај живееле според дневниот распоред на Луј XIV. Кога кралот се движел низ дворецот, благородниците го следеле и ги прекинувале своите активности. Кога кралот спиел, останатите молчеле.

*Истражи и дознај повеќе за животот во Версај во времето на Луј XIV и сподели една интересна информација со твоите соученици.*


Петар I Велики

По враќањето во Русија, Петар спровел обемни **реформи**. Тој создал модерна армија и флота, ја ставил црквата под контрола на државата и најмил странски експерти кои му помагале во спроведувањето на реформите. Неговата цел била да ја зацврсти апсолутната власт и да изгради силна држава, способна да води војни и да стекне поголемо влијание во Европа.

Промените често биле наметнувани со присила. Познати се мерките со кои Петар ги принудувал мажите да си ги бричат брадите и да носат облека по западноевропска мода, со што симболично ја покажувал желбата за **приближување кон Европа.** Тој испраќал и **млади Руси да се школуваат во Западна Европа**, со цел здобиените знаења подоцна да се применат во Русија.

Клучен настан од владеењето на Петар I Велики била **Големата северна војна** (1700–1721) која Русија ја водела против тогаш моќната Шведска. Целта на војната била освојување **излез на Балтичкото Море**, што би му овозможило на Руското царство полесно да се поврзе со другите европски држави. По долга и тешка војна, Русија извојувала победа, добила нови територии и излез на море и била прогласена за **империја**. На териториите освоени во војната бил изграден новиот главен град **Санкт Петербург**, кој бил замислен како „прозорец кон Европа“.

## Минатото во сегашноста

Во западните земји толку малку се знаело за Русија, што во 1657 година францускиот крал Луј XIV испратил официјално писмо до рускиот цар Михаил I, иако тој бил мртов веќе дванаесет години.

*Дали ваква грешка би била можна денес? Што е поразлично во начинот на информирање во современиот свет?*



Петар I Велики учествувал во изградба на бродови во Холандија



Битка во Големата северна војна



Санкт Петербург – прозорец кон Европа

## Карактеристики на апсолутистичкото владеење

Апсолутизмот на Луј XIV и на Петар I Велики покажува дека во некои нововековни држави целата власт била во рацете на владетелот. За разлика од парламентарните монархии како **Англија**, каде што власта на кралот била ограничувана од **парламент**, во апсолутистичките монархии владетелот сам одлучувал за најважните државни прашања.

Апсолутизмот имал одредени **предности**: создавање силна и поорганизирана држава, стабилна власт и можност за брзо спроведување реформи. Но имал и **сериозни недостатоци** – промените често се спроведувале со присила, а слободното мислење и критиката кон власта биле жестоко задушувани. Поради тоа, во XVIII век во Европа сè почесто се барало ограничување на апсолутната власт.

**Непознати зборови и термини**

**Парламентарна монархија** - Држава во која кралот или кралицата не владеат самостојно, туку заедно со парламентот, кој има главна улога во носењето одлуки.

**Дознај повеќе**

Во 1689 година, пратениците во англискиот парламент не му ја дале веднаш круната на новиот владетел. Тие поставиле јасен услов: ќе стане крал само ако прифати дека нема да владее сам, туку заедно со парламентот. Новиот крал го прифатил условот.

Оттогаш станало јасно дека кралот во Англија не може да владее самоволно, туку неговата власт зависи од парламентот.

**Провери го наученото:**

1. Што е апсолутизам и како владееле апсолутистичките владетели?
2. Кои биле главните обележја во владеењето на Луј XIV во Франција?
3. Што сакал да промени Петар I Велики со своите реформи во Русија? Наведи една промена.

# Просветителството и просветениот апсолутизам

Како реакција на апсолутизмот, во XVIII век во Европа се појавиле нови идеи што го критикувале дотогашниот начин на владеење и размислување. Сè почесто се поставувале прашањата: зошто кралот има толкава моќ и дали може да постои власт што ќе биде поправедна кон сите?

Овој нов начин на размислување, познат како **просветителство**, ја истакнувал важноста на знаењето и разумот. Мислителите што ги развивале и ширеле овие идеи се нарекуваат **просветители**, бидејќи верувале дека знаењето и разумот го „осветлуваат“ човекот и општеството.

## Европските просветители

Во основата на просветителството стоела идејата дека човекот треба самостојно да размислува. Просветителите сметале дека не треба слепо да се прифаќаат старите правила или сè што кажувале кралот и црковните авторитети.

Во XVIII век, знаењето било ограничено на мал број луѓе, додека поголемиот дел од населението немал можност да се описмени. Токму затоа просветителите му давале големо значење на **образованието** и верувале дека знаењето треба да биде достапно за сите.

Просветителските идеи најчесто биле насочени против апсолутизмот. Просветителите не прифаќале дека



Сцена од париски салон каде мислителите на просветителството разменувале идеи




„Осмели се да знаеш“, односно „Имај храброст да се служиш со сопствениот разум“, било главното мото на просветителството

### Идеите на модерниот свет

Францускиот филозоф Дени Дидро бил главен уредник на Енциклопедијата – огромен проект што го обединил речиси сето знаење од тоа време и го направил достапно за секој образован граѓанин. Енциклопедијата излегла во повеќе томови од 1751 до 1772 година и станала симбол на просветителскиот дух, во кој знаењето се сметало за сила што треба да се споделува, а не да се чува во рацете на малкумина.

Всушност, Енциклопедијата на Дидро и неговите соработници, може да се смета за еден вид „Википедија“ на XVIII век.

еден човек може сам да одлучува за сè, без контрола и одговорност. Наместо тоа, тие се залагале за човекови права, праведни закони и поразумна власт.

Еден од највлијателните мислители бил **Џон Лок**. Тој сметал дека секој човек има природни права, како што се правото на живот, слобода и лична сопственост. Овие права, според него, не ги дава владетелот и не смеат да бидат одземени без причина. Лок истакнувал дека власта постои за да ги штити правата на луѓето. Ако таа не го прави тоа, народот има право да ја промени.

Друг важен просветител бил **Жан-Жак Русо**. Тој сметал дека не е правилно кралот сам да одлучува за сè и дека вистинската власт треба да доаѓа од народот. Според Русо, граѓаните заеднички одлучуваат што е најдобро за државата. Оваа идеја, според која власта припаѓа на народот, се нарекува **народен суверенитет**.



Жан-Жак Русо

**Шарл Монтескје** предупредувал дека кога сите одлуки се во рацете на еден човек, лесно доаѓа до злоупотреба на моќта и до неправди. Затоа предложил власта да биде поделена на три дела: законодавна власт, која ги носи законите, извршна власт, која ги спроведува, и судска власт, која ги толкува законите и пресудува. Со ова се спречува еден човек да има премногу моќ.

Покрај прашањата за власта, дел од просветителите се залагале и за личните слободи. Еден од најгласните бранители на **слободата на мислење, слободата на говор и верската толеранција**, бил филозофот **Волтер**. Тој сметал дека луѓето имаат право слободно да ги искажуваат своите ставови, дури и кога тие не им се допаѓаат на властите.



Емили ди Шатле – научничка и мислителка која придонела во ширењето на просветителските идеи

## Просветените апсолутисти во Европа

Во време кога кралот можел да затвори некого поради кажан збор, просветителските идеи биле опасни и револуционерни. Така, Волтер и **Дени Дидро** биле затворани поради своите критики кон владетелите и религијата.

Сепак, некои европски владетели сфатиле дека државата ќе биде посилна ако воведат подобро образование и поправедни закони. Затоа прифатиле дел од просветителските идеи, но не и оние што барале ограничување на нивната моќ. Така се појавил **просветениот апсолутизам** – форма на владеење во која владетелот ја задржувал апсолутната власт, но настојувал да владее поразумно и да спроведува реформи во интерес на државата.

### Минатото во сегашноста

Изјавата „Не се согласувам со тоа што го велиш, но ќе се борам до смрт за твоето право да го кажеш“ често му се припишува на Волтер. Всушност, мислата е напишана од британската авторка Евелин Хол во 1906 година за да ги сумира неговите ставови.

*На кое основно човеково право се однесува оваа изјава?*

Еден од најзначајните просветени владетели бил кралот на Прусија, **Фридрих II Велики** (1740-1786). Тој вовел поголема **верска толеранција** т.е. им дозволил на припадниците на различни вероисповеди слободно да ги вршат своите верски обичаи. Сепак, не дозволил учество на народот во власта и ја задржал целата моќ во свои раце. Така, тој владеел како просветен владетел, но не и како демократ.

Во Хабсбуршката Монархија, **Марија Терезија** (1740-1780) и нејзиниот син **Јозеф II** (1780-1790) спровеле низа просветителски реформи. Една од најважните била воведувањето на **задолжително основно образование**, со што се настојувало да се зголеми писменоста меѓу населението. За многу деца, ова било првпат да добијат можност да научат да читаат и пишуваат.

Хабсбуршката Монархија била голема држава, составена од различни народи. За полесно управување со таква држава, Јозеф II се обидел да го воведе германскиот јазик како заеднички службен јазик. Оваа политика предизвикала силен отпор кај многу народи во монархијата, па по неговата смрт дел од реформите биле укинати.



Фридрих II Велики

**Поврзи го знаењето**

Погледни ја картата на Хабсбуршката Монархија. Обиди се да откриеш некои од современите држави кои целосно или делумно биле дел од оваа монархија.




Хабсбуршката Монархија во времето на Марија Терезија



Катерина II Велика

Руската царица **Катерина II Велика** (1762-1796) се допишувала со познати просветители како Волтер и Дидро и ги поддржувала културата и образованието. Во 1764 година помогнала во основањето на **институтот Смољни**, кој бил една од првите државни образовни институции за девојчиња во Европа. Сепак, Катерина не дозволила промени што би ја ограничиле нејзината моќ. Таа продолжила да владее апсолутистички и со сила ги задушувала востанијата што ги кревале селаните поради тешките услови за живот и незадоволството од власта.

Просветениот апсолутизам бил обид државата да се модернизира, но да не се воведува демократија. Владетелите прифаќале дел од просветителските идеи, како подобро образование и поддршка на науката и културата, но не дозволувале учество на народот во власта. Иако ваквите мерки подготвиле терен за подоцнежните промени, просветениот апсолутизам не овозможил рамноправност и учество на народот во власта.

## Непознати зборови и термини

**Прусија** - Држава во североисточна Европа, позната по силната армија. Главен град бил Берлин. Во XVIII век Прусија станала една од најважните европски сили, а во XIX век одиграла клучна улога во создавањето на Германија.

**Хабсбуршка Монархија** - Изразот „Хабсбуршка Монархија“, иако никогаш не бил официјално име на државата, често се користи за да ги опфати сите земји и народи што биле под власт на династијата Хабсбург. Во 1804 година, овие територии се преименувани во Австриска Империја, а од 1867 година во Австро-Унгарија. Во историјата често се користи и поедноставениот поим Австрија.

## Дознај повеќе

Катерина II Велика одиграла важна улога во создавањето на уметничката колекција која подоцна ќе прерасне во еден од најпознатите музеи во светот – Ермитаж во Санкт Петербург. Во својата палата, таа почнала да собира уметнички дела, сакајќи да ја направи Русија дел од европскиот културен свет. Ова вложување во уметноста се смета за дел од просветителската политика на Катерина.

## Провери го наученото:

1. Што е просветителството и против каков начин на владеење било насочено?
2. За што се залагале Џон Лок и Шарл Монтескје?
3. Наведи еден пример на просветен апсолутист и една реформа што ја спровел.

# Создавањето на Соединетите Американски Држави

## Причини за Американската војна за независност

Во XVIII век, Велика Британија поседувала тринаесет колонии на источниот брег од Северна Америка. Тие биле дел од **Британската Империја**. Колониите морале да плаќаат даноци што ги одредувала британската власт, но немале право да учествуваат во носењето на одлуките. За многу колонисти тоа значело дека за нивниот секојдневен живот решаваат луѓе оддалечени илјадници километри, кои никогаш не живееле во колониите и не ги познавале нивните проблеми.

Тринаесетте колонии се развивале мошне брзо. Населението се зголемувало бидејќи многу Европејци доаѓале во потрага по работа и подобар живот. Доселениците граделе нови населби, отворале работилници и тргувале со Европа. Со текот на времето тие почнале да се чувствуваат посамостојни и посигурни во сопствените можности.

Меѓу колониите постоеле значајни разлики. Во **северните колонии**, населението најчесто живеело во градови и се занимавало со трговија и занаетчиство. Во **јужните колонии**, главна улога имало земјоделството. Таму се одгледувале тутун, памук и ориз, а на големите плантажи работеле **африкански робови**, кои живееле во тешки услови и немале никакви права. И покрај овие разлики, колонистите сè повеќе согледувале дека имаат заеднички проблеми, особено во односот со британската власт.

### Дознај повеќе

Велика Британија е држава создадена во 1707 година, кога Англија и Шкотска се обединиле во едно кралство. Англија уште во XVI и XVII век почнала да основа колонии во различни делови на светот. Со текот на времето, тие територии станале дел од Британската Империја, која била најголемата империја во историјата.

Британската Империја често била нарекувана „империја над која сонцето никогаш не заоѓа“, затоа што имала колонии на сите континенти. Поради тоа, во секое време од денот сонцето сјаело над некој дел од нејзините територии.



Африкански робови на плантажа




Тринаесетте британски колонии во Северна Америка

По скапите војни што ги водела во Европа и во колониите, Британија почнала да воведува нови даноци за да ги покрие воените трошоци. Овие мерки предизвикале големо незадоволство меѓу колонистите. Тоа било јавно изразено преку слоганот **„Нема даноци без претставување“**. Колонистите сметале дека е неприфатливо да плаќаат даноци без да имаат свои претставници во британскиот парламент во Лондон. За нив тоа било прашање на достоинство и **право на глас**. Подготвеноста за отпор постепено растела.

Симбол на тој отпор станала **Бостонската чајанка** во 1773 година. Тогаш група колонисти, членови на движењето „Синови на слободата“, облечени како Индијанци, фрлиле сандаци со чај од британските бродови во пристаништето во Бостон.

Британската власт реагирала остро. Го затворила бостонското пристаниште и го зголемила присуството на војската. Овие мерки, познати како „Неподносливи закони“, уште повеќе ја влошиле состојбата.

Во 1774 година бил свикан **Првиот континентален конгрес во Филаделфија**. Таму претставниците на колониите побарале укинување на строгите закони и враќање на нивните права, без да бараат целосно одвојување од Британија.

Сепак, конфликтот станал неизбежен. Во април 1775 година дошло до првиот вооружен судир кај Лексингтон, со што почнала **Американската војна за независност** во која колониите се бореле против британската војска.

## Декларацијата за независност и создавањето на САД

По првите вооружени судири, претставниците на колониите повторно се собрале во Филаделфија на **Вториот континентален конгрес**. Тој станал главно тело што ги водело колониите и носело одлуки за борбата. За врховен командант на колонијалната војска бил назначен **Џорџ Вашингтон**, кој имал клучна улога во организирањето и водењето на отпорот против Британија.

Во 1776 година, Конгресот усвоил документ со исклучително значење – **Декларацијата за независност**. Со неа колониите јавно објавиле дека повеќе не ја признаваат власта на британскиот крал. Главен автор

### Минатото низ извори

Според закон донесен во колонијата Јужна Каролина во 1740 година, ропството било наследно. За робови се сметале Африканците и домородните жители чии мајки биле робинки, како и нивните потомци. Законот ги третирал како сопственост на своите господари, без право самостојно да одлучуваат за својот живот.

*Што ни покажува овој закон за тоа како живееле и какви права имале робовите во британските колонии во Америка?*



Бостонската чајанка



Британски војник и офицер

на текстот бил **Томас Џеферсон**. Во документот било нагласено дека сите луѓе се раѓаат еднакви и имаат **право на живот, слобода и стремеж кон среќа**. Според Декларацијата, во која биле вградени идеите на просветителот Џон Лок, власта постои за да ги штити овие права, а ако не го прави тоа, народот има право да ја смени.

Војната за независност траела неколку години и не била лесна за колониите. Британската војска била посилна и подобро опремена, но колонијалната армија се борела со голема упорност. Таа имала поддршка од населението и одлично го познавала теренот. Од огромно значење била и одлуката на Франција да ја признае независноста на тринаесетте колонии, да склучи сојуз со нив и да ѝ објави војна на Велика Британија. На тој начин, предноста се префрлила на страната на колонистите, по што во 1781 година британската војска капитулирала кај Јорктаун.

Со Парискиот договор од 1783 година, Велика Британија официјално ја признала **независноста** на колониите. Така биле создадени **Соединетите Американски Држави** (САД). Новата држава станала република. Тоа значело дека наместо крал, власта требало да ја вршат претставници избрани од народот.



Моли Пичер – симбол на учеството на жените во Американската војна за независност

## Истражувачки предизвик

Џорџ Вашингтон раководел и со тајна шпионска мрежа која собирала информации за движењето и плановите на британската војска. Шпионите користеле различни начини за тајно пренесување пораки: пишувале со невидливо мастило, а пораките ги криеле во облека, чевли, па дури и во коса.

Во оваа мрежа значајна улога имале и жените, бидејќи британските власти ретко се сомневале во нив. Благодарејќи на овие шпионски информации и извештаи, колонијалната армија често знаела каде ќе се движи британската војска и какви планови подготвува.

*Истражи како се викал познатиот американски шпион со иницијали Н. Х., кој лажно се претставувал како учител и се движел зад британските линии.*

## Запознај историска личност

Основачите на САД се познати под името татковци-основачи. Еден од нив бил и **Бенџамин Френклин**. Тој бил научник, писател и дипломат. Ги измислил громобранот и бифокалните очила и имал важна улога во добивањето поддршка од Франција за американската борба за независност.



Бенџамин Френклин

## Уставот на САД

Откако ја добиле независноста, Американците се соочиле со важно прашање: како да изградат држава без крал и наследна власт? Дотогаш биле навикнати некој да владее со нив, а сега требало самите да постават правила според кои ќе живеат.

Поради тоа, во 1787 година бил донесен **Уставот на САД**. Со него се утврдило дека власта нема да биде во рацете на еден човек. Наместо тоа, таа била поделена на три дела: законодавна (Конгресот), извршна (претседателот) и судска (Врховниот суд). На овој начин се настојувало никој да не може самостојно да одлучува за сè.

Во 1789 година бил избран **првиот претседател**, Џорџ Вашингтон. Во 1791 година во Уставот биле додадени и правила што ги штителе основните човекови права, како слободата на говор и правото на правично судење.

Борбата за независност на САД покажала дека државата не мора да биде водена од крал, туку од луѓе избрани од народот. Во новата држава се зборувало за слобода, еднаквост и учество на граѓаните во власта. Сепак, овие идеи не важеле за сите. Сè уште постоело ропството, жените немале право да гласаат, а политичките права најчесто ги имале само белите мажи што поседувале имот.

### Поврзи го знаењето

Потсети се на претходната лекција и одговори: кој просветител предложил поделба на власта на три дела?



Џорџ Вашингтон

### Провери го наученото:

1. Кои биле главните причини поради кои тринаесетте британски колонии почнале борба за независност од Велика Британија?
2. Што претставувала Декларацијата за независност на САД и кои основни идеи се истакнати во неа?
3. Како била поделена власта според Уставот на САД и зошто се вовела таква поделба?

# Француската револуција

## Причини и почеток на револуцијата

Иако Франција била една од најмоќните држави во Европа, внатре во земјата постоеле длабоки разлики. Тие биле изразени преку поделбата на населението на **три сталежи**. Првиот сталеж го сочинувало свештенството, вториот благородништвото, а третиот сталеж ги опфаќал сите останати жители.

Третиот сталеж бил најброен. Во него имало и сиромашни селани и богати граѓани. Заедничко за сите нив било тоа што морале да плаќаат даноци што другите два сталежи најчесто не ги плаќале. Овие разлики јасно се гледале во секојдневниот живот. Свештенството и благородниците живееле поудобно, додека селаните тешко преживувале и биле оптоварени со феудални давачки.



Трите сталежи во Франција – карикатура

Во градовите живеела **буржоазијата** – граѓани со пари и образование, кои активно учествувале во економскиот живот, но немале право да управуваат со државата. Со текот на времето, поделбата на сталежи создавала сè поголемо чувство на неправда.

Состојбата била дополнително заострена од сериозната финансиска криза во земјата. Државната каса била речиси празна поради раскошниот живот на кралот и благородниците, како и поради учеството на Франција во Американската војна за независност.

Во исто време, климатските непогоди и неколку слаби жетви довеле до **недостиг од храна**. За многу семејства, лебот бил основната храна и најголем трошок. Кога неговата цена нагло пораснала, дел од населението веќе не можел да се прехрани. Поради тоа често се вели дека „Француската револуција почнала од стомакот“.

Освен гладот и сиромаштијата, низ Франција се ширеле и **идеите на просветителството**. Луѓето почнале да се прашуваат зошто некои се раѓаат со привилегии, а други со тешки обврски. Сè повеќе се прифаќала мислата дека секој човек има природни права и дека власта треба да ги штити, а не да ги крши.



Кралот Луј XVI

Со цел да најде решение за проблемите во државата, кралот Луј XVI го свикал Собранието на сталежите. Наместо договор, дошло до остар судир. Претставниците на третиот сталеж се прогласиле за **Национално собрание** и изјавиле дека ја изразуваат



Претставниците на третиот сталеж се заколнале дека ќе изготват нов устав

волјата на народот. Тие почнале подготовка на нов устав, со кој требало да се ограничи моќта на кралот.

Исплашен од можноста да ја изгуби власта, Луј XVI испратил војска кон Париз, по што незадоволството прераснало во отворен бунт.

На 14 јули 1789 година, граѓани и револтирани војници ја нападнале и ја зазеле тврдината **Бастилја**. Таа служела како затвор и во очите на народот била симбол на стравот и самоволието на власта. Овој настан се смета за почеток на Француската револуција.

## Непознати зборови и термини

**Сталеж** - Општествена група со исти права и обврски.

**Буржоазија** - Градски слој на луѓе, кој се занимавал со трговија, занаетчиство и слободни професии. Буржоазијата се делела на крупна (најбогатите граѓани – трговци и банкари), средна (адвокати, лекари, професори) и ситна (помали трговци и занаетчии).

## Минатото низ извори

Во книгата „Исповеди“, напишана во шеесеттите години на XVIII век, филозофот Жан-Жак Русо спомнува „една голема принцеза“ која, кога слушнала дека народот нема леб, наводно рекла: „Тогаш нека јадат бриош“, што понекогаш се преведува и како „Тогаш нека јадат колачи“. Подоцна оваа изрека ѝ била припишана на кралицата Марија Антоанета, иако нема доказ дека таа навистина ја изговорила.

*Што ни покажува оваа приказна за одвоеноста на власта од секојдневниот живот на народот во Франција?*



Заземањето на Бастилја

## Од монархија до република

Револуцијата брзо се проширила низ целата земја. Гладни селани почнале да ги напаѓаат имотите на благородниците и да бараат храна и укинување на феудализмот. Овој период на масовен страв од глад и насилство е познат како **Големиот страв**.

Под притисок од народот, Националното собрание ги укинало феудалните привилегии на свештенството и благородништвото. Со тоа престанала и поделбата на општеството на сталежи. Од тој момент, не било најважно во какво семејство е некој роден, туку што знае и што може да постигне со својата работа.

Во август 1789 година била усвоена и **Декларацијата за правата на човекот и граѓанинот**. Во неа било нагласено дека сите луѓе се раѓаат слободни и еднакви, а власта треба да произлегува од народот. Мотото **„слобода, еднаквост, братство“** станало симбол на новото време.

Сепак, животот за обичните луѓе не се подобрил веднаш, бидејќи многу семејства сè уште немале доволно храна. Во октомври 1789 година, неколку илјади жени од Париз тргнале пеш кон Версај, барајќи леб и одговорност од кралот. Овој настан, познат како **Марш на жените**, завршил со преселување на Луј XVI и кралицата Марија Антоанета во Париз. Ако дотогаш кралот ги контролирал благородниците во Версај, сега тој бил под постојан надзор од народот.

Во 1791 година, бил донесен првиот устав, со кој Франција станала **уставна монархија**. По обидот на кралот да побегне од државата, во 1792 година монархијата била укината, а Франција била прогласена за **република**. Луј XVI подоцна бил погубен на гилотина, со што симболично бил прекинат стариот поредок.



Маршот на жените кон Версај



Олимпија де Гуж – авторка на „Декларацијата за правата на жената и граѓанката“ (1791), со која побарала еднакви права за жените

### Поврзи го знаењето

Спореди ги основните идеи во Декларацијата за правата на човекот и граѓанинот со Декларацијата за независност на САД.

### Непознати зборови и термини

**Уставна монархија** - Држава во која монархот владее според устав и нема целосна власт, бидејќи дел од власта ја имаат и други институции.

**Гилотина** - Справа за егзекуција со отсекување на главата. Била воведена за време на Француската револуција како „похуман“ начин на погубување, бидејќи се сметало дека смртта настапува веднаш.

## Владеењето на теророт и значењето на Француската револуција

Во новата република највлијателна сила станале **јакобинците**, предводени од Максимилијан Робеспјер. Во периодот познат како **владеење на теророт**, илјадници луѓе биле уапсени и погубени како наводни непријатели на револуцијата.

Наместо слобода и сигурност, во Франција завладеале страв и насилство. Кога Робеспјер ја изгубил поддршката, бил погубен на гилотина во 1794 година.

По падот на Робеспјер, насилството постепено се намалило, но властите сѐ уште не успевале да воспостават ред и мир. Франција била во војна со неколку европски држави, чии владетели се плашеле дека револуционерните идеи ќе се прошират и кај нив. Во такви околности, во 1799 година власта ја презел младиот генерал **Наполеон Бонапарта**. Со тоа завршила Француската револуција и почнал периодот на Војните на Наполеон.

Француската револуција имала силно влијание врз ширењето на просветителските идеи во Европа. Таа покажала дека сите треба да имаат еднакви права и дека народот е тој што треба да ја избира власта. Иако била придружена со глад, насилство и нестабилност, со неа се укинал стариот поредок и феудалните привилегии што со векови го делеле населението.

За разлика од Американската војна за независност, која главно ја променила состојбата само во САД, идеите на Француската револуција се прошириле низ Европа и поттикнале промени во многу земји.



Максимилијан Робеспјер

### Дознај повеќе

За време на Француската револуција, револуционерите решиле дека не било доволно да се смени власта – морало да се смени и времето. Стариот календар бил укинат затоа што ги потсетувал на монархијата и црквата. Наместо него, бил воведен револуционерен календар со недели од 10 дена и одмор само секој десетти ден. Деновите повеќе не се викале понеделник, вторник, петок, или сабота, ниту пак носеле имиња на светци, туку биле именувани по растенија, животни и алатки. Така, постоеле ден на компирот, ден на овцата, па дури и ден на мотиката.

Промените стигнале и до часовникот. Денот бил поделен на 10 часа, а секој час имал 100 децимални минути и траел 144 обични минути. Но додека државата броела по ново, луѓето продолжиле да живеат по старо. Тајно ги празнувале старите празници, сѐ додека и самите власти не се откажале од овој експеримент.

### Провери го наученото:

1. Кои биле главните причини за избувнување на Француската револуција?
2. Зошто заземањето на Бастилја се смета за почеток на Француската револуција?
3. Наведи некои од промените што настанале со Француската револуција.

# Војните на Наполеон и Виенскиот конгрес

## Подемот на Наполеон Бонапарта

По Француската револуција, Европа била потресена од чести немири и војни. Во тие бурни години се издигнал **Наполеон Бонапарта**, кој за кратко време станал една од највлијателните личности на своето време.

Неговиот подем бил необичен за тогашните европски услови. Тој не потекнувал од кралско семејство, туку напредувал поради својот воен талент и храброст. Најпрво се прославил како генерал, а подоцна ја презел власта во Франција и во 1804 година бил прогласен за **император**.

За време на неговото крунисување, на кое присуствувал и папата, Наполеон сам си ја ставил круната на главата. Со овој чин сакал да покаже дека неговата власт не произлегува од црквата или од старите традиции, туку од армијата и поддршката на народот.



Наполеон Бонапарта во младоста



Крунисувањето на Наполеон

## Војните на Наполеон и отпорот кон нив

Војните што ги водела Француската Империја под водство на Наполеон Бонапарта се познати како **Војните на Наполеон**. Тие траеле повеќе од една деценија и го опфатиле поголемиот дел од Европа. Во нив Франција војувала против старите европски монархии, кои сакале да ги запрат промените почнати со Француската револуција.

Во првите години од Војните на Наполеон, француската армија нижела победи и брзо напредувала низ Европа. Во тоа значајна улога имал Наполеон, кој се истакнал како извонреден воен командант и стратег. Тој знаел брзо да носи одлуки, вешто да ја распоредува војската на бојното поле и често ги изненадувал противниците. Поради ваквиот начин на војување, неговата армија долго време се сметала за непобедлива.

Француските освојувања во Европа биле проследени со големи промени. Во многу земји се укинале феудалните давачки и привилегиите на благородништвото. Посебно значење имал **Наполеоновиот законик**. Со него се утврдило дека луѓето се еднакви пред законот и дека нивниот имот не може лесно да им биде одземен. Многумина за првпат почувствувале дека законот вистински ги штити и дека не се само потчинети на власта.

### Историски сведоштва

За воениот гениј и големото влијание на Наполеон Бонапарта позитивно се изразувале неговите војници и офицери, но и неговите противници.

Еден француски офицер запишал дека појавата на Наполеон силно го кревала моралот на војниците, поради што тие биле подготвени да го следат и во најтешките борби.

Неговиот голем противник, британскиот генерал, војводата од Велингтон, забележал:

*„Присуството на Наполеон на бојното поле беше како да има четириесет илјади војници повеќе“.*

Со своите освојувања, Наполеон значително ја променил и **политичката карта на Европа**. Тој го укинал постоењето на некои држави, создавал нови и ги менувал границите според интересите на Франција. Во италијанските и германските земји, како и на територијата на Полска, биле создадени нови држави, додека други области биле ставени под француска власт.

На чело на дел од овие држави Наполеон поставувал свои роднини и блиски соработници. Неговите браќа станале кралеви во Шпанија, Холандија и други земји. Поради ова, француското владеење сè почесто се сметало за наметната и странска власт.



Европа во 1810 година

Многу народи, кои на почетокот го поддржувале Наполеон и го гледале како ослободител, со текот на времето почнале да ја доживуваат Франција како **окупатор**. Во некои земји се појавил отпор, особено во Шпанија, каде што герилските одреди воделе жестока борба против француската војска. Странската власт, наметната од Франција, кај дел од европските народи ја разбудила **желбата за сопствена држава**.

### Непознати зборови и термини

**Герила** - Начин на војување при кој мали групи борци напаѓаат од заседа, уништуваат патишта, мостови или складишта, а потоа брзо се повлекуваат. Овој начин на борба најчесто се користи против поголема и посилна војска.


Минијатурниот Наполеон (карикатура)


Наполеон како симбол на моќ

### Минатото во сегашноста

За време на Војните на Наполеон, борбата се водела и преку медиумите. Британските весници го прикажувале Наполеон како мал, смешен и опасен тиранин, додека француските медиуми го претставувале како голем војсководец и јунак. На тој начин, двете страни се обидувале да влијаат врз јавното мислење.

*Зошто истата личност се прикажувала различно во британските и француските весници?*

*Дали и денес медиумите можат да влијаат врз јавното мислење?*

## Континенталната блокада и походот кон Русија

Најголемиот противник на Наполеон Бонапарта била Велика Британија. Поради надмоќта на британската флота, Наполеон не можел да ја порази во поморска војна. Затоа се обидел економски да ја ослаби Британија со забрана за трговија со британски производи, позната како **континентална блокада**.

Оваа мерка тешко се спроведувала и не ги дала очекуваните резултати. Наместо да ја принуди Велика Британија да се предаде, континенталната блокада најмногу ги погодила европските земји. Дел од нив зависеле од трговијата со Британија и се соочиле со недостиг на текстил, кафе, шеќер и други колонијални производи.

Еден од пресудните моменти за падот на Наполеон бил **походот кон Русија** во 1812 година. Со него сакал да ја принуди Русија да ја прекине трговијата со Велика Британија и да спречи сојуз меѓу овие две моќни држави. За таа цел собрал огромна војска од околу 600.000 војници, позната како **Големата армија**.

Руската војска избегнувала решавачка битка. Наместо тоа, се повлекувала и зад себе уништувала храна и села, со што ја оставала француската армија без снабдување.

Кога Наполеон стигнал во Москва, неговите војници нашле празен и запален град. Соочен со гладот и суровата руска зима, тој бил принуден да се повлече. Повлекувањето се претворило во катастрофа поради студот, болестите и постојаните руски напади. Од огромната војска преживеале помалку од 100.000 војници.

Поразот на француската армија во Русија ги охрабрил европските држави да се здружат против заедничкиот непријател. Во 1813 година Наполеон бил поразен во **Битката на народите кај Лајпциг**, а следната година бил испратен во прогонство на островот Елба. Иако во 1815 година накратко се вратил на власт, поразот во **Битката кај Ватерло** го означил крајот на неговото владеење. Тој бил заробен и испратен на далечниот остров Света Елена, каде што починал во 1821 година.

### Запознај историска личност

По поразот на Прусија од Наполеон во 1806 година, дел од германските земји ја изгубиле независноста. Многу Пруси тоа го доживувале како понижување.

Во такви услови се истакнал **Фердинанд фон Шил**, пруски офицер кој одбил да ја прифати француската власт. Во 1809 година, со мала група војници самоволно ја напуштил пруската армија и кренал востание.

Кога го прашале зошто оди во сигурна смрт, тој одговорил: *„Подобро ужасен крај, отколку ужас без крај!“*

Востанието било задушено, а Фердинанд фон Шил загинал во борба.



Повлекувањето на Наполеоновата армија од Русија



Наполеон на Света Елена

## Виенскиот конгрес

Во 1814 година, по прогонувањето на Наполеон на островот Елба, претставници на повеќе европски држави се собрале на **конгрес во Виена**. Нивната цел била да се воспостави мир во Европа и рамнотежа меѓу државите, така што ниту една земја нема да стане премногу моќна, како што била Франција во времето на Наполеон.




Европа по Виенскиот конгрес

На Конгресот, кој траел до 1815 година, било одлучено на власт повторно да се вратат кралските семејства што биле протерани за време на Француската револуција и Војните на Наполеон. Воедно се извршиле **промени на државните граници во Европа**. Франција била вратена на приближно истите граници пред Револуцијата. Од друга страна, многу територии коишто претходно биле под нејзина власт им биле доделени на други европски држави.

На Виенскиот конгрес бил воспоставен мир, но без да се земат предвид желбите на многу европски народи, кои и понатаму останале потчинети.

Сепак, Војните на Наполеон имале големо историско значење. Преку нив, низ Европа се прошириле идеите за припадност кон сопствен народ и еднаквост пред законот. Во текот на XIX век, овие идеи ќе станат основа за борбите на многу народи за создавање сопствени држави.

### Дознај повеќе

**Конгресот што танцувал**

За време на Виенскиот конгрес (1814-1815), Виена била домаќин на бројни балови, приеми и забави. Поради тоа, современиците се шегувале дека „конгресот не заседава, туку танцува“. Учесниците на Виенскиот конгрес често разговарале за важни прашања во опуштена атмосфера, надвор од салите за состаноци. Додека се танцувало, се решавале судбините на многу европски народи.

### Провери го наученото:

1. Како Војните на Наполеон ја промениле Европа и зошто во многу земји се појавил отпор против француската власт?
2. Зошто Наполеон ја нападнал Русија и како завршил тој поход?
3. Какви одлуки се донеле на Виенскиот конгрес?

# Првата индустриска револуција

Во втората половина на XVIII век почнал еден од најважните процеси во историјата на новиот век, познат како **Прва индустриска револуција**. Таа донела големи промени во начинот на работа, производството и секојдневниот живот на населението.

Индустриската револуција не била револуција како оние што ги поврзуваме со војни и востанија. Во неа немало борба против владетели и не се случила одеднаш. Промените се одвивале постепено, во текот на повеќе децении. Сепак, поради нејзиното големо значење и трајните последици, историчарите ја нарекуваат револуција.

## Велика Британија како прва индустриска сила

Пред почетокот на Првата индустриска револуција, во Западна Европа се случиле важни промени во земјоделството. Со воведување нови начини на обработка на земјата, се зголемило производството на храна. Овој процес се нарекува **аграрна револуција**. Во некои области тоа довело до помалку глад, но и до создавање големи земјопоседи. Поради тоа, многу селани останале без земја и биле принудени да се **преселат во градовите**, каде што се вработувале во новите фабрики и работеле за ниски плати. На тој начин се создале предуслови за појавата на индустриската револуција.

### Поврзи го знаењето

На што помислуваш кога ќе го чуеш зборот „револуција“? За кои револуции си учел/а до сега?

### Минатото низ извори

**Вилијам Кобет „Патувања по селата“ (1823 г.)**

„Животот на селаните е ‘копај, копај, па пак одново’... од изгрејсонце до зајдисонце... а, сепак, речиси ни парче сланина не останува за тие што ја произведуваат целата храна.“

**Интервју со Елизабет Бентли, работничка во текстилна фабрика (1832 г.)**

- Кога почна да работиш во фабрика?
Е: Кога имав шест години.
- Што работеше?
Е: Ги менував калемите на машините.
- Колку часа работеше?
Е: Од пет часот наутро, до девет навечер.
- Имавте ли време да појадувате или да се напиете?
Е: Не, јадевме како што ќе стигневме.

*Што било заедничко во секојдневниот живот на селаните и на фабричките работници, иако работеле во различни средини?*



Текстилна фабрика во XVIII век

Првата индустриска револуција **почнала во Велика Британија**, бидејќи таму постоеле поволни услови што ги немало во другите европски држави. Земјата располагала со богати наоѓалишта на **јаглен и железо**, неопходни за работа на машините и за изградба на фабрики. Во исто време, Британија била **голема колонијална сила**. Од колониите пристигнувале суровини, особено памук, а готовите производи лесно се продавале на големи пазари низ светот. Тоа ја зголемувало потребата од поголемо и побрзо производство.

Во Британија имало и многу богати луѓе кои биле подготвени да вложуваат во нови машини, фабрики и научни откритија. Поради сите овие причини, токму во Велика Британија биле создадени **најважните изуми** што ја поттикнале Првата индустриска револуција, а земјата станала позната како **„работилницата на светот“**.



Град во Велика Британија во времето на Првата индустриска револуција

## Најважните изуми

Првите промени се случиле во текстилното производство. **Џон Кеј** ја измислил **„Летечката совалка“**, со која ткаењето значително се забрзало. Еден ткајач можел за исто време да изработи многу повеќе ткаенина отколку порано. Но ова предизвикало нов проблем. Рачното предење повеќе не можело да го следи забрзаното темпо на работа, што покажало дека машините стануваат неопходни.

Во шеесеттите години на XVIII век била измислена машината за предење позната како **„Џени“**. Со неа еден човек можел за кратко време да произведе многу повеќе материјал отколку со рачна работа. Наскоро бил воведен и **механичкиот разбој**, со кој ткаењето

**Дознај повеќе**

За време на Првата индустриска револуција се развил економскиот систем наречен **капитализам**, во кој луѓето со капитал (пари, земја, фабрики и машини) ги вложувале своите средства за да остварат добивка. Тие се нарекувале капиталисти. Во овој систем, фабриките и производството биле во приватна сопственост, а работниците работеле за плата.

*Дали и денес постои капитализмот и каде можеш да го препознаеш во секојдневниот живот?*



Машината за предење „Џени“ била создадена од англичанецот Џејмс Харгривс



Едмунд Картрајт – изумител на механичкиот разбој

било механизирано. Со овие промени, рачните занаети постепено биле заменети со машинска работа, а текстилното производство се преселило од занаетчиските работилници во фабриките.

Најважната технолошка новина на Првата индустриска револуција била **парната машина**, усовршена од **Џејмс Ват**. Таа овозможила фабриките да работат независно од силата на реките и ветерот, бидејќи за погон се користела пареа добиена од јаглен. Парната машина најпрво почнала да се применува во фабриките и рудниците. Со неа производството станало побрзо, поевтино и во многу поголеми количини.


„Ракета“, една од првите парни локомотиви на светот (1829 година)

Парната машина имала силно влијание и врз сообраќајот. Почнале да се градат **паробр оди**, кои се движеле со помош на парна машина, па за разлика од бродовите на едра не зависеле од ветерот и временските услови. На тој начин, времето за патување значително се намалило. Тоа ги зајакнало врските меѓу далечни краишта и овозможило побрзо движење на стоки, луѓе и идеи.

На почетокот на XIX век се постигнал голем напредок и во копнениот сообраќај. Во 1825 година, англискиот инженер **Џорџ Стивенсон** ја пуштил во употреба првата јавна железничка линија на која се користеле **парни локомотиви**. Со тоа почнало брзо ширење на железницата. Наместо дотогашните бавни средства за превоз, како кочиите и товарните коли, парните локомотиви овозможиле побрзо, поевтино и побезбедно патување на долги растојанија.

### Идеите на модерниот свет

Кога се појавиле првите возови, населението немало претходно искуство со големи брзини. Дотогаш, најбрзиот копнен превоз била коњската кочија. Затоа многумина се плашеле дека телото нема да ја издржи брзината, а возовите можат да експлодираат или да излезат од шините.

Како што човештвото во XIX век се плашело од возовите, и денес постои страв од модерни технологии. Некои се плашат од вештачка интелигенција или од нови медицински постапки.

Историјата покажува дека новите изуми најчесто прво предизвикуваат страв, а потоа стануваат дел од секојдневниот живот.

**Од бродови на едра до паробр оди: колку се скрати времето на патување?**

| Релација | Бродови на едра | Паробр оди | Разлика |
|---|---|---|---|
| Лондон-Њујорк | 6-8 недели | 10-14 дена | 3 до 5 пати побрзо |
| Солун-Истанбул | 5-7 дена | 1.5-2 дена | 3 до 4 пати побрзо |

## Последици и отпор кон Првата индустриска револуција

Индустриските промени имале големо влијание врз економијата и секојдневниот живот. Развојот на фабриките овозможил нагло зголемување на градското население, процес познат како **урбанизација**.

Брзиот раст на градовите често бил проследен со тешки услови за живот. Во многу индустриски градови воздухот и водата биле загадени поради фабриките и согорувањето јаглен. Работниците најчесто работеле од 12 до 16 часа дневно и добивале многу ниски плати. Голем број семејства живееле во мали и пренаселени живеалишта, без соодветни санитарни услови и грижа за јавното здравје. Во фабриките често се вработувале и **жени и деца**, бидејќи нивната работа се плаќала помалку.

Кај дел од работниците се јавил страв дека поради машините ќе станат непотребни. Во почетокот на XIX век, во Велика Британија се појавиле работници познати како **лудисти**, кои уништувале машини, бидејќи верувале дека токму тие им ја одземаат работата.

Првата индустриска револуција донела големи промени во секојдневниот живот. Сè повеќе луѓе во Велика Британија и Западна Европа го напуштале животот на селата и работата на нивите и се насочувале кон градовите и фабриките. Со тоа почнал постепен премин од традиционалниот кон индустрискиот начин на живот, кој подоцна ќе се прошири и во други земји во Европа и светот.

**Истражувачки предизвик**

Лудистите го добиле своето име затоа што по уништувањето на машините, оставале писмени пораки во фабриките или работилниците, потпишани со името „Нед Луд“.

*Истражи дали Нед Луд бил вистинска историска личност.*



Детски труд во фабрика

**Провери го наученото:**

1. Зошто Првата индустриска револуција почнала во Велика Британија?
2. Наведи ги најважните изуми во Првата индустриска револуција.
3. Зошто дел од работниците се спротивставувале на машините за време на Првата индустриска револуција?

# Нацијата и националниот идентитет во Европа

## Народ и нација

Во поголемиот дел од минатото, **чувството на припадност** се доживувало поинаку отколку денес. Тоа најчесто било врзано за семејството, селото или градот, за верата или за владетелот. Така, доколку некој ги запрашал „што сте вие?“, луѓето најчесто одговарале: „Јас сум христијанин“, „Јас сум муслиман“, или „Јас сум поданик на кралот“.

Покрај тоа, постоело и чувството на припадност кон народ. **Народот** е заедница на луѓе кои имаат заеднички јазик, историја, култура и обичаи. Народите можеле да постојат и без своја држава и со векови да живеат во рамките на кралства или империи управувани од туѓи владетели.

Во XVIII и во XIX век, во Европа почнале да се шират нови идеи за државата и власта. Сè почесто се сметало дека државата не е лична сопственост на кралеви и цареви, туку дека таа треба да се гледа како држава на народот. Со тоа почнал процесот во кој кај дел од народите припадноста повеќе не се врзувала само за јазикот или обичаите, туку и за државата.

Во такви услови постепено се образувале нациите. **Нацијата** е заедница на луѓе кои својата припадност ја поврзуваат со идејата за заедничка држава. За разлика од народот, кој можел да постои и без своја држава и институции, кај нацијата државата станува важен дел од припадноста. Создавањето сопствена држава, или стремежот да се создаде сопствена држава, е тоа што ја разликува нацијата од народот.

Процесот на создавање на нациите не се одвивал истовремено. Некои од нив се создале кон крајот на XVIII и во текот на XIX век, а некои во XX век. Некои народи, пак, сè уште не се оформиле како нација.



Нацијата како замислена заедница на различни групи луѓе (мурал)



Британскиот премиер Вилијам Пит Помладиот (лево) и Наполеон Бонапарта (десно) симболично го делат светот, без да водат сметка за интересите на народите (карикатура)

**Дознај повеќе**

Историчарот Бенедикт Андерсон објаснил дека нацијата е „замислена заедница“. Тоа значи дека таа не е нешто што можеме да го видиме, туку е чувство на припадност што го споделуваат повеќе поединци. Тие најчесто не се познаваат лично, но сепак се чувствуваат како дел од иста заедница. Ова чувство најчесто се создава преку јазикот, образованието, книгите, симболите и историјата.

## Граѓанска и етничка нација

Во Европа во новиот век имало два главни начина на создавање на нациите. **Граѓанска нација** се создава кога луѓето се чувствуваат поврзани затоа што живеат во иста држава, ги почитуваат истите закони и имаат слични права и обврски. Типичен пример за граѓанска нација е Франција по Француската револуција. Таму, секој што го прифаќал уставот и законите се сметал за дел

од нацијата, без разлика на потеклото и јазикот. Така, државата имала клучна улога во создавањето на граѓанската нација.

Вториот начин е **етничката нација**. Тука најпрво постоел народ со заеднички јазик, култура и историја, но без сопствена држава. Такви народи најчесто живееле во рамките на големи империи, или во повеќе држави. Со текот на времето, кај нив се развила свест дека треба сами да ја уредуваат својата држава. Така, прво се создала нацијата, а подоцна и државата. Овој модел бил карактеристичен за Германија, Италија, повеќето балкански држави и за многу други земји.



Франција – типичен пример за граѓанска нација

## Причини за појавата на нациите и националниот идентитет

Нациите се оформиле под влијание на Француската револуција, Војните на Наполеон и Првата индустриска револуција.

**Француската револуција** ја потврдила идејата дека власта треба да му припаѓа на народот, а не на еден владетел. **Војните на Наполеон** ја пренеле оваа идеја низ Европа, но истовремено донеле и странска власт во освоените земји. Отпорот против туѓата власт, особено во Шпанија, германските и италијанските земји, го зајакнал уверувањето дека народот треба да се ослободи од неа и сам да ја уредува својата држава.

**Индустриската револуција** дополнително го засилила овој процес. Со развојот на железницата, припадници на ист народ од различни краишта сè почесто доаѓале во контакт и откривале дека зборуваат ист јазик и се соочуваат со слични проблеми. Поради тоа, постепено се зацврстувала идејата дека заедно треба да одлучуваат за прашања од заеднички интерес, што придонело за создавањето на нацијата.

Овие историски процеси создале услови за појавата на нациите, но **националниот идентитет** не се појавил спонтано. Тој се оформувал преку јазикот, културата, традицијата и образованието, а со текот на времето и под влијание на **националните идеологии**. Во XIX век, многу земји вовеле задолжително образование на службениот јазик на државата. Преку учебниците, книгите и весниците, населението учело за историјата на државата и националните херои. Народните песни, обичаи и празници биле прикажувани како симболи на заедничка припадност кон нацијата.

### Минатото во сегашноста

Денес во Швајцарија живеат луѓе со различно етничко потекло. Во државата се зборуваат германски, француски и италијански јазик, а нема еден заеднички јазик што го зборуваат сите жители. И покрај тоа, населението се чувствува како дел од иста нација.

Како и денес, и во XIX век чувството за припадност во Швајцарија не се темелело на заедничко потекло или еден јазик, туку на заедничката држава, заедничките закони и заедничките вредности.

*Дали Швајцарија е пример за граѓанска, или за етничка нација?*

### Непознати зборови и термини

**Национален идентитет** - Чувство на припадност кон една нација.

**Национална идеологија** - Збир на идеи со кои се објаснува што ја поврзува една нација и зошто таа има, или сака да има, своја држава. Понекогаш националните идеологии се наметнувале на други народи, особено преку образованието, културните и црковните установи.



Прослава на национален празник во Париз во XIX век



„Германија“ – симболичен приказ на германската нација во XIX век



Сликата „2 мај 1808 година“ од Франсиско Гоја го прикажува отпорот на шпанскиот народ за време на Војните на Наполеон

## Национализмот

Со појавата на нациите се развил и **национализмот** – идеологија според која припадноста и лојалноста кон сопствената нација и држава се ставаат пред другите лични или групни интереси.

Во многу случаи, национализмот имал **позитивна улога**. Тој придонел народите да се обединат во борбата против странската власт, да го зачуваат својот јазик и култура и да создадат современи држави.

Сепак, национализмот имал и **негативни последици**. Кога чувството на припадност се претворало во уверување дека сопствената нација е поважна од другите, тоа водело кон нетрпеливост, судири и војни. Во Европа, ваквите судири меѓу нациите станале една од причините за големите војни во XX век.

Поради појавата и ширењето на националните идеи и движења, XIX век често се нарекува **ера на национализмот**.

### Дознај повеќе

Национализмот не треба да се поистоветува со патриотизмот. Патриотизмот значи љубов и грижа за сопствената земја, јазик и култура, без желба тие да се наметнуваат на други луѓе. Национализмот, пак, може да се претвори во уверување дека сопствената нација треба да биде над другите, што често води кон судири.

### Провери го наученото:

1. Што е „нација“ и по што се разликува од „народ“?
2. Објасни ја разликата меѓу граѓанска и етничка нација!
3. Која била позитивната улога на национализмот и кои негативни последици можел да ги предизвика?

# Науката и културата во Европа и светот од средината на XVII до средината на XIX век

Во средниот век некои научници, како Никола Коперник и Галилео Галилеј, искажале сомнеж кон старите објаснувања за природата и вселената. Нивните истражувања покажале дека дел од прифатените учења не се точни, што ги довело во судир со црквата.

Во новиот век постепено се развил **научниот метод**, кој станал темел на современата наука. Тој се засновал на проверка на фактите преку набљудување и експерименти. Секое тврдење најпрво требало да се провери и докаже, а дури потоа да се прифати како точно.

Ова довело до развој на науката и до нови откритија, кои нашле практична примена во индустријата, медицината и многу други области. Поради големите промени што ги донел во науката и секојдневниот живот, овој процес е познат како **Научна револуција**.



Експеримент во XVIII век



Исак Њутн

## Научните откритија и нивната примена

Некои европски владетели во новиот век увиделе дека научните знаења можат да придонесат за развојот на армијата, индустријата и економијата. Во повеќе европски држави се основале научни друштва, академии и опсерватории. Со тоа, државата почнала да вложува во науката, а научниците стекнале поголем углед во општеството.

Еден од најзначајните научници во новиот век бил **Исак Њутн**. Тој покажал дека природата функционира според јасни закони што важат насекаде. Неговите идеи станале основа на науката, а од крајот на XVIII и во текот на XIX век почнале сè пошироко да се применуваат во техниката и индустријата, особено за време на Индустриската револуција.

Кон крајот на XVII век почнал постепен развој на биологијата како наука. Благодарејќи на **микроскопот**, истражувачите откриле дека постојат микроорганизми што дотогаш биле непознати. Овие откритија придонеле

### Ако ти беше таму...

Замисли дека живееш некаде во Европа околу 1650 година.

Нема улично осветлување, нема возови и автомобили, нема вакцини. Домовите се осветлуваат со свеќи. Патувањата се бавни и опасни. Ретко кој заминувал подалеку од соседниот град. Болестите често биле смртоносни. Во градовите, водата за пиење не била чиста, а отпадот се фрлал на улица или во блиската река. Улиците во најголем дел биле земјени и калливи. Природните појави, како громовите, сушите или епидемиите се објаснувале како казна од Бога или нешто натприродно.

*Што во секојдневниот живот во 1650 година би ти било најтешко и зошто?*

*Што мислиш дека најмногу се сменило во следните двесте години? Наведи два примера!*



Едвард Џенер ја изведува првата вакцинација врз осумгодишниот Џејмс (1796 г.)



Микроскоп од XVII век

болестите сè почесто да се објаснуваат со природни причини, наместо како последица на божја казна или „лош воздух“ кој доаѓал од мочуришта, нечистотија и распаѓање на отпад.

Во втората половина на XVIII и во првата половина на XIX век, напредокот на **хемијата и медицината** овозможил поефикасно лекување и спречување на болести. Од особено значење било откривањето на првата успешна вакцина против сипаници, со што биле спасени илјадници животи.

Во XIX век науката имала масовна примена во секојдневниот живот. Како што видовме во една од претходните лекции, парната машина и развојот на железницата овозможиле побрзо производство и поефикасен транспорт на луѓе и стоки. Научните изуми овозможиле и раст на градовите, кои станале средишта на образованието, културата и уметноста.

## Дознај повеќе

**Генијалците и нивните откритија**

1668-1674 – Антони ван Левенхук изработувал сопствени микроскопи и прв ги набљудувал микроорганизмите.

1687 – Исак Њутн ги објавил трите закони на движење и универзална гравитација.

1774-1777 – Антоан Лавоазје го објаснил и именувал кислородот и ги поставил темелите на модерната хемија.

1796 – Едвард Џенер ја извршил првата успешна вакцинација против сипаници.

1800 – Алесандро Волта ја создал првата електрична батерија.

1831 – Мајкл Фарадеј ја открил електромагнетната индукција.



Плоштадот Трафалгар во Лондон околу 1835 година

## Поврзи го знаењето

Разговарај со наставникот по физика и дознај на кои начини откритијата на Исак Њутн, Алесандро Волта и Мајкл Фарадеј придонеле за подобрување на животот во минатото и денес.

*Запиши најмалку два примера!*

Разговарај и со наставникот по хемија и дознај како откритието на Антоан Лавоазје влијаело врз развојот на науката и секојдневниот живот?

*Наведи еден пример.*

## Културата и уметноста до средината на XIX век

Околу 1650 година, културата и уметноста во Европа биле тесно поврзани со власта и црквата. Уметничките дела најчесто прикажувале владетели и верски сцени. Во XVIII и XIX век, под влијание на Просветителството и со развојот на образованието и печатарството, културата станала подостапна за поширок круг луѓе. Таа почнала да обработува теми од секојдневниот живот, со сè поголемо внимание кон обичниот човек.



Класицизам – „Влегувањето на Александар во Бабилон“ од Шарл Лебрен

Овие промени биле најјасно видливи во уметноста. Во XVIII век доминирал **класицизмот**. Уметниците се инспирирале од теми од антиката, во кои фигурите се прикажани без нагласени емоции.

На крајот на XVIII век се појавил **неокласицизмот**. Во уметноста се прикажувале важни државни и политички настани од минатото, но и од времето во кое живееле уметниците. Такви дела создавал сликарот **Жак-Луј Давид**, чие творештво било тесно поврзано со Француската револуција.

Во XIX век се развил **романтизмот**. Во овој правец во сликарството, уметниците го ставале во преден план чувството, а централни теми станале природата, слободата и народот.

Големи промени се случиле и во **музиката**. До почетокот на XVIII век, композиторите најчесто работеле по нарачка и создавале музика за црквата и кралските дворови. Со текот на времето, музиката станала подостапна за пошироката јавност и почнале да се одржуваат концерти, отворени за публика од различни општествени слоеви. Композиторите добиле поголема слобода во изразот, што јасно се слуша во делата на **Волфганг Амадеус Моцарт** и пред сè во музиката на **Лудвиг ван Бетовен**.

Во XVIII и на почетокот на XIX век, **литературата** добила нова публика. Поради порастот на писменоста, сè повеќе луѓе знаеле да читаат. Книгите станале подостапни. Наместо за владетели и религиозни теми, писателите почнале да пишуваат за секојдневниот живот и за обичниот човек. Романот се наметнал како важен литературен жанр, а историските настани во романите често се прикажувале преку приказни за народот и неговите јунаци. Големо влијание во развојот на романот имале авторите **Даниел Дефо** и **Валтер Скот**.



Неокласицизам – „Наполеон ги преминува Алпите“ од Жак-Луј Давид

### Дознај повеќе

Бетовен првично ја замислил својата Трета симфонија како посвета на Наполеон Бонапарта, кого го гледал како симбол на слободата. Кога во 1804 година дознал дека Наполеон се прогласил за император, Бетовен ја избришал посветата на ракописот и извикал: „Наполеон е обичен тиранин“.

*Што ни покажува примерот со Бетовен за односот меѓу композиторите и власта во новиот век?*

Со ширењето на писменоста и културата, се развил и јавниот културен живот. **Весниците** станале главен извор на информации. **Театрите и музеите** прераснале во места каде што граѓаните се собирале, учеле и разменувале идеи. Така се создала **јавна култура** во која културниот живот повеќе не бил привилегија на мал број луѓе.



Волфганг Амадеус Моцарт со сестра му Марија Ана

## Националната култура

Културата одиграла значајна улога во **создавањето на нациите**. Многу образовани луѓе верувале дека секој народ има свој „народен дух", кој најјасно се препознавал во говорот, народните песни, приказните и обичаите што се пренесувале од поколение на поколение. Во повеќе европски земји почнало собирање и запишување народни песни и приказни. Она што дотогаш се сметало за обично народно творештво, постепено станало дел од **националната култура**.



Браќата Грим

### Минатото во сегашноста

Во почетокот на XIX век, браќата Грим собирале и запишувале народни приказни што дотогаш се пренесувале усно од поколение на поколение. Тие патувале, разговарале со луѓе од различни краишта и внимателно ги бележеле народните приказни и преданија. Иако тогаш не постоела обединета германска држава, овие приказни придонеле да се создаде културна поврзаност меѓу Германците.

*Кои приказни од браќата Грим ги знаеш?*

*Зошто приказните што настанале пред повеќе од двесте години сè уште се читаат и денес?*

### Провери го наученото:

1. Што подразбираш под научна револуција?
2. Кои биле најважните научни откритија од средината на XVII до средината на XIX век?
3. Кои главни промени се случиле во културата и уметноста до средината на XIX век?

2

# БАЛКАНОТ и МАКЕДОНИЈА од XVIII век до ГОЛЕМАТА ИСТОЧНА КРИЗА



# Османлиската Империја и Балканот до Источната криза

## Империјата во криза

Во текот на XVIII и XIX век, Османлиската Империја се соочила со голема криза на внатрешен и надворешен план. Поради распадот на тимаро-спахискиот систем, државата ја изгубила својата победоносна армија. Тоа резултирало со низа **воени порази** и **трајно губење територии**.

Империјата почнала значително да заостанува зад европските трендови. Благодарејќи на индустриската револуција, западните држави станале поразвиени и побогати. Додека во Европа феудализмот пропаѓал и се појавувале идеите на просветителството, Османлиската Империја останала заробена во своите средновековни институции. Јаничарскиот корпус, кој во минатото бил ударна сила на османлиската војска, се претворил во пречка за модернизација на самата држава. Јаничарите кревале **бунтови** и менувале султани што не им одговарале.

Истовремено се засилиле **ослободителните движења** кај потчинетите народи. Поради воените неуспеси, Империјата постојано се задолжувала кај европските држави. Тоа резултирало со **банкрот на државата** и губење на нејзината економска независност. Европските сили го користеле слабеењето на Империјата за да се мешаат во нејзините внатрешни работи. Огромната територија на три континенти почнала полека да се распаѓа, а таквиот распад траел до почетокот на XX век.



Банкет на султанот во чест на јаничарите (минијатура) – прифаќањето на храната симболизирало лојалност на јаничарите кон султанот, а одбивањето често значело почеток на бунт

**Дознај повеќе**

Поради кризата во која се нашла Османлиската Империја, рускиот цар Николај I ја опишал државата како *„Болниот на Босфорот“*.

## Време на ајаните

Користејќи ја слабата централна власт и хаосот во државата, повеќе локални феудалци успеале да зајакнат и да се збогатат. Тие почнале да се однесуваат како самостојни господари на областите кои биле под нивна контрола. Овие локални моќници биле наречени **ајани** (првенци). Тие имале сопствена војска, а за проширување на своите територии меѓусебно војувале. Државата немала никаква контрола врз нив.

Такви полунезависни локални феудалци имало во повеќе региони. Во Северозападна Албанија се зацврстило семејството **Бушатлии**, додека на југ, со центар во Јанина, управувал **Али-паша Јанински**. Во Македонија

**Истражувачки предизвик**

Обиди се на интернет да пронајдеш податоци за Тетовското Кале!

Истражи и одговори:

*Чија тврдина било Тетовското Кале во времето на ајаните?*

*Зошто и од кого била разурната тврдината?*



Хавзипашини конаци – дел од имотот на скопскиот ајан Хавзи-паша

едни од најпознатите ајани биле **Џеладин-бег** кој владеел во Охридско и **Исмаил-бег** во Серската област. Државата во повеќе наврати презела походи за справување со овие проблеми, но сите тие завршиле безуспешно.

## Реформи во државата

Како резултат на воените порази, економската криза и безредието кои ја зафатиле Империјата, османлиските султани пристапиле кон реформи за средување на состојбите во државата. Тоа било долг и сложен процес, проследен со голем број бунтови и отпор на дел од населението. Првите такви обиди се случиле кон крајот на XVIII век. Поради отпорот кон реформите, султанот Махмуд II жестоко **се пресметал со ајаните** и **го укинал јаничарскиот корпус**.

Во 1839 година, султанот Абдул Меџит I го објавил т.н. **Ѓулхански хатишериф**. Со овој документ за првпат била прогласена **еднаквост на сите поданици на државата**, без разлика на нивната вера, народност и социјален статус. На тој начин почнала ерата на реформи, кои биле наречени **Танзиматски реформи**.

За продлабочување на реформите во Империјата, во 1856 година бил издаден т.н. **Хатихумајун**. Овој документ бил донесен под влијание на европските сили. Со него биле проширени граѓанските права и слободи. Била прогласена **слобода на вера и слобода на мисла**. Се дозволило постоењето на други црковни институции покрај Цариградската патријаршија.

Во духот на овие реформи, христијанското население во Македонија почнало да се организира во самостојни **црковно-училишни општини**. Тие се грижеле за изградба и одржување на цркви, училишта и други објекти од ја-



Султанот Абдул Меџит I – портрет од 1850 година

**Минатото низ извори**

*„Животот, честа и имотот на сите поданици на нашата држава се ставени под заштита на законот, и никој нема да биде казнет или погубен без јавно судење и праведна постапка.“* - **Извадок од текстот на Ѓулханскиот хатишериф**

*Кои три нешта султанот гарантирал дека ќе ги заштити со закон?*

*Како требало да се казнуваат луѓето според овој документ?*

*За кого се однесувале овие одредби?*



Ѓулхане паркот („Паркот на розите“) во Истанбул – местото каде бил објавен Ѓулханскиот Хатишериф

вен карактер, како и за развој на црковниот и образовниот живот на населението. Истовремено, со Хатихумајунот биле предвидени и низа мерки во сферата на **судството**, **администрацијата** и **даночниот систем**. Сепак, голем дел од овие реформи никогаш не биле целосно спроведени.

Во рамките на процесот на реформирање на државата биле извршени промени во административното уредување. Османлиската Империја била поделена на **вилаети**, кои понатаму се делеле на санџаци и кази. Со текот на времето, територијата на османлиска Македонија била опфатена во три вилаети: **Солунски**, **Битолски** и **Косовски** (Скопски).

Сите обиди за реформирање имале само делумен успех. Тие најчесто биле донесени под притисок на европските држави или за надминување на актуелни проблеми, без вистинска намера за промени. Поради тоа, Османлиската Империја продолжила да опаѓа.

Сепак, преку реформите се создале услови за влез на капиталистичките односи во државата. Исто така, како резултат на реформите кај немуслиманското население се појавила **граѓанска класа**, често позната под името **чорбаџии**. Оваа класа подоцна станала носител на националното будење кај потчинетите народи и го поставила прашањето за политичките слободи во државата.



Мехмед Емин Али-паша – османлиски голем везир, еден од главните креатори на Хатихумајунот

**Дознај повеќе**

Во рамките на Танзиматските реформи, Османлиската Империја за првпат добила голем број елементи на модерна држава. Биле воведени министерства и министерски совет (влада). Исто така, биле формирани и првите редовни дипломатски претставништва на Империјата во другите држави. Државата добила свое знаме и химна.

## Развој на чифлигарскиот систем

Во средината на XIX век, османлиската држава го укинала дотогашниот тимаро-спахиски систем и го озаконила новиот **чифлигарски систем.** Според него, било гарантирано правото на **приватна сопственост** врз земјата, за разлика од претходно кога султанот во име на Бога управувал со целата земја. Лицата кои биле сопственици на земја (чифлик) биле наречени **чифликсајбии**, додека оние кои ја обработувале земјата се нарекувале **чифлигари**.

Чифлигарите ја обработувале земјата во замена за одреден дел од родот или пари, по претходен договор со чифликсајбијата. Иако имале право да го напуштат својот чифликсајбија и да заминат кај друг или во градот, тие биле **економски зависни** од чифликсајбијата и тоа ретко се случувало. Во почетокот чифликсајбии



Чифлик

станувале поранешните спахии, но со развојот на трговијата и лихварството се појавиле чифликсајбии и од редовите на немуслиманското население.

## Големата источна криза

Во седумдесеттите години на XIX век, незадоволството на потчинетите народи на Балканот достигнало нови размери. Под влијание на европските држави се засилиле ослободителните движења. Почнала криза, која во историјата е позната како **Големата источна криза** (1875-1878). Таа го зафатила поголемиот дел од Балканскиот Полуостров и била проследена со повеќе ослободителни **востанија** и **војни**. Голем дел од овие настани биле поттикнати од **Австро-Унгарија** и **Русија**.

Источната криза завршила со **Берлинскиот конгрес** во 1878 година. Таму Османлиската Империја загубила значаен дел од своите владенија на Балканот. Србија, Црна Гора и Романија станале **самостојни држави**. Австро-Унгарија добила право да ја окупира Босна и Херцеговина. На просторот северно од Стара Планина се формирало автономно **Кнежевство Бугарија**. Јужно од неа била формирана автономната провинција **Источна Румелија**, која формално останала под власт на султанот. Османлиската власт останала реалност во **Македонија**, **Косово**, **Албанија** и **Одринско**.




Османлиските вилаети во Европа пред почетокот на Големата источна криза (1875 г.)



Битка на Србите со Османлиите во Српско-турската војна (1876 г.)

**Провери го наученото:**

1. Зошто Османлиската Империја почнала обиди за реформирање? Наведи неколку позначајни реформи!
2. Опиши го чифлигарскиот систем!
3. Кои биле резултатите од Големата источна криза за Османлиската Империја?

# Европските сили и Балканот во XIX век

Балканскиот полуостров, со својата положба, одамна бил мост меѓу истокот и западот. Поради тоа, многу сили сакале да го контролираат. **Балканот** не бил важен само поради својата местоположба, туку и поради богатата историја. Затоа, тој го привлекувал вниманието на бројни патеписци, научници, новинари и дипломати. Тие го посетувале со цел да се запознаат со состојбите во регионот и со народите кои живееле во него.

На почетокот на XIX век, Балканот бил поделен меѓу Османлиската Империја и Хабсбуршката Монархија. Заслабувањето на Османлиите овозможило поголемо вмешување на **Големите сили** во регионот. Секоја од нив имала свои интереси, кои често биле спротивставени едни на други.

Така, **Русија** имала интерес да контролира делови од полуостровот за да обезбеди излез на Средоземното Море. **Велика Британија** сакала да се зачуваат османлиските поседи во регионот поради контрола на копнениот пат кон Индија. **Хабсбуршката Монархија** немала поседи и колонии надвор од Европа, па единственото место каде можела да го шири своето влијание бил Балканот. **Франција** од порано имала интереси во овој регион. Кон крајот на векот, интерес за Балканот покажале и новите европски сили – **Германија и Италија**.

### Дознај повеќе

На почетокот на XIX век, Аугуст Цојне го употребил изразот Балкан за да го означи полуостровот. Така почнало именувањето на овој дел од европскиот континент. Самиот израз е од турско потекло, а за неговото значење постојат различни толкувања. Подоцна се појавил терминот Југоисточна Европа како друго име за полуостровот.

### Непознати зборови и термини

**Големи сили** - Најмоќните европски држави во XIX и на почетокот на XX век. Во втората половина на XIX век, терминот Големи сили се однесува на следните држави: Велика Британија, Франција, Русија, Германија, Хабсбуршката Монархија и Италија.



Дубровник во минатото (3D реконструкција)

## Наполеон и Балканот

Кон крајот на XVIII век, во западните делови на Балканскиот полуостров дошла француската армија. Тогаш биле **укинати Венецијанската и Дубровничката република**. Французите зазеле голем дел од јадранскиот брег, од Бока Которска до Трст. Иако биле окупатори и странска сила, со својата политика тие ги стекнале симпатиите на локалното население, од кое добиле одредена поддршка.

Новите француски власти **ги укинале феудалните институции**, со што се намалиле обврските на селаните. Исто така, биле направени многу реформи кои оделе во прилог на посиромашниот дел од населението. Повеќе внимание било посветено на **образованието**. Отворале училишта и работеле на описменување на населението, кое во најголем дел било неписмено. Во областа на **здравството**, Французите вовеле вакцинација, што претставувало новина за овој дел од Европа. Нивното владеење не траело долго, но француското присуство оставило длабока трага и придонело за ширење на нови идеи на Балканот.



Огист де Мармон – командант на француските сили во Далмација

### Идеите на модерниот свет

За време на француското владеење со делови од Балканот, локалното население за првпат видело училишта од модерен тип и се запознало со процесот на вакцинација.

*Објасни како овие новини влијаеле врз секојдневниот живот.*

## Големите европски сили и Османлиската Империја

Иако француската војска го напуштила Балканот по падот на Наполеон, интересот на европските сили за овој дел од Европа не исчезнал. Напротив, слабеењето на османлиската држава создало услови за нивно повторно вмешување во регионот.

Востанијата во Србија и Грција им дале можност на европските сили поактивно да влијаат врз настаните на Балканот. Русија се ангажирала на страна на српските востаници. Како резултат на оваа поддршка и на рускиот притисок, **Србија добила автономија**, односно право на самоуправување во рамките на Османлиската Империја. Слично се случило и со востанието во Грција. За време на Грчкото востание, Велика Британија, Русија и Франција се вмешале на страната на Грците. Благодарение на нивната поддршка, **Грција станала независна држава** во 1830 година.

Во текот на XIX век, Големите сили често се мешале во внатрешните работи на Османлиската Империја. Во 1833 година, Русија им пружила воена помош на Ос-



Европските сили и поделбата на Османлиската Империја

манлиите за време на судирот со египетскиот владетел Мухамед Али. Поради тоа, султанот морал да потпише договор со Русија, според кој таа добила големи повластувања во османлиската држава.

Сепак, односите меѓу Русија и Османлиската Империја постепено започнале да се влошуваат. Дваесет години подоцна меѓу овие држави избувнала **Кримската војна**. Во оваа војна Османлиската Империја била во сојуз со Велика Британија и Франција.

Русија доживеала пораз, но победата во војната имала висока цена и за Османлиската Империја. За да ги покрие воените трошоци, таа морала да направи многу економски отстапки кон своите сојузници. Во тоа време била основана **Отоманската банка**, во чие управување активно учествувале француски и британски банкари. Преку оваа банка османлиската држава почнала постојано да се задолжува и постепено станала финансиски зависна од европските сили.

По поразот во Кримската војна, Русија постепено се враќала како влијателна сила на Балканот. Следната можност за нејзино вмешување во настаните во регионот била **Големата источна криза**. Востанијата во Босна и Херцеговина и во Бугарија довеле до нова војна помеѓу Русија и Османлиската Империја. Русија победила и го наметнала **Санстефанскиот мировен договор**, кој предвидувал создавање на голема **бугарска држава**.

Договорот предизвикал незадоволство кај другите европски сили, особено кај Велика Британија и Австро-Унгарија, кои се спротивставувале на преголемата руска моќ на Балканот. Поради тоа, во 1878 година бил одржан **Берлинскиот конгрес**, на кој биле изменети одлуките од Сан Стефано.

## Европските сили и новите балкански држави. Мешање и влијание

Европските сили, поради своите интереси, помогнале во создавањето на Србија, Грција и Бугарија. По создавањето на овие држави, тие сакале да имаат влијание врз нивните владетели. Во Грција, таква борба се водела меѓу Велика Британија, Франција и Русија. Со текот на времето, руското влијание во Грција ослабело. Слично било и во Србија, каде што Русија и Австро-Унгарија се натпреварувале која ќе има поголемо влијание врз српската политика.



Мухамед Али

**Поврзи го знаењето**

Потсети се кои одлуки биле донесени на Берлинскиот конгрес.



Остин Хенри Леард – британски археолог и амбасадор во Цариград



Бугарскиот кнез Александар Батенберг



Бенјамин Калај – австроунгарски државник и дипломат

Балканските владетели понекогаш се спротивставувале на барањата на европските сили. Така, бугарскиот кнез **Александар Батенберг** не ги слушал секогаш руските барања, иако дошол на таа позиција со помош на Русија. Ваквите потези предизвикувале силни реакции од Големите сили.

Сепак, мешањето на европските сили имало и позитивни последици. Во образованието, новите балкански држави воведувале современи европски наставни програми. Многу млади луѓе се школувале на **најдобрите европски универзитети**. По враќањето во своите земји, тие го пренесувале своето знаење таму.

Слично било и во културата, која била под силно европско влијание. Во градовите се прифаќале **европската култура и мода**, но **народната традиција** не била целосно напуштена.

### Минатото во сегашноста

За време на Кримската војна, Франција и Велика Британија не се согласувале со политиката на грчката влада. Поради тоа, го окупирале пристаништето Пиреја и го принудиле грчкиот крал Отон да ја смени постојната влада.

*Што ни покажува овој пример за односот меѓу Големите сили и малите држави на Балканот? Што мислиш, дали и денес големите држави можат да влијаат врз одлуките на помалите.*

### Провери го наученото:

1. Зошто Балканскиот полуостров бил важен за европските сили?
2. Наведи две промени што Французите ги воведе за време на своето владеење на делови од Балканот.
3. Кои балкански држави биле создадени со помош на Големите сили?

# Востанијата во Србија и Грција

Во XVIII и на почетокот на XIX век, во Европа се прошириле идеите на Просветителството. Преку **трговците и образованите луѓе**, овие идеи постепено стигнале и до Србите и Грците.

Во исто време, османлиската држава слабеела, а на Балканот се развивале трговијата и занаетчиството. Во нив сè поголема улога имало немуслиманското население. Овие занаетчии и трговци станале дел од богатата и образована **граѓанска класа**. Некои млади Срби и Грци, кои потекнувале од побогати семејства, заминале на **школување во Западна Европа и Русија**. Таму се запознале со новите идеи и почнале да мислат за иднината на своите народи.



Адамантиос Кораис

## Првото српско востание

Во почетокот на XIX век, најголемиот дел од Србите под османлиска власт живееле во областа позната како **Белградски пашалак**. Слабеењето на Империјата значело и слабеење на контролата врз државната територија. Ваквата ситуација ја искористиле јаничарите, кои воделе сурова власт во Белградскиот пашалак. Тоа довело до незадоволство и чести бунтови.

Големото незадоволство на српското население довело до избувнување на **Првото српско востание**, кое почнало во 1804 година, во Орашац. На чело на востанието бил **Караѓорѓе Петровиќ**. Востанието најпрво било насочено против јаничарите, а не против султанот.

**Дознај повеќе**

Грчките и српските просветители сметале дека само преку образование народот може да се избори за слобода и да изгради сопствена држава. Најпознат грчки просветител бил Адамантиос Кораис, а кај Србите се истакнал Доситеј Обрадовиќ. Покрај нив, кај двата народи дејствувале и други просветители. Тие придонеле во ширењето на образованието и пренесувањето на новите европски идеи меѓу своите народи.



Првото српско востание – Битката кај Мишар (1806 г.)



Караѓорѓе Петровиќ

На почетокот, српските востаници постигнале значајни успеси и ослободиле неколку градови. Тоа ги охрабрило да ја прошират борбата и да се судрат со централната власт. По неколку воени победи, султанот бил принуден да прифати преговори. Со **Ичковиот мир** од 1807 година, на Србите им била призната **ограничена автономија**.

Во востанието се вмешала Русија, водена од сопствени интереси. Таа се наоѓала во војна со Османлиите и ѝ било важно српските востаници да настапуваат на нејзина страна. Русија ги убедувала востаниците да го отфрлат постигнатиот мир со османлиската држава, ветувајќи им поддршка. Караѓорѓе Петровиќ го прифатил рускиот предлог. Тоа се покажало како грешка.

Во Европа, Наполеон Бонапарта се подготвувал за походот кон Русија. Поради тоа, во 1812 година, во Букурешт, Русија склучила мировен договор со Османлиската Империја. Султановата војска, искористувајќи ја променетата состојба, ја нападнала востаничка Србија. **Востанието било задушено**, а Караѓорѓе и голем број востанички водачи ја напуштиле земјата.

## Второто српско востание

По задушувањето на востанието, Османлиите го вратиле суровиот начин на владеење над Србите, кој и претходно бил причина за бунтови и незадоволство.

Во исто време, дел од кнезовите кои останале во Србија по Првото српско востание чекале можност за нова акција против Османлиите. Еден од тие кнезови бил **Милош Обреновиќ**. Користејќи го незадоволство-



Јован Раиќ – српски писател и историчар од XVIII век

### Минатото низ извори

Милош Обреновиќ бил вешт и мудар политичар, кој знаел кога да покаже сила, а кога покорност кон Османлиите.

Според некои извори, османлискиот управник во Белградскиот пашалак, Сулејман паша Скопљак, рекол: *„Видете го овој мал кнез. Како сега се прави мирен и покорен, а јас од него бегав неколкупати, не знаејќи на каде да се дадам, па на крај и раката ми ја повреди.“* Кога на Милош му ја покажал ранетата рака со зборовите: *„Ти ми го направи ова“*, Милош му одговорил: *„Јас ќе ја позлатам, честити пашо.“*



Прогласување на Второто српско востание во Таково



Милош Обреновиќ

то од османлиската управа, во 1815 година тој го организирал **Второто српско востание**, кое почнало во Таково.

Востаниците постигнале неколку победи. Милош дејствувал внимателно и претпазливо. Османлиската држава, согледувајќи ја променетата состојба во Европа и можноста за руска интервенција во корист на Србите, се согласила да почне преговори со Милош за мир.

Милош со итрина, вештина и внимателно политичко дејствување, во 1830 година успеал да издејствува согласност од султанот Србија да стане **автономно наследно кнежевство**.



Ригас Велестинлис

## Грчкото востание

Условите за востание во грчките земји биле поповолни отколку во Србија. Грците веќе развиле јасна идеја за ослободување од Османлиите. Големо влијание врз оформувањето на грчката ослободителна идеја имал **Ригас Велестинлис**. Тој бил под силно влијание на Француската револуција и во своите дела се залагал за создавање држава во која балканските народи би биле еднакви.

Со текот на времето биле создадени повеќе тајни здруженија со цел ослободување на Грција. Најпознато и највлијателно било здружението **Филики Етерија** (Друштво на пријатели), основано во 1814 година во градот Одеса. Оваа организација создала тајна мрежа низ османлиската држава и се подготвувала за големо востание.

Востанието првично требало да почне на Пелопонез, но дел од членовите на организацијата, на чело со **Александрос Ипсилантис**, најнапред кренале бунт во Влашка и Молдавија. Овој обид брзо бил задушен од османлиската војска.

Во март 1821 година на **Пелопонез** избувнало **големо востание**. За кратко време тоа се проширило и во други области. Османлиската војска не успеала веднаш да го задуши востанието.

За разлика од српските востанија, Грците добиле силна поддршка од европските народи. Во Западна Европа и Русија се развило силно движење за поддршка на грчкото востание.



Прогласување на востанието на Пелопонез во март 1821 година

### Ако ти беше таму...

Замисли дека живееш на Пелопонез во 1821 година. Тогаш немало интернет, телефони или телевизија.

Еден ден, од далечина се слушаат пукотници. Возрасните зборуваат тивко. Некои се радуваат, други се плашат. Луѓе доаѓаат од соседните села, но никој сè уште не знае што точно се случува.

*Како би дознал/а што се случува? Што мислиш, како се ширеле информациите во 1821 година на Балканот?*



Битката кај Наварино

Османлиите не биле во состојба сами да се справат со востаниците. Поради тоа, побарале помош од Египет. Здружената османлиско-египетска војска почнала успешни воени дејствија против востаниците. Востанието било на раб да биде задушено, што предизвикало вмешување на Големите сили.

Во 1827 година, здружената британска, руска и француска флота ја поразила османско-египетската флота кај **Наварино**. По овој настан, под силен притисок на Големите сили, Грција во 1830 година добила самостојност и станала **првата независна христијанска држава на Балканот**.

### Поврзи го знаењето

Организацијата Филики Етерија постепено го проширила своето делување и на другите делови на Балканот. Целта била да се крене, доколку е можно, големо општобалканско востание. Филики Етерија го користела слоганот „Слобода или смрт", познат од Американската војна за независност. Истиот слоган подоцна бил користен и од Македонската револуционерна организација.

*Која заедничка идеја изразена преку слоганот „Слобода или смрт" ги поврзува Американската војна за независност, Филики Етерија и Македонската револуционерна организација?*

### Провери го наученото:

1. Кога, како и зошто почнало Првото српско востание?
2. Која е разликата помеѓу Првото и Второто српско востание?
3. Со чија помош грчкото востание доживеало успех?

# Автономна Србија

По добивањето автономија, во Србија почнало организирање и градење на новата држава. Таа сè уште не била независна, бидејќи на хартија останувала под власт на Османлиската Империја. Земјата ја управувал наследен **кнез**, а покрај него постоел и **Совет** (група највлијателни луѓе кои му помагале во владеењето) како важен државен орган.

Во овој период дел од муслиманското население се иселило, поради промените во власта и несигурноста во регионот, додека дел останало во околината на шесте османлиски гарнизони (војнички утврдени места) што сè уште се наоѓале на нејзината територија.

## Србија во време на Милош Обреновиќ

На чело на Србија бил кнезот **Милош Обреновиќ**, водач на Второто српско востание. Тој владеел апсолутистички: најважните одлуки ги носел сам и не сакал да ја дели власта со другите. Често ги отстранувал противниците, што предизвикало незадоволство и бунтови; тие биле задушени, но незадоволството не исчезнало.

Србија била сè уште недоволно развиена држава и немала целосна независност. **Писменоста** на населението била **многу ниска**. Самиот кнез Милош бил неписмен, но бил итар, практичен и политички вешт. Тој им дозволил на Србите што живееле во Австрија да помог-



Белград во XIX век

### Дознај повеќе

По повод отворањето на австрискиот конзулат во Белград бил организиран концерт на оркестар испратен од Виена. Кнезот Милош ги поканил најугледните луѓе и седнал до австрискиот конзул. Додека траел концертот, Милош се зачудил од начинот на кој свиреле музичарите. Забележал дека некои свират, а некои во тој миг не. Тогаш прашал: зошто сите не свират истовремено? Конзулот му објаснил дека така е вообичаено во европската музика. Милош одговорил дека тој ги платил сите да свират и дека така мора да биде!

Концертот накратко бил прекинат, а потоа продолжил така што сите музичари свиреле постојано.



Милош Обреновиќ на постари години

### Непознати зборови и термини

**Конзул** - Претставник на една држава во друга држава, кој ги штити интересите на својата држава и на нејзините државјани пред властите во земјата домаќин.

**Регентство** - Привремен орган во монархиите, составен од едно или повеќе лица, кој го заменува владетелот додека да стане полнолетен, во случај на привремена спреченост, или додека не се избере нов владетел.

нат во создавањето на првите српски државни и образовни институции. Тие биле лекари, правници, учители и офицери и со своето знаење и искуство придонеле за развојот на државната управа, образованието и културата во српското кнежевство. Исто така, биле испраќани млади момчиња на школување низ Европа.

Милош во одредени ситуации се покажал како вешт политичар. Тој успеал да издејствува автономија на **Српската православна црква** во рамките на кнежевството. Сепак, неговата политичка вештина често не се совпаѓала со начинот на кој владеел. Во државата се појавил силен отпор од помлади политичари, кои барале ограничување на неговата власт. Поради тоа, Милош бил принуден да се согласи на донесување на два устава за само три години. Вториот устав, донесен во 1838 година, не му одговарал бидејќи му ја ограничувал власта. Затоа решил да се повлече од престолот.

## Србија во време на Александар Караѓорѓевиќ

Повлекувањето на Милош, а потоа и на неговиот син, отворило можност на српскиот кнежевски престол да дојде **Александар Караѓорѓевиќ**, син на водачот на Првото српско востание – Караѓорѓе. Неговото владеење било нестабилно и во голема мера зависело од политичарите што се залагале за почитување на уставот. Тие не сакале кнезот да има преголема власт, туку барале поделба и ограничување на власта.



Александар Караѓорѓевиќ



Вук Караџиќ

### Запознај историска личност

**Вук Стефановиќ Караџиќ**

Потекнувал од сиромашно селско семејство. Како дете сам научил да чита и да пишува. За време на престојот во Виена се запознал со многу образовани луѓе од Европа. Вук почнал да собира и да запишува народни песни, приказни и обичаи, за да не се заборават. Неговата работа предизвикала голем интерес во Европа. Германскиот научник Јаков Грим многу се воодушевил од работата на Караџиќ и ги повикал Германците да го учат српскиот јазик поради убавината на народната поезија.

Вук направил голема реформа на српскиот јазик и на кириличната азбука. Тој го вовел правилото: *„Пишувај како што зборуваш, читај како што е напишано“*. Така пишувањето станало поразбирливо за народот.



Илија Гарашанин



Михајло Обреновиќ

Сепак, во овој период Србија почнала да се гради и да се развива. Владата почнала процес на модернизација, но тој одел споро. Тогаш била воведена **редовна војска**, а во Белград биле отворени **Народната библиотека и Народниот музеј**. Во тоа време бил донесен и првиот граѓански законик. Исто така, се појавила првата српска политичка програма за обединување и проширување на Србија, која ја напишал **Илија Гарашанин**.

Александар се обидувал да биде внимателен, но многумина го сметале за слаб владетел. Со текот на времето во земјата се појавило незадоволство. Дел од политичарите и народот сметале дека кнезот премногу се потпира на Хабсбуршката Монархија и дека не ја почитува доволно волјата на народот. На крајот, со одлука на Народното собрание, Александар бил симнат од престолот.

## Србија на патот кон независноста

На српскиот престол се вратил Милош, но бил стар и набрзо починал. Него го наследил неговиот син **Михајло**. За разлика од татко му, Михајло бил образован и имал помирен карактер. Бил подготвен да соработува со политичарите, но не сакал да ја изгуби контролата во владеењето.

Во негово време војската била значително зајакната, биле отворени многу училишта и државата почнала да се модернизира. Тој се обидел да соработува со другите балкански народи и држави, со цел целосно ослободување од османлиската власт. Најголем успех на Михајло било повлекувањето на последните османлиски војски од Србија. Така бил отворен патот кон целосна независност на државата.

**Поврзи го знаењето**

Српскиот универзитетски професор и политичар, Слободан Јовановиќ, направил споредба на двајцата кнезови од династијата Обреновиќ – Милош и неговиот син Михајло:

*„Михајло Обреновиќ бил сосема различен човек од својот татко Милош. Милош бил неписмен селанец, додека Михајло бил добро образован и под влијание на западната култура. [...]*

*И покрај овие разлики, Милош и Михајло припаѓале на истиот тип владетели. И двајцата биле апсолутисти, кои ја концентрирале власта на државата во својата личност. [...]“*

Потсети се на апсолутизмот и просветениот апсолутизам. Што мислиш, кој од двајцата кнезови бил само апсолутист, а кој просветен апсолутист?



Милан Обреновиќ




Кнежевство Србија 1830-1878



Милан Обреновиќ со сопругата Наталија и синот Александар

Неговата желба да ја засили својата власт довела до спор со српските политичари. **Михајло бил убиен**.

По убиството на Михајло, накратко со земјата управувало регентство, кое владеело во името на Милан Обреновиќ, внук на Михајло. Во тоа време бил донесен нов устав со кој се сакало да се покаже дека Србија сè повеќе се осамостојува од Османлиската Империја, но и дополнително да се намали власта на кнезот. За првпат **право на глас** добиле речиси сите полнолетни мажи.

Србија се соочувала со постојани проблеми поради слабото стопанство, но и поради кризите што се јавувале на Балканот. Големата источна криза имала големо влијание и врз Србија. Иако на хартија сè уште била дел од Османлиската Империја, Србија во оваа криза водела две војни против неа. Првата војна ја загубила. Руската интервенција кај султанот ја спасила земјата од повторно османлиско освојување. Втората војна, пак, завршила со победа за Србија. Со одлуките на Берлинскиот конгрес, Србија добила **независност и нови територии**.

### Минатото во сегашноста

Во првата половина на XIX век, во Србија се користеле различни пари – османлиски и западноевропски. Кнезот Михајло Обреновиќ настојувал да воведе сопствен српски паричен систем. Во времето на неговиот наследник, Милан Обреновиќ, во 1875 година бил воведен сребрениот динар.

Денес официјалната валута на Србија сè уште се вика динар, што покажува дека одлуките донесени во XIX век можат да остават длабоки траги и во современиот живот.

### Провери го наученото:

1. Каков владетел бил Милош Обреновиќ и зошто народот бил незадоволен од него?
2. Кој бил Вук Караџиќ и зошто е важен за српската култура и јазик?
3. Објасни како Србија станала независна држава.

# Грција – првата независна држава на Балканот

По добивањето на **независноста**, Грција можела да почне да се организира и да се развива како модерна држава. Сепак, тој процес бил тежок, зашто поголем дел од населението било неписмено, а во општеството сѐ уште се чувствувале остатоци од феудалниот поредок. Земјата била разурната од долгогодишната борба за независност.



Кралот Отон

## Грција во време на кралот Отон

Големите европски сили, Велика Британија, Русија и Франција, одлучиле, наместо република, Грција да биде кралство. Така, во 1832 година, прв грчки крал станал **Отон**, син на баварскиот монарх. Првите обиди за осовременување на државата и општеството ги спровеле **баварските службеници**, кои дошле како поддршка на младиот грчки крал. Нивните обиди биле насочени кон создавање модерна државна управа, но притоа не им посветувале доволно внимание на потребите на обичниот грчки граѓанин. Тие ги заземале и највисоките функции во државната управа. **Грчката војска** била целосно под команда на баварските воени лица.

Многу учесници во востанието не биле задоволни со својата улога во новата држава. Поради незадоволството, дел од нив се одметнале во планините и почнале да ограбу-




Грција во 1830 година



Теодорос Колокотронис –
политичар и воин

ваат. Во исто време се noселе одлуки за начинот на управување, за образованието и законите и се почнало со изградба на новата престолнина – **Атина**. Во управата биле постигнати одредени резултати, но проблемите во економијата и безбедноста останале. Поради овие причини, баварските службеници набргу станале непопуларни кај народот.

Баварските службеници сакале да ја изградат новата грчка држава по примерот на сопствената држава. Притоа, тие не ги разбирале грчките традиции и навики, ниту пак силната поврзаност на народот со православната црква, чие седиште се наоѓало во османлискиот главен град, Цариград. Поради тоа, баварските службеници, заедно со дел од грчките водачи, донеле одлука за создавање **автокефална грчка црква** со седиште во Атина. Оваа одлука Цариградската патријаршија не ја признала.

Грчката држава не ги задоволувала потребите на обичниот човек. Со текот на времето, кај голем дел од населението се појавило незадоволство. Старите востанички водачи се чувствувале исклучени од власта, додека помладите политичари биле незадоволни поради тоа што кралот одбивал да дозволи земјата да добие **устав**. Голем дел од населението живеело во сиромаштија, што дополнително го зголемувало незадоволството од бавниот развој на државата. Сите овие причини довеле до **државен удар** во 1843 година.

### Минатото во сегашноста

Во Прогласот за независноста на Грчката православна црква од 1833 година било наведено дека нејзините службеници морале да му бидат верни на кралот и да ги почитуваат законите на државата.

За разлика од XIX век, денес во балканските држави православните цркви се одделени од државната власт. Свештените лица не даваат заклетва на верност кон државата, туку дејствуваат според црковните правила, а државните закони ги почитуваат како граѓани.

### Минатото низ извори

Генералот Макријанис раскажува дека власта постапувала неправедно, па поради тоа учесниците во бунтот решиле да дејствуваат во името на татковината. Тој вели дека се заколнале да создадат Народно собрание и да воведат устав, со цел државата да биде управувана на поправеден и појасно уреден начин.

Чија власт би се ограничила ако се донесе устав?



Државниот удар во 1843 година

По овие настани, кралот бил принуден да се согласи со одржување на првите избори за грчкото Собрание, чија главна задача била да го донесе првиот устав на младата држава.



Јоанис Колетис

## Грција станува уставна монархија

Во земјата биле одржани избори, по што набргу било формирано **Собранието**. Во него почнале долги расправии околу донесувањето на првиот устав на државата. За време на овие расправии, во **говорот на Јоанис Колетис** била спомната **„Големата идеја“**, под која се подразбирало проширување на државата на територии што сè уште биле под османлиска власт, како што се Крит, Епир, Македонија, Тракија и делови од Мала Азија. Во 1844 година бил усвоен **првиот устав** на грчката држава.

Кралот Отон се обидел да се прилагоди на новата состојба во државата. Тој почнал да води нова политика за да ја добие поддршката на народот. Соработувал со политичките сили кои сакале проширување на Грција и обединување на грчкиот народ. Поради тоа неговата популарност привремено се зголемила. Сепак, поради лошата политичка и економска ситуација повторно се појавило незадоволство од неговата власт. Во 1862 година **Отон бил симнат од власт** и морал да ја напушти Грција.

### Ако ти беше таму...

Во 1862 година, незадоволни членови на грчката војска извршиле државен удар, при што кралот Отон бил симнат од престолот. Во тој момент, тој не се наоѓал во Атина. Откако дознал за воениот бунт, Отон упатил проглас до грчкиот народ, во кој изјавил:

*„Грци! По последните настани што се случија во различни делови на Кралството, особено во главниот град, сметам дека моето останување во Грција може да доведе до насилни бунтови. Затоа, решив да ја напуштам земјата, која ја сакав и сè уште ја сакам, и за чиј просперитет со голема грижа вложував триесет години.“*

Размисли: ако ти беше на местото на кралот Отон, дали ќе постапеше исто како него? Објасни зошто.



Отон ја напушта Грција

## Грција во време на кралот Георгиос

По соборувањето на Отон, престолот извесно време останал празен. Набргу потоа, за **нов грчки крал** бил избран данскиот принц **Георгиос I**. Во неговиот избор активно учествувале големите европски сили: Велика Британија, Франција, Русија и Прусија. На почетокот, тој владеел внимателно, настојувајќи да не предизвика поголеми кризи во својата нова татковина. Тој за кратко време го научил грчкиот јазик и често се појавувал во јавноста.

Велика Британија, со намера да го зајакне своето влијание во Грција, по доаѓањето на Георгиос I на престолот ѝ ги отстапила **Јонските острови** на грчката држава. Овој настан бил пречекан со големо воодушевување кај населението. Набргу потоа бил донесен нов устав, со кој биле намалени овластувањата на кралот.

Во првите години од владеењето на Георгиос, Грција почнала забрзано да се развива. Таа одржувала добри односи со Османлиската Империја. Во земјата излегувале весници и списанија, во кои се пишувало за политиката, економијата, образованието и културата. По судирот меѓу кралот и политичарот Харилаос Трикупис, било прифатено правило: влада ќе формира партијата што има најмногу пратеници во Собранието.

Во времето на Големата источна криза, грчкиот државен врв настојувал државата да не влезе во војна со Османлиите, но истовремено да ги заштити своите интереси. Како **единствена независна држава на Балканот**, Грција можела да ги изнесе своите барања пред Големите сили на Берлинскиот конгрес, но не учествувала директно во неговата работа. Како резултат на одлуките донесени на Конгресот, во 1881 година Грција **ја добила Тесалија**, која дотогаш била под османлиска управа.



Георгиос I

### Дознај повеќе

Пред да стане грчки крал со име Георгиос I, младиот принц Георг бил повеќе заинтересиран за служба во данската морнарица. По неговиот избор за грчки крал, Георг се подготвувал да го преземе престолот во Атина. Тој бил млад и неискусен, а за новата татковина речиси воопшто немал информации. Неговиот дедо, данскиот крал Кристијан IX, го посоветувал младиот принц да го слуша гласот на грчкиот народ, доколку сака да биде добар крал и долго да владее.

### Провери го наученото:

1. Со какви проблеми се соочила Грција по стекнувањето на независноста?
2. Како владеел кралот Отон и што довело до државниот удар во 1843 година и до воведување на првиот устав?
3. Што претставува „Големата идеја“?
4. Како се развивала Грција за време на кралот Георгиос I и кои територии ги добила?

# Албанија од почетокот на XIX век до Големата источна криза и развојот на просветителската идеја

## Албанските пашалаци

Поради слабеењето на османлиската власт, некои **албански феудалци** се обиделе да се осамостојат.

Во северна Албанија се истакнало семејството **Бушатлии**. Во 1757 година, Османлиите го назначиле **Мехмед Бушатлија** за управител на Скадарскиот санџак со титула **паша**. Тој вовел ред во санџакот, ја придобил поддршката од населението и водел политика на верска толеранција. Притоа, планинските области добиле право на самоуправа.

Во 1771 година бил создаден **Скадарскиот пашалак**, кој се управувал речиси самостојно од Бушатлиите. Мехмед ја добил титулата везир и власт над Скадар, Дукаѓин, Охрид и Елбасан. Неговиот син **Махмуд-паша (Карамахмуд)** ја проширил територијата на пашалакот и се обидел да се ослободи од султановата власт. Во неговата борба против Османлиите соработувал со Хабсбуршката Монархија и Русија. Тој го проширил санџакот до Призрен и Дебар, но го загубил животот во судир со Црногорците.

Подоцна со пашалакот управувале Ибрахим-паша и Мустафа-паша, кои ја задржале големата автономија. Сепак, судирите на Бушатлиите со други албански паши ја ослабиле нивната положба.

Во јужните делови на Албанија, слабеењето на османлиската контрола им овозможило на некои локални феудалци да воспостават сопствена управа. Најпознат од нив бил **Али-паша Тепелена**, познат како **Јанински**. Тој ја искористил слабоста на државата и во Јанина создал силен пашалак. Успеал да воспостави ред и безбедност, а градот се развил во значаен трговски и занаетчиски центар. На дворот на Али-паша престојувале познати лекари и поети, со што се развивале културата и медицината.

Али-паша управувал со територија што се простирала **од Егејското до Јонското и Јадранското Море**. Во Јанина имало и **претставници на европските сили**. Али-паша вешто ги користел односите со Русија, Фран-



Скадар



Махмуд-паша



Али-паша Јанински

ција и Велика Британија за да врши притисок врз султанот. Меѓутоа, неговата моќ ја загрижила османлиската власт. По двегодишни борби против Османлиите бил убиен, а **Јанинскиот пашалак бил укинат**.

## Бунтови и отпор против реформите

Османлиската власт ги сметала албанските бегови и паши за закана и уште пред Танзиматските реформи почнала **воени акции** против нив. Властите понекогаш користеле и измами. Така, во **1830 година во Битола** околу сто албански бегови биле повикани со ветување за награда, но наместо тоа биле убиени.

Овие мерки не го запреле отпорот. Танзиматските реформи предизвикале ново незадоволство поради воведувањето задолжителна воена обврска и нови даноци. Од Валона до Скадар **избувнале вооружени бунтови**, а на Косово се кренале жителите на Призрен и Ѓаковица.

Во западна Македонија избило **востанието на Дервиш Царе**, кој успеал да заземе поголема територија. Ова востание предизвикало интерес кај европските влади, но и на Балканот. Во јужна Албанија, во јуни 1847 година, избило востание во кое учествувале Албанци без оглед на вероисповедта.

Иако бунтовите и востанијата биле задушени, тие постепено го отвориле патот кон создавање поорганизирано ослободително движење. На тоа му претходело и културното будење на Албанците.

### Истражувачки предизвик

Во 1809 година, еден познат европски поет ја посетил Јанина и бил примен на дворецот на Али-паша. Младиот поет бил фасциниран од богатството на градот и од мешавината од ориентален раскош и европски влијанија. За Али-паша, пак, добил впечаток дека е суров, но исклучително умешен владетел. Овие впечатоци ги забележал во некои од своите дела, особено во поемата *Странствувањето на Чајлд Харолд*.

*Истражи кој бил поетот што го посетил дворецот на Али-паша?*

### Дознај повеќе

Али-паша прво преговарал со Французите, но подоцна се борел со нив на Јонското Море и победил. Така станал интересен за Британците, кои во него гледале сојузник против Франција. Британскиот адмирал, Хорацио Нелсон, испратил свој офицер да му честита за победата против Французите. Подоцна тие разменувале писма со пофалби.

Али-паша бил тема и во европската музика. Во негова чест била напишана опера од германскиот композитор Алберт Лорцинг, во која тој е главен лик.



Пејзаж од Албанија



Албанци во народна носија

## Албанското просветителство

Во време на криза во Османлиската Империја, кај Албанците почнал да се јавува **интерес за сопствениот јазик и култура**. Дел од интелектуалците ја увиделе потребата од создавање азбука, печатење книги и отворање училишта на албански јазик.

Како и другите помали народи во Империјата, Албанците се соочиле со пречки во развојот на писменоста и културата. Иако бројот на образовани луѓе бил мал, тие настојувале да ја зајакнат културната свест и да ги **надминат верските и регионалните поделби меѓу Албанците**.

Почетоците на **албанското просветителство** биле скромни и често се одвивале надвор од Османлиската Империја, но имале големо значење за развојот на просветата и писменоста. Албанските интелектуалци сметале дека напредокот почнува со образование. Сепак, се соочиле со сериозен проблем – не постоела албанска азбука што би се користела во училиштата и за печатење книги. Затоа **создавањето азбука** станало прв чекор во развојот на албанската култура.

Прв што се зафатил со оваа задача бил **Наум Веќилхарџи.** Тој бил роден во близина на Корча, а подоцна живеел и се школувал во Влашка (денешна Романија), каде што се запознал со нови идеи. Свесен дека Албанците немаат свои книги и заедничко писмо, решил да создаде албанска азбука и буквар. Тој верувал дека секој народ што има свој јазик, треба да има и своја азбука.

Во 1844 година го објавил **првиот мал буквар на албански јазик**, а следната година и поголем буквар со текстови за читање. Тоа биле **првите учебници на албански јазик**. За таа цел создал сосема **нова азбука.** Иако азбуката била сложена, неговите буквари се ширеле во јужна Албанија и поттикнале учење на читање и пишување на албански јазик.

Важна улога во развојот на албанскиот јазик и потребата од создавање азбука имал и **Константин Кристофориди**, еден од најзначајните албански дејци во XIX век. Во време кога недостигале книги на албански, тој почнал да преведува и да печати дела на мајчин јазик, со цел образованието да стане подостапно за повеќето Албанци.



Пашко Васа

### Минатото низ извори

Албанскиот политички и културен деец од Скадар, Пашко Васа, обраќајќи се кон својот народ ја прикажал вистинската состојба во која се наоѓале Албанците. Тој во својата песна „О моја Албанијо“ напишал:

„Некои велат: имам вера, други: имам религија; Едниот вели: „Турчин сум“, другиот: „Латин сум“; Некои велат: „Грк сум“, „Словен сум“ - велат некои други; Но сите сме браќа бре кутри! Свештениците и оџите ве збуниле, За да ве разделат и да ве осиромашат!“

*Пашко Васа во песната „О моја Албанијо“ зборува за поделбите на Албанците по вера и потекло и повикува на единство.*

*Разговарајте со наставникот по историја за да ви објасни дали слични поделби и повици за единство постоеле и кај другите народи од Балканот.*



Наум Веќилхарџи



Константин Кристофориди

Освен преводи, подготвил и **книги со кои децата учеле да читаат**. Неговите книги се ширеле во градовите и селата и придонеле за ширење на писменоста. Во период кога многу албански деца учеле на грчки или на други јазици, Кристофориди сметал дека **наставата треба да се одвива на мајчин јазик**.

Неговите дела ги читале и муслимани и христијани, што покажува дека неговата работа била важна за целиот албански народ.

**Дознај повеќе**

Кристофориди соработувал со Библиското друштво од Лондон и преведувал верски книги на **двата главни албански говора – гегиски и тоскиски**. За да може подобро да ја извршува оваа работа, престојувал и учел во различни места, како Малта, Истанбул и други градови. Тој издал буквар на гегиски и тоскиски говор.

## Арбрешите

Во зачувувањето на албанскиот јазик и култура важна улога имале образованите луѓе, чие дејствување не било ограничено само на Балканот. Особено значајна била улогата на **Арбрешите во Италија** – Албанци иселени по османлиските освојувања на нивните земји. Иако живееле далеку од татковината, тие го зачувале јазикот и обичаите и ги пренесувале на следните генерации.

Во XIX век, **арбрешките интелектуалци** почнале научно да се занимаваат со албанскиот јазик и неговото потекло. Тие настојувале да покажат дека албанскиот е стар и посебен јазик, додека Албанците биле еден од старите народи во Европа и имале свој јазик, култура и историја. Меѓу најпознатите бил **Деметрио Камарда**, кој пишувал за историјата и особеностите на албанскиот јазик.

Арбрешките интелектуалци собирале **народни песни**, пишувале поезија и објавувале **книги на албански јазик**. Со тоа придонеле за зацврстување на културната свест кај Албанците и воспоставиле врски со своите сонародници на Балканот. Нивната дејност го подготвила патот кон создавање албанска азбука и развој на писменоста и книжевноста.



Арбрешка народна игра



Деметрио Камарда

**Провери го наученото:**

1. На кој начин Али-паша ги користел односите со европските држави за да ја зајакне својата положба?
2. Зошто бунтовите и востанијата во XIX век биле важни за Албанците, иако биле задушени?
3. Кој бил Наум Веќилхарџи и што направил за албанската писменост?
4. Кои биле Арбрешите и како тие помогнале во зачувувањето на албанскиот јазик и култура?

# Бугарија од почетокот на XIX век до Големата источна криза

Промените во Османлиската Империја се чувствувале и кај бугарскиот народ, но развојот на **народното движење кај Бугарите** се одвивал побавно. Бугарските земји се наоѓале поблиску до Цариград, што значело дека централната власт постојано внимавала на случувањата во тие области. Во исто време, честите немири и појавата на нерегуларни вооружени трупи создавале несигурност меѓу населението.

Дополнителен проблем била ниската писменост, а слабата економска моќ на бугарските трговци не дозволувала отворање повеќе училишта и поголемо влијание врз властите. Со текот на времето, овие услови почнале да се менуваат, што овозможило посилен културен и просветен развој.

## Просветата и образованието

Почетоците на **просветата и образованието кај Бугарите** биле под влијание на европските просветителски идеи. Тие идеи се ширеле преку врските на бугарските трговци со Средна Европа и Грција. Во исто време, во некои градови се зголемувал бројот на бугарско население. Многу селани, во потрага по подобар живот, се преселувале во градовите.

Малата група писмени и образовани луѓе сфатила дека е потребно да се пишуваат и објавуваат книги за бугарската историја, култура и јазик. На почетокот, носители на овој процес биле **црковните лица**.

Зајакнувањето на бугарските трговци го отворило патот за појавата на првите училишта и буквари на бугарски јазик. Развојот на трговијата и занаетчиството создал потреба од нови знаења. Новото време барало познавања од математика, географија и странски јазици.

Во Габрово било отворено **првото училиште на бугарски јазик**, по што образованието почнало побрзо да се развива. Се граделе нови училишта, а постепено и девојчињата биле вклучени во образовниот процес. Дел од Бугарите заминувале во европските земји, каде што се образовале, а потоа стекнатите знаења и искуства ги пренесувале назад во својата татковина.

### Дознај повеќе

Почетоците на интересот за бугарското минато, јазик и култура се поврзани со делата на Паисиј Хилендарски и Софроний Врачански.

Паисиј Хилендарски бил монах на Света Гора. Тој ја напишал книгата „Историја Славјанобугарска“, во која ги потсетил Бугарите на нивното славно минато. Со ова дело ги повикал своите сонародници да не се срамат од своето минато и да се описменуваат.

Софрониј Врачански го направил првиот препис на книгата на Паисиј. Подоцна станал епископ и во 1806 година ја отпечатил првата книга на бугарски јазик, разбирлив за народот. Тој учествувал и во една руско-османлиска војна, каде организирал бугарски доброволци кои се бореле на страната на Русите.



Паисиј Хилендарски



Софрониј Врачански

Важен центар за бугарската писменост била османлиската престолнина Цариград. Во ширењето на писменоста голема улога имале учителите. Освен што држеле настава, тие пишувале учебници и го организирале културниот живот.

Сепак, и покрај забрзаниот развој на образованието, до создавањето на бугарската држава само мал дел од населението успеал да се описмени.



Бугарската црква „Св. Стефан“ во Цариград

## Борба за црковна самостојност. Создавање на Бугарската егзархија

Развојот и зацврстувањето на бугарското народно чувство кај интелектуалците го отворило прашањето за создавање **посебна бугарска црква**. На нивните ставови влијаеле и примерите од соседството, особено создавањето на автономна црква во Србија и независна црква во Грција.

Во тоа време, Бугарите биле под **духовна надлежност на Цариградската патријаршија**, која сè помалку ги земала предвид потребите на бугарското население. Дел од бугарското образовано население и црковни лица протестирале бидејќи бугарски свештеници не можеле да добијат повисоки позиции во Патријаршијата.

Дополнителен проблем бил **јазикот** што се користел во богослужбите. Тоа бил грчкиот јазик, кој за поголемиот дел од Бугарите бил неразбирлив. Затоа тие барале да се дозволи користење на бугарскиот народен јазик во црковните богослужби и назначување Бугари на повисоки црковни позиции. Овие барања биле одбиени од страна на Цариградската патријаршија.

Отпорот кон Цариградската патријаршија почнал во средновековната бугарска престолнина Трново. Потоа се проширил во други градови, а Бугарите сè погласно започнале да **бараат создавање на сопствена црква**.

Бугарите се обиделе да преговараат со Цариградската патријаршија, но тие разговори не донеле резултати. Во борбата за создавање посебна бугарска црква се вмешале и Големите сили, **пред сè Русија**.

Во 1870 година, османлискиот султан издал ферман со кој била создадена **Бугарската егзархија**. Две години подоцна бил избран првиот **бугарски егзарх**.

### Запознај историска личност

**Иларион Макариополски** е роден во 1812 година во градот Елена, во богато семејство. Тој заминал во Хилендарскиот манастир на Света Гора, каде што станал монах и го добил името Иларион. Како црковно лице, тој бил многу активен во борбата на Бугарите против Цариградската патријаршија. Иларион се залагал Бугарите да имаат свои владици, училишта и книги на бугарски јазик.

Во 1860 година, за време на велигденската служба во црквата „Св. Стефан“ во Цариград, Иларион намерно не го спомнал името на патријархот. Со овој чин симболично покажал дека Бугарите повеќе не ја признаваат неговата власт.



Иларион Макариополски

## Појава и развој на ослободителното движење и создавање на бугарската држава

Создавањето на Србија и Грција, развојот на образованието и успесите во борбата за бугарска црква кај некои Бугари ја поттикнале идејата за **ослободително движење**. Тие сметале дека вооружената борба е начин да се ослободат од османлиското владеење. Крајната цел била **создавање бугарска држава**.

Во Бугарија и Романија, каде што имало бројна бугарска емиграција, биле создадени организации за помош во подготовката на ослободително востание.

**Георги Раковски** бил првиот бугарски револуционер кој работел на организирање на такво востание. Тој живеел и дејствувал во Грција, Србија и Романија. Во Србија организирал чети кои требало да навлезат во Бугарија и да кренат востание. Раковски сметал дека слободата може да се постигне само преку револуција.

Помладите претставници на бугарското ослободително движење ја продолжиле идејата на Раковски за слобода преку револуција. По неговата смрт, водач на револуционерното движење станал **Љубен Каравелов**. Според него, Бугарија требало да стане република во која ќе се почитуваат личните, народните и верските права. Каравелов се залагал и за соработка со другите јужнословенски народи.

Друг истакнат бугарски револуционер бил **Васил Левски**. Тој најмногу време поминувал во татковината, каде што ја организирал револуционерната мрежа и подготовките за востание. Левски бил уапсен и погубен од османлиските власти.

По неговата смрт, меѓу бугарските револуционери се појавиле недоразбирања. Тогаш на чело на движењето застанал **Христо Ботев**, кој успеал да ги надмине поделбите и да продолжи со подготовките за востание.

Почетокот на Големата источна криза и востанието во Босна и Херцеговина, дополнително ги засилиле револуционерните активности. Во рамките на подготовките, бугарските земји биле поделени на неколку востанички области.



Георги Раковски

### Минатото низ извори

Георги Раковски изготвил план за востание во Бугарија. Според овој план било предвидено:

- Во многу градови и села да се создадат тајни комитети, кои ќе го подготвуваат народот за востание и ќе го чекаат знакот за неговиот почеток.
- Добро организирана чета да навлезе во Балканот, да го крене народот на оружје, да ги прекине врските на османлиската власт и да заземе важни градови.
- Востанието брзо да се прошири и да се создаде привремена управа и воена организација. Според Раковски, османлиската власт нема да може навреме да испрати доволно војска за да го спречи движењето.



Љубен Каравелов



Априлското востание



Васил Левски

Во **април 1876 година** било кренато востание во неколку бугарски области. Османлиите брзо го задушиле востанието, со големи жртви меѓу бугарското население. Овој настан предизвикал силен одглас во Европа, особено во Русија и Велика Британија.

Следната година Русија почнала војна против Османлиската Империја. Во руската војска се приклучиле и бројни бугарски доброволци, кои дале значаен придонес во победата на Русија. По завршувањето на судирот бил склучен **Санстефанскиот мировен договор**, со кој било предвидено создавање голема бугарска држава.

Сепак, другите Големи сили не се согласиле со одредбите на овој договор. За да се избегне нов меѓународен судир, бил одржан **Берлинскиот конгрес**. Таму било донесено решение за создавање **автономно Кнежевство Бугарија** и посебна **автономна област Источна Румелија**.



Христо Ботев

## Провери го наученото:

1. Кои двајца бугарски просветители го разбудиле интересот за бугарското минато, јазик и култура?
2. Зошто Бугарите барале создавање на своја посебна црква?
3. Кој бил Георги Раковски и каков начин на борба за слобода поддржувал?
4. Кои настани довеле до создавање на Кнежевството Бугарија во 1878 година?

# Црковно-просветните прилики во Македонија во XIX век

## Црковните прилики во Македонија во XIX век

Црквата имала значајна улога во секојдневниот живот на луѓето, но и во општеството. Таа била чувар на духовните традиции и моралните вредности, како и на писменоста.

Црквата го организирала и контролирала образованието на православното христијанско население. Во Османлиската Империја, **призната црква** се сметала како **признат народ**, без оглед на јазичната и етничката припадност на верниците. Под влијание на национализмот, во текот на XIX век црквата како институција во Османлиската Империја, **била ставена во функција на одредени национални идеологии**.

По укинувањето на Охридската архиепископија, Македонија била под **духовна надлежност на Цариградската патријаршија**, која веќе била во функција на грчката национална идеја. Притоа за владици биле именувани Грци. Тие, без оглед на етничката и јазичната припадност на населението, наметнале богослужба на грчки јазик.

Истото се случувало и во училиштата. Книгите на црковнословенски јазик биле уништувани. Сето тоа предизвикувало незадоволство кај македонското население, кое не го разбирало грчкиот јазик. Слична била положбата во Бугарија и во делови од јужна Србија, кои биле под духовна надлежност на Цариградската патријаршија. Затоа, во средината на XIX век почнало силно **антипатријаршиско движење**, првенствено насочено за именување владици што ќе изведуваат богослужба на словенски јазик.

Како резултат на оваа црковна борба, под дипломатски притисок на Големите сили, пред сè на Русија, во **1870 година била создадена Бугарската егзархија** со седиште во Цариград. Таа во почетокот имала само еден владика во Македонија, но со тек на времето нивниот број се зголемил. На тој начин, во неколку македонски градови истовремено имало по двајца владици (еден патријаршиски, друг егзархиски).



Кирил Пејчиновиќ – Тетоец




Драмата „Македонска крвава свадба“ напишана на македонски говор

Во егзархиските цркви богослужбата се изведувала на црковно-словенски јазик, а во училиштата се практикувал бугарскиот јазик. По примерот на Цариградската патријаршија, Егзархијата се ставила **во функција на бугарската национална идеја**. Оттука, меѓу двете православни цркви почнала борба за доминација.

Поради блискоста на јазикот, Егзархијата била поприфатлива опција за македонското население. Меѓутоа и против неа избивале **ученички бунтови**, како и барања **за воведување на македонскиот говор во богослужбата**. Цариградската патријаршија, за да го зачува својот престиж, допуштила во одредени места под нејзина надлежност да се изведува богослужба и настава на српски и романски јазик. Така црквите од духовни институции се претвориле во организатори и носители на национални пропаганди (грчка, бугарска, српска и романска).


Партениј Зографски


Теодосиј Гологанов

## Унијатското движење и обиди за обнова на Охридската архиепископија

Дел од македонското население решавањето на црковното прашање го гледало во **унија со Римокатоличката црква**. Во тој поглед предничеле Кукушани. Тие во **1859 година** ја отфрлиле Цариградската патријаршија и побарале **унија со Католичката црква**. Тоа подразбира дека за свој верски поглавар го признаваат папата, при што богослужбата ќе се изведува на словенски јазик.

За да ги одврати од унијата, Патријаршијата привремено го отстранила дојранскиот епископ, кој бил Грк, и на негово место го поставила **Партениј Зографски**, родум од Галичник. Но, откако ситуацијата се смирила, Партениј бил отстранет.

Унијатството во Македонија, со тенденција за **обнова на Охридската архиепископија** како **македонска црква**, зело замав во 1873/74 година. Видна улога во ова движење имал Димитар Поп Георгиев Беровски. За спречување на движењето, бугарскиот егзарх испратил специјален емисар во Македонија.

Во почетокот на деведесеттите години на XIX век, скопскиот егзархиски митрополит **Теодосиј Гологанов** презел иницијатива за **обнова на Охридската архиепископија** под закрила на Римокатоличката црква. Притоа отпуштил повеќе чиновници што ги назначила Егзархијата и издавал документи без името „Бугарска Егзархија“. Поради тоа бил отстранет од митрополитското место.

### Минатото низ извори

Од извештајот на егзархот Јосиф до министерството за надворешни работи на Бугарија:

*„Теодосиј се стремел колку што може да ги прекине врските што го поврзувале со неговото началство. Во Скопската епархија ги прогласил за неважечки сите училишни и интернатски правилници, издадени од Егзархијата. На своја глава, без никаква законска основа, испечатил акти, крштеници и училишни свидетелства со испуштање на зборовите „Бугарска Егзархија“. Им зборувал на граѓаните и учителите дека не ја признава Егзархијата и дека ги прекинал односите со неа. Ја ширел идејата дека Македонците треба да се ослободат од горните Бугари.“*

## Развој на просветата

Под влијание на просветителството во Европа и промените во Османлиската Империја, просветата во Македонија бележи значаен развој во XIX век. На почетокот сè уште биле присутни **ќелијните училишта** кои главно биле по црквите и манастирите. Тие служеле за елементарно описменување и подготвувале кадар за црковните средини. Набрзо потоа ќе се појават **световните училишта**.

Во световните училишта, првенствено се изучувале предмети со **световна содржина**, како: историја, географија, математика и слично. Засиленото граѓанство, особено трговците, сфатиле дека нивните деца ќе бидат поуспешни доколку посетуваат световни училишта. Првите световни училишта во Македонија биле под грчко влијание. Во нив наставата се изведувала на грчки јазик. Побогатиот македонски слој своите деца ги праќал таму, зашто грчкиот јазик се сметал за јазик на образованата и трговската елита. Подоцна некои од овие хеленски воспитаници станале јавни критичари на грчката духовна и културна превласт во Македонија.

Со засилувањето на **црковно-училишните општини**, во четвртата деценија од XIX век, почнале да се отвораат световни училишта на **словенски јазик**. Главна улога во организацијата на овие училишта, во изнаоѓањето на простор и учители, имале црковно-училишните општини. Тие биле поддржувани од трговците и еснафските здруженија. Притоа наставата била унапредена. Учениците се делеле на класови, зависно од возраста и предметите што ги изучувале. Такви училишта биле отворени во Велес, Прилеп, Скопје, Тетово, Куманово и други места. Најистакнат учител кој во наставата на словенски јазик вовел нови методи бил **Јордан Хаџи Константинов Џинот**. Овој тип на училишта доминирал до крајот на шеесеттите години од XIX век.

Во последните децении на XIX век, главна улога во просветниот живот во Македонија имале Цариградската патријаршија и Бугарската егзархија. Тие почнале натпревар за отворање повеќе училишта во Македонија. Во овие училишта образованието било на повисоко ниво. Освен класните и гимназиските училишта, се отворале и стручни училишта. Во нив наставата се изведувала на грчки и бугарски јазик.



Јордан Хаџи Константинов Џинот

### Историски сведоштва

Во една дописка во весникот „Шумадинка“ од 1852 година за учителствувањето на Џинот во Скопје пишува:

*„Пред две години добивме за учител некој Јордан Константиновиќ... (кој) почна нашите деца да ги учи на словенско четмо. Прекумерно зарадувани од тој успех, почнавме со најголема желба да ги запишуваме нашите деца во тоа младо училиште... Но, бидејќи поради ова наше училиште грчкото училиште остана празно, зашто секој родител сака неговото дете нешто да научи на мајчин јазик... Грците навредени од тоа почнаа против нас и нашиот учител јавно да негодуваат, а тоа негодување најпосле се претвори во јавна расправа...“*

Цариградската патријаршија дозволила под нејзина заштита да се отвораат училишта на српски и романски јазик. Во првите одделенија во романските училишта, наставата се одвивала на влашки јазик. Свои училишта во Македонија отворале и протестантската и католичката мисија.

## Учебникарство и книжевност

Развојот на образованието влијаел врз учебникарството и книжевноста. Првите книги и учебници биле печатени со финансиска помош на поимотните граѓани во Будим, Белград и Цариград. Нивните автори произлегувале од црковни средини, поради што во нив преовладуваат верски содржини. Тие биле пишувани на **црковно-словенски јазик** со многу примеси од **народниот македонски говор**. Со тоа книгата станала поблиска до обичниот човек. Меѓу првите такви автори се вбројуваат: **Јоаким Крчовски и Кирил Пејчиновиќ – Тетоец**.

Положбата за словенската книжевност и учебникарство се олеснила во **1838 година**, кога **Теодосиј Синаитски** отворил печатница во Солун. Во неа биле испечатени неколку книги и учебници. По неколку години печатницата изгорела во пожар.

Стремежот за печатење книги и учебници на народен македонски говор продолжил и во втората половина на XIX век. Меѓу учебникарите од овој период се истакнуваат Кузман Шапкарев, Димитар Узунов и други. Бидејќи нивните учебници биле на народен македонски говор, тие биле наречени **македонисти**.



Св. Јоаким Крчовски



Книгата „Утешение грешним“ од Кирил Пејчиновиќ, приредена на „прост јазик“

**Дознај повеќе**

Терминот **македонисти** за авторите што пишувале на народен македонски говор, прв го употребил бугарскиот деец Петко Рачов Славејков во 1871 година во статијата „Македонското прашање“. Во неа, меѓу другото пишува:

*„Многупати сме слушале од македонистите дека тие не биле Бугари, ами Македонци, потомци на древните Македонци... За да ѝ дадат сила на својата самоволна основа, македонистите посочуваат разлика меѓу македонското и горнобугарското наречје, при што првото било поблиску до словенскиот јазик...“*



Кузман Шапкарев



Браќата Миладиновци



Григор Прличев

Истовремено се создавале литературни дела, се пишувала поезија, се запишувале народни умотворби и поговорки од македонското поднебје. Од овие автори особено се издвојуваат браќата **Димитар и Константин Миладинови**, **Марко Цепенков, Ѓорѓија Пулевски** и други**.**

Некои автори твореле на туѓи јазици. Така, **Григор Прличев** на грчки јазик ја напишал поемата **„Сердарот“**. Поради нејзината уметничка вредност, во Атина бил прогласен за **втор Хомер**. Крајот од XIX век (1900) симболично го заокружуваме со Војдан Чернодрински и неговата драма „**Македонска крвава свадба**“, која е напишана на македонски говор.

### Минатото во сегашноста

Секоја година, во август, во Струга се одржува меѓународна поетска манифестација, која е позната како „Струшки вечери на поезијата“.

*Истражувај во чија чест се одржува споменатава манифестација и зошто се одржува во Струга?*

### Провери го наученото:

1. Зошто Бугарската егзархија била поприфатлива опција од Цариградската патријаршија за македонското население?
2. Зошто Егзархијата и Патријаршијата се натпреварувале која ќе отвори повеќе цркви и училишта во Македонија?
3. Опиши ја разликата меѓу ќелијните и световните училишта.
4. Анализирај го текстот во рубриката „Дознај повеќе“ и одговори зошто овие учебникари, Славејков ги нарекол македонисти?

# Разловечкото востание

## Причини за востанието

Во средината на седумдесеттите години на XIX век се разгореле ослободителните стремежи кај балканските народи под османлиска власт. Најпрво (1875 г.) избило востание во Босна и Херцеговина. Следната година (април) избило востание во Бугарија. Во мај 1876 година во Македонија избило **Разловечкото востание**. Овие настани предизвикале засилени дипломатски активности од страна на европските сили, но и неколку војни со Османлиската Империја. Времето на овие превирања во историјата е познато како **Источна криза**.

Постојат повеќе причини за избувнувањето на Разловечкото востание. Меѓу нив спаѓаат: влошената економска положба на населението поради зголемување на даночните обврски и цените на производите; злоупотребите на претставниците на државната управа; засиленото насилство врз населението; влошената безбедносна положба по животот и имотот; верскиот фанатизам и други. Тука спаѓа и желбата за солидарност. Всушност, според Димитар Поп Георгиев Беровски, со кревањето на Разловечкото востание во Македонија требало да се олесни положбата на востаниците во Босна и Херцеговина.



Димитар Поп Георгиев Беровски

**Дознај повеќе**

Непосредно пред Разловечкото востание, во почетокот на мај 1876 година, во Солун толпа муслимани ги убиле францускиот и германскиот конзул. Тие биле убиени бидејќи се обиделе да ги заштитат христијаните кои дошле во судир со муслиманите поради грабнувањето на младата Стефанија од Богданци.

## Подготовки за востанието

Главен организатор и раководител на Разловечкото востание бил **Димитар Поп Георгиев Беровски.** Под негова контрола се одвивале и подготовките за востанието. Значајно место имал и **поп Стојан од с. Разловци**, кој бил татко на сопругата на Д. Беровски. Кон крајот на 1875 година, Беровски **во Солун формирал таен кружок**. Таму почнале и подготовките за востанието.

За да обезбедат пари и други неопходни материјали, Д. Беровски и поп Стојан продале дел од сопствените имоти. Од добиените средства биле купени неколку револвери, пушки и муниција, кои тајно биле пренесени во Малешевијата. Учителките **баба Недела и Станислава Караиванови** изработиле **востаничко знаме**. На него бил навезен лав и натписите „Македонија“ и „Станете да ви свобода“. Знамето било изработено според упатствата на Беровски и врз основа на една скица што тој им ја дал.



Поп Стојан од с. Разловци

Откако завршил со основните подготовки, Д. Беровски се вратил во Малешевијата. Таму со мала чета почнал да го обиколува регионот и да собира приврзаници кои на даден знак требало да востанат. Според планот, востанието требало да почне во селата во Пијанец и Малешевско, а потоа да се прошири кон Радовишко, Струмичко, Петричко и Мелничко.

## Почеток и тек на востанието

Конкретен повод за почетокот на востанието било малтретирањето на десетина разловчани од страна на даночните чиновници што дошле во селото. Поради тоа, утрото **на 20 мај 1876 година**, шеесеттина востаници под водство на Д. Беровски **го нападнале селото Разловци**. Притоа, неколку Турци биле убиени, а други ранети. Тогаш селаните почнале да се собираат сред село и да ги палат документите во кои биле запишани нивните обврски. Други, пак, биле исплашени од евентуална одмазда. При таква вознемирена ситуација, по наредба на поп Стојан, неговиот син го запалил сопствениот ан. Со овој чин поп Стојан сакал да им покаже на селаните дека самиот го жртвува сопствениот имот во име на слободата, која е посвета од сè.

Веднаш потоа востаниците се поделиле во две групи. Димитар Беровски со поголемата група и со развеано знаме тргнал кон Беровско за да го прошири востанието кон тој крај. Патем се судрил со една османлиска единица, при што тој бил ранет во главата. Во Разловци останал Цоне Спасов со неколку востаници, за да го

**Запознај историска личност**

Д. Беровски се школувал во Берово, Одеса (Русија) и Белград (Србија) каде завршил воено училиште. Кусо време работел како учител во Берово, каде бил *веќил* (претставник) на христијаните и муслиманите пред власта. Во преписката често се потпишувал како Д. Македонски. Учествувал во протерувањето на патријаршискиот владика од Берово, а потоа и во Унијатското движење. По бурните настани од Источната криза мигрирал во Бугарија. Подоцна соработувал со Гоце Делчев и помагал при пренесување оружје во Македонија.



Знамето на Разловечкото востание



Баба Недела Караиванова



Станислава Караиванова



Цоне Спасов




Разловечко востание

заштитува населението и нивниот имот. Во меѓувреме, **Разловци било нападнато и запалено** од Османлиите, при што настрадале десеттина селани. Ова, како и ранувањето на Д. Беровски, го промениле планот, а со тоа и текот на востанието. Беровски не успеал да се поврзе со другите востаници во Малешевско. Така, уште на почеток востанието зело непредвидлив и несакан тек.

## Задушување на востанието

Османлиските власти презеле брзи мерки за да го спречат ширењето на востанието, но и за негово задушување. Тие најпрво наредиле сите сточари со своите стада да ја напуштат Малешевијата. Со оваа мерка, востаниците требало да бидат изолирани, да останат без извори за храна и информации. Истовремено бил зголемен бројот на војските во околните области, кои постепено почнале да го стегаат обрачот околу востанатата област.

**Минатото низ извори**

По првите настани во Разловци, дедо Нако сред село се обратил со зборовите:

*„Селани, што сте загрижени и замислени така? Да сте живи уште сто години, ова нема да го видите со свои очи. Дали помните кога немавме мост на реката, па се случуваше овие гадови да дојдат сproти село и да извикуваат селани да ги пренесат на грб, место на коњ? – А сега гледајте како до гуша во вода ја газат матната Брегалница, како по суво“.*
(П. К. Стојанов)

Во текот на овие акции, **Разловци по втор пат било запалено и ограбено.** Истовремено, од Малешевијата и соседните околии биле приведени и затворени мнозина луѓе. Д. Беровски со јадрото од својата чета успеал да го одбегне опкружувањето. Поп Стојан, кој по задушувањето на востанието привремено се засолнил во Рилскиот манастир, набрзо бил откриен, но при обидот да биде пренесен в затвор се самоубил.

Неуспехот на Разловечкото востание лежи во неговиот локален карактер, како и во слабата организираност, вооруженост и обученост на востаниците. Фактот што на востаничкото знаме стоел натписот „Македонија“ и „Станете да ви освобода“ зборува за ослободителниот карактер на востанието, иако тоа било од локален карактер и немало никакви надворешни влијанија.

Оттука, на самиот почеток на XX век, Разловечкото востание е квалификувано како прво Македонско востание. Поради неговото значење за историјата на македонскиот народ, по повод стогодишнината од востанието во с. Разловци е подигнат „Спомен-дом на Разловечкото востание“.

### Поврзи го знаењето

Консултирај географска карта и откриј:

*- Зошто реката Брегалница е спомната во контекст на Разловечкото востание?*

*- Анализирај го релјефот на Пијанечко-Малешевскиот регион и откриј за каква дејност е најпогоден и со што изобилува? Така полесно ќе сфатиш и запомниш зошто било наредено повлекување на сточарите од овој крај за време на востанието!*



Разловечкото востание – уметничка слика во Музејот на македонската борба за самостојност



Спомен-дом на Разловечкото востание во с. Разловци

### Провери го наученото:

1. Опиши ги условите при кои се кренало Разловечкото востание.
2. Што сакал да постигне поп Стојан со палењето на својот ан?
3. Зошто не се остварил планот за проширување на востанието во соседните области?

# Македонското востание

## Положбата во Македонија и причини за востанието

По Берлинскиот конгрес (1878), Македонија останала под османлиска власт. Според **чл. 23 од Берлинскиот договор**, во европскиот дел од Османлиската Империја, каде припаѓала и Македонија, било предвидено **да се спроведат реформи**. Тоа значело овие области да добијат извесна административна автономија. Но, овие одредби никогаш не биле целосно спроведени. Затоа кај населението владеело незадоволство.

Од земјите што ги загубила Османлиската Империја за време на Источната криза, на територијата на Македонија се доселил значителен број муслимани. Потрагата по животен простор и извори на приходи ја зголемила тензијата меѓу доселениците и староседелците.

За зголемување на бунтовното расположение влијаеле и македонските доброволци што учествувале во антитурските војни. Меѓу таквите се вбројуваат **Димитар Беровски, Ѓорѓија Пулевски, дедо Иљо Малешевски** и други. Поттикнувачко влијание имале четите што се движеле низ Македонија.

Влијание имало и руското присуство во Кнежевството Бугарија и провинцијата Источна Румелија. Покрај тоа, руските војски сè уште не биле повлечени од Горна Џумаја (денешен Благоевград). Населението сметало дека тие ќе го поддржат востанието.

За востание настојувале и протераните егзархиски владици од Македонија, особено Натанаил Кучевишки. Востаничко расположение имало и сред македонските емигранти во Бугарија, каде никнале повеќе комитети под името „**Единство**“. Тие биле поддржани од бугарските националисти кои сметале дека со одлуките на Берлинскиот конгрес, Македонија неправедно ѝ била одземена на Бугарија.

## Почеток и тек на востанието

Планот за востанието бил утврден на една средба во Горна Џумаја. Тогаш било избрано раководство на востанието на чело со **Стојан Карастоилов**. Востанието почнало на **17 октомври 1878** година **со напад на османлискиот гарнизон во с. Кресна.** Поради тоа, во историографијата

**Истражувачки предизвик**

Во современо Скопје постои Маџир маало. Истражи и одговори:

*- Што значи зборот маџир/и?*

*- Кога настанало Маџир маало и од каде потекнувале неговите први жители?*



Дедо Иљо Малешевски



Натанаил Кучевишки




Македонско востание

часто е нарекувано Кресненско, **иако самите востаници го именувале Македонско востание**. Текот на востанието условно може да се подели во две фази. Првата: до декември 1878 година, кога доминирале внатрешните македонски сили на чело со С. Карастоилов и Д. Беровски. Втората фаза траела до средината на 1879 година, а водечка улога имале лицата околу комитетот „Единство“.

Востаниците го поразиле османлискиот гарнизон во Кресна. Притоа заробиле над стотина османлиски војници со нивните офицери. Набрзо востанието се проширило по двете страни на реката Струма. Османлиите се повлекле кон Петрич и Серес. За кратко време биле **ослободени 54 населени места.** Востанието се проширило и кон Разлошката котлина. Таму било **ослободено Банско**, но тоа брзо било вратено под османлиска власт. Во декември 1878 година центарот на востанието се пренел во областа **Каршијак**.



Печат на Македонското востание

## Дознај повеќе

Востаниците за пари се обратиле и кон патријаршискиот владика во Мелник. Тој за ова го известил британскиот заменик генерален конзул во Солун и изјавил дека востаниците себеси се именувале *„Македонци“* – при што ветиле дека ќе му издадат *„потврда“* а парите ќе му ги врателе откако *„ќе станеле господари на сопствената земја Македонија“*.

## Организација на востаничката власт на слободната територија

По првите успеси, на слободната територија бил формиран **Штаб на Македонското востание**. За **Началник на штабот на Македонското востание** бил избран Димитар Беровски. Тој имал сопствен печат. За **атаман** (водач) на востанието бил избран Адам Калмиков, а за **прв војвода** – Стојан Карастоилов. Седиштето на Штабот било во селото Влахи.

За одржување на редот и мирот на слободната територија било формирано полициско началство. По селата биле формирани управи од по тројца старешини. Тие требало да собираат средства за издржување на востаничката војска. За собраните пари било предвидено издавање потврди, во кои стоело дека средствата ќе им бидат вратени по ослободувањето на Македонија. Подоцна биле донесени и **Правила на Македонскиот востанички комитет**. Правилата барале лојалност кон востанието од сите христијани Македонци.

Востаниците себеси се именувале Македонци, а Македонија ја сметале за своја татковина. Оттука доаѓа и официјалниот протест кон „Единство“, бидејќи во меѓусебната преписка Комитетот се воздржувал да го користи зборот „Македон“.

Штабот на Македонското востание одржувал контакти со македонските емигранти во Србија и Романија, од каде добивал морална и материјална поддршка. Покрај тоа, во востанието биле вклучени доброволци и авантуристи од различно потекло. Така, во редовите на востаниците се нашле Руси, Полјаци, Словенци, Срби, Бугари и други. Помеѓу овие славољубиви авантуристи често постоело ривалство.

## Опаѓање и задушување на востанието

Брзиот подем на востанието не одел во прилог на комитетот „Единство“. Комитетот почнал со опструкции при испорачување на оружјето и распоредување на доброволците. Потоа почнале интриги за преземање на раководството на востанието.

Во таков амбиент се разгорело ривалство околу командното место меѓу А. Калмиков и С. Карастоилов. Затоа Калмиков бил протеран, а титулата атаман укината. Во меѓувреме комитетот „Единство“ **го притворил Димитар Беровски.** Веднаш потоа Калмиков бил вратен назад. Повратниците во востанието на подмолен начин **го убиле Стојан Карастоилов**. Тоа предизвикало незадоволство сред востаниците поради што бил ослободен Д. Беровски за да воведе ред. Но тој набрзо повторно бил затворен.

### Непознати зборови и термини

**Атаман** - Титула кај Козаците со значење водач, старешина, командант, главатар на воена или општествена заедница. Атаман не е традиционална титула кај балканските народи. Оваа титула на Адам Калмиков му била доделена поради неговото руско козачко потекло.



Устројство за Македонското востание



Писмо од Д. П. Г. Беровски, потпишан како началник на штабот на Македонското востание, потпечатено со неговиот печат

### Минатото низ извори

Еве како Ѓорѓија Пулевски, во писмото до Деспот Баџовиќ, кој планирал да дојде од Србија со чета и да се придружи на востаниците, ја опишува улогата на Натанаил Кучевишки:

*„Јас ќе ти речам да не доаѓаш со луѓе ваму, зашто овде има нешто лошо. Овде Бугарите си играат со нас и ја вртат водата на својата воденица, заедно со црнокапецот Натанаил, кој е Македонец, ама повеќе влече на бугарско. Да ти кажам, еве со чета чекаме толку време да заминеме за Турско и да се биеме за нашата слобода, ама не пуштаат. Кладоа оган и сега сакаат повеќе шум пред Европа, моите војници полека се растураат, а и јас нема зошто да чекам“.*

Оттогаш раководството на востанието го презел комитетот „Единство“, при што главна улога играл Натанаил Кучевишки. Новоформираните чети не биле рационално користени за одбрана на слободната територија. Во меѓувреме османлиските сили воспоставиле контрола врз востанатата територија. На почетокот на **јуни 1879 година, била издадена наредба за распуштање на сите чети**. На тој начин формално згаснало Македонското востание.



Почеток на Македонското востание – уметничка слика во Музејот на македонската борба за самостојност

## Причини за неуспехот на востанието

Една од причините за неуспехот на Македонското востание лежи во неповолната меѓународна ситуација. Тоа избило во време кога Источната криза по дипломатски пат била затворена. Затоа немало изгледи да добие меѓународна поддршка. Од друга страна, востанието покажало внатрешни слабости како последица на неслога и раздори кои биле предизвикани од надворешни фактори.

Ова е прво востание кое самите востаници го нарекле Македонско. Таквото именување е задржано и во неговите институции, како на пример: Штаб на востаниците македонски; како и Началник на штабот на македонското востание. Оттука, востанието има значајно место во историјата на македонскиот народ.

### Провери го наученото:

1. Образложи ги причините за почетокот на Македонското востание!
2. Опиши ја организацијата на востаничката власт на слободната територија!
3. Врз основа на текстот во писмото од Ѓ. Пулевски до Д. Баџовиќ, обиди се да ја објасниш улогата на комитетот „Единство“ во Македонското востание.
4. Зошто меѓународната ситуација не одела во прилог на Македонското востание?

# Призренската лига и појавата и развојот на албанското ослободително движење

Османлиската власт на Балканот постепено слабеела. Балканските народи еден по друг започнувале борба за ослободување и создавање свои држави. Во такви услови, албанските водачи сфатиле дека и Албанците треба да ги бранат своите интереси во областите каде што живееле.

## Албанците и Големата источна криза

Албанските првенци во почетокот **не барале целосна независност**. Тие сметале дека народот сѐ уште не е доволно подготвен за таков чекор, а и условите во Европа не биле поволни. Затоа, наместо независност, почнале да бараат **автономија во рамките на Османлиската Империја**.

Тоа значело Албанците самите да управуваат со своите области, да имаат свои училишта, службеници и поголема контрола врз локалните финансии, но притоа да останат под власта на султанот. Овие идеи најпрво се развиле во **јужна Албанија**, каде што постоел поразвиен културен и образовен живот.

Во 1877 година, во Јанина се одржал **состанок на албански првенци**, на кој бил формиран **таен комитет**. Истата година, во Цариград, бил создаден **Централниот комитет за заштита на правата на албанскиот народ**. Неговата цел била создавање **албански вилает** во рам-

### Минатото низ извори

Непосредно по потпишувањето на Санстефанскиот договор, одредени албански интелектуалци почнале да праќаат меморандуми и барања до претставниците на Големите сили. Британскиот амбасадор во османлиската престолнина, Хенри Остин Лајард, во април 1878 година добил меморандум од еден, како што самиот се изразил, албански господин. Во меморандумот, меѓу другото стоело:

*„...Покрај тоа, Албанците, кои се решени да ги раскинат оковите што ги врзуваат за Турција, бараат посебна влада, повеќе во склад со нивните потреби и нивните традиции; тие го повикуваат своето право да влезат во прегратките на големото европско семејство, на кое му припаѓаат по раса и сродност“.*

### Непознати зборови и термини

**Меморандум** - Писмен документ со кој се изнесуваат барања или ставови до некоја влада или до важни политички претставници.



Јанина



Местото каде што е формирана Призренската лига

ките на Османлиската Империја. Сите овие настани се одвивале во време на Руско-османлиската војна.

Оваа војна имала големи последици за Балканот. Османлиската Империја доживеала тежок пораз и на 3 март 1878 година морала да го потпише Договорот од Сан Стефано. Со овој договор било предвидено создавање на голема бугарска држава. Во нејзиниот состав требало да влезат и области на Балканот **во кои живееле Албанци**.

Истовремено, Србија и Црна Гора требало значително да се прошират и на територии со албанско население. Овие одлуки предизвикале силно незадоволство на Балканот и во Европа.

## Формирање и делување на Призренската лига

Албанците сфатиле дека, доколку не се организираат и не дејствуваат сами, никој нема да ги заштити нивните интереси. Затоа Комитетот во Цариград предложил да се свика **општ албански собир** во Призрен.

На **10 јуни 1878 година во Призрен** почнал со работа голем собир на албански претставници. На тој собир била создадена **Призренската лига**, која била албанска национална политичка организација.

На собирот биле избрани раководни тела, како Општ совет и Централен комитет. Истовремено биле донесени и два важни документа – **Карарнаме** (акт на одлуки) и **Талимат** (наредба, упатства). Со нив биле утврдени целите и начинот на работа на Лигата.

### Запознај историска личност

**Абдил-бег Фрашери (1839–1892)** бил албански политички деец и преродбеник. Тој бил роден во селото Фрашер во јужна Албанија. Работел како државен службеник во Османлиската Империја, но подоцна целосно се посветил на борбата за правата на Албанците. Абдил-бег Фрашери бил на чело на Комитетот од Јанина.

Во 1878 година бил еден од главните водачи на Призренската лига. Поради неговата активност бил уапсен од османлиските власти и осуден на долгогодишен затвор. Подоцна бил ослободен, но здравјето му било нарушено и починал во Цариград.



Абдил-бег Фрашери

Главната цел на Призренската лига била создавање обединет албански вилает со широка автономија. Веќе на 15 јуни 1878 година, Лигата им соопштила на османлиската држава и на Големите сили дека ќе ги **брани своите територии**.

Во меѓувреме, во Берлин почнал конгресот на кој Големите сили ги укинале решенијата донесени во Сан Стефано. Одлуките на Конгресот не одговарале на интересите на Призренската лига.

По Берлинскиот конгрес, Призренската лига почнала **активни дејствија**, а низ териториите каде што живееле Албанци биле создадени **десетици нејзини ограноци**. Кога османлиската војска се повлекувала од одделни подрачја, силите на Лигата веднаш влегувале таму за да го спречат влегувањето на црногорските трупи. Така било во **Плав и Гусиње** во 1879 година, каде што силите организирани од Лигата ги поразиле црногорските војски. Тука се истакнал **Али-паша Гуција**.


Али-паша Гуција

Подоцна, под силен притисок од Големите сили, османлиската држава морала да ги прифати одлуките од Берлинскиот конгрес. Во 1880 година, кон **Улцињ** била испратена голема воена флота составена од повеќе европски држави. Под оваа закана, османлиската војска влегла во градот и по неколку дена го предала на Црна Гора.

Покрај вооружената борба, Призренската лига водела и **дипломатска борба**. Таа испраќала писма, барања и делега-


Делегати на Призренската лига

ции во Рим, Париз, Лондон, Берлин, Виена и Цариград. Тие им објаснувале на европските влади дека **Албанците се посебен народ** и дека имаат право на своја земја и самоуправа.

Во почетокот на 1881 година, Призренската лига направила уште похрабар чекор. Таа го прогласила својот Централен комитет за **Привремена влада, на чело со Имер Призрени**. Целта била да се создадат вистинска управа и редовна војска и да се прошири власта на Лигата во сите области на Балканот каде што живееле Албанци.

Во многу градови, како Призрен, Приштина, Скопје, Дебар, Митровица и други, османлиските службеници биле протерани и заменети со претставници на Лигата. На тој начин, во овие места била воспоставена власт на Призренската лига.



Имер Призрени

## Крајот на Призренската лига

Овие успеси го вознемириле султанот и османлиската влада, кои решиле движењето да го уништат со сила. Во март 1881 година била испратена голема војска под команда на **Дервиш-паша**. Борците на Призренската лига се бореле храбро и пожртвувано, но не можеле да ѝ се спротивстават на побројната османлиска војска.

По тешки борби, на 23 април 1881 година **паднал Призрен**, а потоа и другите центри на Лигата. Со тоа **Призренската лига била задушена**. Многу од нејзините водачи биле уапсени, затворени или протерани. Така завршило првото големо, организирано албанско национално движење.

Иако османлиската власт успеала да ја уништи Лигата, нејзиното значење останало големо. Призренската лига била првата организација што ги обединила Албанците. Идеите што ги оставила почнале помасовно да се шират и да влијаат врз понатамошниот развој на албанското национално движење.

### Дознај повеќе

За време на Источната криза, Албанците не се бореле само со оружје за своите права, туку воделе и друга, многу важна борба – борба за образование и јазик. Нивните интелектуалци сфатиле дека народот не може да напредува ако нема свои училишта, книги и пишан јазик.

Затоа во 1879 година било основано **Друштвото за печатење на албански букви**. Неговите членови сметале дека секој народ станува просветлен и развиен само тогаш кога има свој јазик и свое писмо. Тие верувале дека народ кој нема пишан јазик живее во незнаење и заостанатост.

Така, покрај борбата на бојното поле, тие воделе и борба со перото, затоа што знаеле дека образованието и културата се темел на секоја слободна и напредна држава.

### Провери го наученото:

1. Зошто албанските водачи во почетокот не барале целосна независност од Османлиската Империја?
2. Кога и каде бил одржан првиот голем собир на албанските претставници и која организација била основана на тој собир?
3. Што се случило во 1881 година со Призренската лига и нејзините водачи?

# 3

# ЕВРОПА и СВЕТОТ од СРЕДИНАТА на XIX век до ПРВАТА СВЕТСКА ВОЈНА



# Пролетта на народите и создавањето национални држави во Европа

## Причини за револуциите во 1848 година

По Виенскиот конгрес од 1814-1815 година, европските владетели се обиделе да го вратат поредокот што постоел пред Војните на Наполеон. Наместо демократија и поголеми слободи за граѓаните, во многу држави најважните одлуки повторно ги носеле монарсите.



Тајната полиција ги следела граѓаните

Сепак, Француската револуција покажала дека кралот може да биде соборен. Затоа владетелите настојувале да спречат избувнување на нови револуции. Била воведена **строга цензура** на весниците, а секоја критика против власта брзо се задушувала. **Тајната полиција** ги следела професорите, студентите и новинарите. Многумина биле уапсени и прогонети во далечни места. Со сила и страв, властите се обидувале да го зачуваат непопуларниот поредок.

Но Европа повеќе не била покорна како порано. Многу Европејци веќе почувствувале **што значи да си слободен** и тешко се помирувале со враќањето на старите окови. Селаните знаеле дека во некои земји немало феудални обврски, па затоа барале укинување на феудализмот и во нивните држави. Слабите жетви и поскапувањето на храната дополнително ја влошиле состојбата на најсиромашните. Во градовите, преку брошури и тајни кружоци, се шреле **идеи за устави, граѓански права и сопствени национални држави**.

**Непознати зборови и термини**

**Цензура** - Кога државата забранува или менува информации, со цел населението да не чуе или прочита нешто што е непожелно за властите.

Различни луѓе имале различни барања, но сите биле подеднакво незадоволни. Била доволна мала искра за да избувне бунт.

## Пролетта на народите

Незадоволството од власта во Франција најчесто можело да се изрази на политички собири познати како **банкети**. На нив се држеле говори против монархијата и се пеела „Марсељезата“, химната на Француската револуција. Кога полицијата во февруари 1848 година забранила да



Банкет во Париз (1847)



Улични борби и барикади во Париз



Барикади во Виена

се одржуваат банкети во Париз, револтираните граѓани излегле на улица.

За кратко време биле подигнати барикади од калдрма, мебел и дрва, а во градот почнале жестоки **улични борби** меѓу Парижаните и војската. Дел од војниците одбиле да пукаат кон своите сограѓани. Набргу потоа, властите ја изгубиле контролата врз Париз. Под притисок на настаните, кралот Луј-Филип ја напуштил земјата, а револуционерите ја прогласиле **Втората француска република**.

Успехот на Французите поттикнал и други народи да се кренат на бунт. Пролетта 1848 година на повеќе места во Европа се разгореле револуции, познати под заедничкото име **Пролет на народите.**

Во **Австриската Империја**, револуцијата почнала во март 1848 година во Виена, каде што студенти, работници и други граѓани излегле на улица и се судриле со војската. За да го смират незадоволството, властите донеле решение за **укинување на феудалните давачки** и ветиле устав и граѓански права. Меѓутоа, уличните борби продолжиле, по што императорот Фердинанд I и неговите дворјани избегале од Виена.

Борбата брзо се проширила низ голем дел од Австриската Империја. Во **Унгарија** револуционерите создале сопствена влада која најпрво барала автономија, а потоа и целосна независност од Австрија. Во Прага, пак, бил одржан **Словенски конгрес** на кој претставници на повеќето словенски народи ја истакнале идејата за панславизмот.

Во исто време избувнале немири и во германските и италијанските земји, со барања за национално обединување.

### Истражувачки предизвик

Во 1848 година, Јохан Штраус Постариот го компонирал „Маршот на Радецки“, посветен на фелдмаршалот Јозеф Радецки.

Заедно со наставникот по музичко образование ислушај го маршот, па самостојно обиди се да откриеш на кој настан од времето на Пролетта на народите е посветен.

### Дознај повеќе

**Селаните што повеќе не сакале револуција**

Во Австриската Империја, најважното барање на селското население било укинувањето на феудализмот. Кога власта ги укинала феудалните давачки во 1848 година, многу селани рекле „Ова ни е доволно“ и престанале да ги поддржуваат револуционерите.

Всушност, револуцијата ослабела затоа што се распаднало единството меѓу револуционерите, бидејќи дел од населението веќе го добило тоа што го сакало и се повлекло од борбата.

### Непознати зборови и термини

**Панславизам** - Идеја за поврзување, солидарност и соработка меѓу словенските народи.

Летото 1848 година почнала **контрареволуцијата**, предводена од властите и војската. Востаниците биле неединствени, а голоракиот народ не можел долго да се спротивстави на професионалните армии. До почетокот на 1849 година, повеќето револуции биле задушени.

Во Унгарија борбата продолжила и во 1849 година. Сепак, кога унгарските револуционери биле блиску до победа, рускиот цар Николај I одлучил да им помогне на Австријците. Загрижен дека немирите ќе се прошират и во Русија, тој испратил голема руска армија која ја **задушила унгарската револуција**.

Освен во Франција, револуционерните движења од 1848 година секаде завршиле со воен пораз. Сепак, тие оставиле трајни последици во Европа. Во Австриската Империја и во дел од германските земји феудализмот бил укинат, а идејата за слобода и сопствени национални држави продолжила да живее во наредните децении.


Николај I

## Обединувањето на Италија и создавањето на Германското царство

По Пролетта на народите, Италија сè уште била разединета. Главна пречка за обединување на италијанскиот народ била Австриската Империја, која имала власт врз голем дел од северна Италија.

Водечка улога меѓу италијанските држави имала државата Пиемонт. Со помош на Франција, таа успеала да ги порази Австријците и да обедини голем дел од северна и средна Италија. Овој процес често се нарекува **мало обединување на Италија**. Во 1861 година било прогласено **Кралството Италија**, со што најголемиот дел од италијанските земји се обединил во една држава.

Една од водечките фигури во обединувањето бил револуционерот **Џузепе Гарибалди**. Тој предводел група од доброволци познати како „Црвени кошули“ и ја освоил јужна Италија.

До 1870 година кон Кралството Италија биле приклучени Венеција и Рим. Со тоа било завршено **големото обединување на Италија** и била создадена национална држава на италијанскиот народ.

### Дознај повеќе

Кога Џузепе Гарибалди почнал да собира доброволци за борба за обединување на Италија, немал пари за вистински воени униформи. Неговата војска била составена од обични луѓе кои доаѓале со облеката што ја имале.

За да ги облече барем приближно исто, Гарибалди набавил црвени кошули што претходно се користеле како работна облека во Јужна Америка. Тие биле евтини, а на црвената боја крвта тешко се забележувала.

Според подоцнежни толкувања и популарни приказни, кога борците се појавиле на бојното поле облечени во исти кошули, кај непријателите се создавал впечаток дека пред нив стои организирана армија, па дури и дека нејзините борци не крварат и се непобедливи.


Џузепе Гарибалди

Обединувањето на Германија било предводено од Прусија. Главна улога во овие настани имал пруският државник **Ото фон Бизмарк**. Тој сметал дека обединувањето не може да се постигне со демократија и револуции, туку со вешта дипломатија и војни.

Бизмарк знаел дека најголема пречка за обединувањето на Германија била Австриската Империја, која имала силно влијание меѓу германските држави. Затоа тој сметал дека судирот со Австрија мора да се реши со војна.

Војната меѓу Прусија и Австриската Империја почнала во 1866 година. Во неа Прусија извојувала победа и ја презела водечката улога меѓу германските држави.

Меѓутоа, ова ја загрижило Франција, која не сакала моќна германска држава на своите источни граници. Затоа во 1870 година дошло до војна меѓу Прусија и нејзините германски сојузници од една страна и Франција од друга. Победата на германските држави предизвикала силна национална еуфорија кај Германците.

Во 1871 година, во дворецот Версај, пруският крал Вилхелм I бил прогласен за германски император (**кајзер**). Така било создадено **Германското Царство**, нова и моќна држава во срцето на Европа.



Ото фон Бизмарк (карикатура)

## Минатото низ извори

Во 1862 година, Ото фон Бизмарк изјавил пред прускиот парламент:

*„Големите прашања на нашето време не се решаваат со говори и одлуки на мнозинството... туку со железо и крв.“*

*Што сакал да каже Бизмарк со изразот „железо и крв“ и каков начин на решавање на проблемите поддржува?*

## Провери го наученото:

1. Зошто почнала Пролетта на народите?
2. Каква улога имале Џузепе Гарибалди и „црвените кошули“ во обединувањето на Италија?
3. Која држава и кој државник го предводеле обединувањето на Германија?

# Граѓанската војна во САД

## Причини за Граѓанската војна во САД

Со прогласувањето на независноста во 1776 година, од тринаесетте британски колонии на источниот брег на Северна Америка се создала нова држава – Соединетите Американски Држави. Во наредните децении САД брзо се ширеле кон запад, а новите територии се приклучувале кон **федерацијата** како **сојузни држави**.

До 1860 година, САД биле составени од 33 сојузни држави и неколку територии и се протегале од Атлантскиот до Тихиот океан. На прв поглед, државата изгледала стабилна. Сепак, под површината се криеле длабоки внатрешни разлики.

Разликите меѓу северните и јужните делови на САД постоеле уште од колонијалниот период, но по независноста станувале сè поочигледни.

**Северот** се развивал како **индустриски регион**. Таму се граделе фабрики, се ширела железничката мрежа, а работниците добивале плата за својот труд. Од Европа секојдневно пристигнувале нови доселеници, кои најчесто се населувале во градовите.

**Југот** се менувал побавно. Неговата економија сè уште се темелела врз **земјоделството и големите плантажи**, на кои најмногу се произведувал памук и се користел трудот на робови. Поради тоа, **ропството** било мошне важно за Југот. Многу јужни држави верувале дека идеите за слобода и укинување на ропството, кои



САД во 1860 година (сојузните држави се прикажани со зелена, а териториите со сива боја)

### Непознати зборови и термини

**Граѓанска војна** - Војна што се води меѓу граѓани на иста држава и се одвива на територијата на таа држава.

**Федерација** - Сојуз на држави кои заедно формираат една заедничка држава.

**Сојузни држави** - Држави кои се здружени во една заедничка држава. Секоја сојузна држава има сопствена власт, но постои и заедничка власт за сите сојузни држави.

**Федерална власт** - Заедничка власт за сите сојузни држави, која решава за најважните прашања во федерацијата. *На пример: Конгресот или претседателот на САД.*

### Дознај повеќе

Со ширењето на САД кон запад, на новите територии се населувале доселеници од Европа. Меѓутоа, на тие простори со векови живееле индијански племиња. За да ја присвојат земјата, во триесеттите години на XIX век американските власти ги присилиле припадниците на т.н. „пет цивилизирани племиња“ да ги напуштат своите домови. За време на присилните преселби, Индијанците, меѓу кои имало многу старци, жени и деца, пешачеле околу 1.500 километри, најчесто во зима, без доволно храна и засолниште. Илјадници од нив умреле од глад, студ и болести. Овие настани се познати како **„Патот на солзите“**. Преживеаните се населиле на „Индијанската територија“ во Оклахома, каде што живееле далеку од градовите и со ограничен пристап до плодна земја.

доминирале на Северот, го загрозуваат јужниот начин на живот. Затоа тврделе дека федералната власт нема право да се меша во нивните внатрешни прашања.

Како што САД се ширеле кон запад, се јавил сериозен проблем: секоја нова сојузна држава требала да одлучи дали ќе биде слободна или робовладетелска. Од ова прашање зависело дали Северот или Југот ќе има поголемо влијание при носењето на законите.

Изборот на **Абрахам Линколн** за претседател во 1860 година дополнително ја заострил ситуацијата. Иако не барал укинување на ропството, тој се спротивставувал на неговото ширење. Јужните држави ова го доживеале како закана за нивниот начин на живот.

Поради тоа, од крајот на 1860 и во текот на 1861 година, единаесет јужни држави донеле одлука да се отцепат од САД и да создадат сопствена држава, наречена **Конфедеративни Американски Држави**.



Европски емигранти на пат кон САД



Абрахам Линколн

## Почеток и тек на војната

Северот не го прифатил отцепувањето на јужните држави и спорот меѓу двете страни брзо прераснал во вооружен судир. Во април 1861 година, армијата на јужните држави ја нападнала тврдината Форт Самтер. Со тоа почнала **Граѓанската војна во САД**.

Северот, познат и како **Унија**, се борел за зачувување на САД како единствена држава. Наспроти него стоел Југот, односно **Конфедерацијата**, составена од единаесетте отцепени држави. Војната ја нарекуваме граѓанска, бидејќи се водела меѓу самите Американци.



Битка помеѓу војските на Унијата и Конфедерацијата



„Патот на солзите“

Граѓанската војна траела од 1861 до 1865 година и била една од најкрвавите војни во XIX век. Во бројните битки се судриле армии со стотици илјади војници, а борбите се воделе на широка територија низ САД. За прв пат во поголем обем се користеле **железницата и телеграфот**, што овозможило побрзо движење и снабдување на војските, како и побрза комуникација. Сè поголемо значење во војувањето имала **индустријата**, особено за Северот, кој располагал со многу фабрики и масовно произведувал оружје и воена опрема.

Освен индустриската моќ, предноста на Северот се состоела и во побројното население. Затоа, армијата на Унијата можела да води долготрајна војна и да го исцрпува противникот. Конфедерацијата, пак, се надевала на кратка војна и брза победа, бидејќи немала доволно ресурси за долго војување.

Во првите години од војната, ниту Северот ниту Југот не успеале да го скршат отпорот на противникот. Борбите биле долги и исцрпувачки, со променлив успех. Пресвртна точка претставувала **Битката кај Гетисбург** во 1863 година, во која армијата на Северот победила, а силите на Југот почнале да се повлекуваат.

Војната добила ново значење кога во 1863 година претседателот Линколн ја објавил **„Прокламацијата за еманципација“**. Со овој документ била прогласена **слободата на робовите во бунтовничките јужни држави**. Поради тоа, Југот останал без најважната работна сила. Дел од ослободените робови ја напуштиле територијата на Конфедерацијата и ѝ се приклучиле на армијата на Северот.



Војници со африканско потекло во армијата на Северот

## Минатото во сегашноста

Телеграфот бил измислен во 1837 година од Семјуел Морз. Првата телеграфска линија била пуштена во употреба во 1844 година, помеѓу градовите Вашингтон и Балтимор.

Телеграфот функционирал така што пораките се пренесувале преку електрични сигнали по жица, со користење на Морзеовата азбука, а не преку курири или гулаби како дотогаш. На тој начин вестите можеле да стигнат од едно до друго место за неколку минути, наместо за денови. Телеграфот имал особено важна улога за време на Граѓанската војна во САД.

*Денес телеграфот повеќе не се користи. Кои современи средства за комуникација ја имаат истата улога како телеграфот во XIX век?*

## Поврзи го знаењето

За време на Граѓанската војна во САД, имало случаи кога браќа, па дури и татковци и синови, се бореле во различни армии – едни за Унијата, други за Конфедерацијата.

*Разговарај со наставникот по историја и дознај дали во историјата на твојот народ и твојата земја имало случаи кога блиски роднини се нашле на спротивни страни во војна.*

*Што мислиш, зошто граѓанска војна, во која се борат луѓе од иста држава, најчесто остава потешки и подолготрајни последици отколку војна против надворешен непријател?*

До пролетта 1865 година, војската на Југот била поразена на сите фронтови. Во април истата година, главната армија на Конфедерацијата капитулирала, по што завршила Граѓанската војна. САД останале обединета држава.


Убиството на Абрахам Линколн

## Последици од Граѓанската војна

Граѓанската војна во САД однела **над 600.000 животи** и оставила длабоки траги во американското општество. Крајот на војната не донел целосно помирување, а поделбите создадени за време на конфликтот продолжиле да се чувствуваат и во иднина.

Едно од најчувствителните прашања било ропството. Во 1865 година тоа било **укинато во целата држава**, но слободата не значела и целосна еднаквост, бидејќи социјалните и расните нееднаквости продолжиле да постојат.

Победата на Северот го потврдила **значењето на индустријата** како клучен фактор во војувањето и развојот на државата. Токму индустриската надмоќ овозможила САД кон крајот на XIX век да се наметнат како едно од главните средишта на Втората индустриска револуција.

### Истражувачки предизвик

Неколку дена по завршувањето на Граѓанската војна во САД, претседателот Абрахам Линколн бил убиен додека гледал театарска претстава во Вашингтон. Тој бил првиот убиен претседател во историјата на САД.

*Истражи кој бил убиецот на Абрахам Линколн и зошто го направил тоа?*

### Провери го наученото:

1. Наведи ги главните причини за Граѓанската војна во САД.
2. Кој победил во Граѓанската војна и на што се должела победата?
3. Какви последици предизвикала Граѓанската војна во САД?

# Втората индустриска револуција

## Електричната енергија и индустрискиот развој

Во втората половина на XIX и почетокот на XX век, индустрискиот развој којшто почнал во Велика Британија се пренел и во други европски земји, како и во САД и Јапонија. Индустријата влегла во нова фаза, која историчарите ја нарекуваат **Втора индустриска револуција**.

Една од најважните промени во овој период било користењето на нови извори на енергија, меѓу кои најзначајна станала **електричната енергија**.

Парната машина, која била основа на индустријата во Првата индустриска револуција, постепено ја губела својата водечка улога. Дотогаш производството зависело од јаглен и вода и затоа фабриките често се граделе во близина на реки. Дополнителен проблем било тоа што дефект на парната машина можел да ја запре работата во целиот индустриски погон.

Со електричната енергија, оваа зависност се надминала. Фабриките можеле да се градат на различни локации, а секоја машина добила сопствен електричен мотор и работела самостојно.

Електричната енергија довела до побрзо производство, но за развој на индустријата биле потребни и поцврсти материјали.



Дете-работник (околу 1900 г.)



Никола Тесла

### Запознај историска личност

**Никола Тесла**

Пронаоѓач и научник од Балканот, роден во 1856 година. Најголемиот дел од својот живот го поминал во САД, каде работел на усовршување на системите за пренос и користење на електрична енергија. Неговиот најзначаен придонес бил развојот и примената на системот на наизменична електрична струја, кој овозможил електричната енергија ефикасно да се пренесува на големи растојанија. Со примената на наизменичната струја почнало помасовно електрично осветлување на градовите.

Во чест на Никола Тесла се именувани бројни училишта, научни институти и улици во различни земји, а неговото име го носат и електрични автомобили. По него е именувана и единицата за магнетна индукција – тесла (T).

Карактеристично за Втората индустриска револуција било користењето на челикот и развојот на **челичната индустрија**, особено во САД и Германија. За разлика од кованото железо, челикот бил поиздржлив и поевтин за масовно производство. Се користел за изградба на поцврсти мостови, железнички пруги и машини. Наместо од дрво и железо, возовите и бродовите се граделе од челик, со што добиле поголема цврстина и станале побрзи и побезбедни.

Во последните децении на XIX век значително се развила и **хемиската индустрија**. Таа овозможила производство на ѓубрива, вештачки бои и лекови, кои нашле примена во земјоделството, текстилната индустрија и медицината. Хемиската индустрија се потпирала на научни истражувања и образован кадар. На тој начин зајакнала **врската меѓу науката и индустријата**, што било една од главните одлики на Втората индустриска револуција.

Хемиската и челичната индустрија имале силно влијание врз **воената индустрија**. Челикот служел за производство на помоќни оружја и муниција, како и за оклопни бродови и подморници. Хемиската индустрија, пак, обезбедувала експлозиви и други материјали неопходни за модерно војување.

## Транспортот, комуникациите и масовното производство

Голем напредок се постигнал и во **сообраќајот и комуникациите**. Развојот на индустријата создал потреба од побрзи и поевтини начини за пренесување на суровини, производи и луѓе. Тоа создало услови за проширување и модернизација на транспортните мрежи, како и за развој на трговијата.

Кон крајот на векот биле произведени **првите автомобили** со мотори на внатрешно согорување. Тоа ја зголемило побарувачката на нафта и придонело за развој на **нафтената индустрија**.

Во повеќе градови во Европа и САД се воделе електрични трамваи и подземни електрични железници. Првата јавна електрична трамвајска линија била пуштена во 1881 година во Берлин, додека првата електрична подземна железница (метро) била изградена во Лондон во 1890 година.

### Истражувачки предизвик

Во 1912 година бил изграден дотогаш најголемиот патнички брод на светот – „Титаник“. На 10 април 1912 година, Титаник испловил од пристаништето во Саутемптон (Англија) и се упатил кон Њујорк (САД).

*Истражи што се случило со Титаник за време на пловидбата и каква била судбината на неговите патници.*



„Ајкула“ – една од првите руски подморници (1907 г.)



Првиот автомобил на Карл Бенц



Трамвај во Берлин (1881 година)

Истовремено, телеграфот и понатаму овозможувал пренесување информации на големи растојанија, а во 1876 година било патентирано новото средство за комуникација – **телефонот**. Телеграфот и телефонот значително ги промениле секојдневниот и деловниот живот.

На почетокот на XX век, промените во индустријата довеле и до нов начин на организирање на работата. Во големите фабрики, производството било поделено на помали и поедноставни задачи. Секој работник извршувал една иста работа, додека производот се движел по лента низ фабриката. Со ова почнало **масовното производство**. Поради побрзиот начин на производство, многу производи (автомобили, велосипеди и др.) станале поевтини и достапни за поширок дел од населението, а не само за најбогатите.



Ран модел на телефон од 1876 година (реплика)

### Дознај повеќе

**Автомобилите и нафтата**

Кога Германецот Карл Бенц го тестирал својот прв автомобил во 1886 година, возилото предизвикало големо внимание, страв и неверица. Машината правела бучава, мирисала на гориво и се движела без коњи, што за сите било нешто сосема ново. Интервенирала дури и полицијата, која понекогаш забранувала возење автомобили.

Историјата на автомобилите е тесно поврзана со нафтата. Пред појавата на автомобилот, нафтата главно се користела за осветлување, најчесто во форма на петролеј. Со развојот на моторите на внатрешно согорување, таа станала клучно гориво за сообраќајот и индустријата.

*Што мислиш, зошто државите што располагаат со нафта станале значајни на почетокот на XX век, но остануваат значајни и денес?*

## Индустријата и урбанизацијата

Индустрискиот развој ја забрзал и **урбанизацијата**, пред сè во САД и Западна Европа.

Користењето вештачки ѓубрива ги зголемило приносите, што значело дека помал број луѓе можеле да произведат повеќе храна. Како резултат на тоа, дел од селското население не бил потребен во земјоделството и почнал да мигрира во градовите, каде што се отворале нови работни места.

Електричната енергија, пак, го променила секојдневниот живот. Во домовите и јавните згради блеснала **електричната светилка**, а уличното осветлување го зго-



Улично осветлување (1883 г.)

### Минатото во сегашноста

За време на Втората индустриска револуција, се појавиле бројни технолошки и индустриски иновации.

*Кои од иновациите од Втората индустриска револуција и денес имаат важна улога во секојдневниот живот?*

*Кои работи што денес ги сметаме за вообичаени и неопходни сè уште не постоеле во тоа време?*

лемило чувството на безбедност. Граѓаните можеле да се движат, да работат и да се среќаваат и во вечерните часови, што претставувало огромна промена во однос на претходниот период.

Освен во површина, градовите почнале да растат и во височина. Челичната индустрија и усовршувањето на електричниот лифт со безбедносна сопирачка овозможиле изградба на многу **повисоки згради**. Првите облакодери биле изградени во Чикаго, а подоцна и во други градови во САД.

Низ поголемите градови сообраќале електрични трамваи, возови, а понекогаш и автомобили. Улиците постепено се поплочувале, а дел од нив биле и асфалтирани.

Масовното производство довело до зголемување на бројот на фабрики и работници. Истовремено, како и за време на Првата индустриска револуција, условите за работа и живот биле тешки, а платите ниски. Поради тоа, работниците почнале да се здружуваат во **синдикати**, т.е. здруженија што ги застапувале нивните интереси. Синдикатите се залагале за поголеми **работнички права**, како повисоки плати, пократко работно време и побезбедни услови за работа.

Сепак, модерните градови не биле карактеристични за поголемиот дел од светот, каде што населението сè уште не ги уживало придобивките од индустриските револуции.

Втората индустриска револуција ги поставила темелите на многу работи што се дел од нашето секојдневие, но имала и негативни последици. Брзиот индустриски развој довел до зголемена потреба од суровини и нови пазари, што создало услови за ширење на колонијализмот и империјализмот.



„Флетајрон“ во Њујорк – еден од првите облакодери во светот

**Поврзи го знаењето**

Наведи по две сличности и разлики меѓу урбанизацијата за време на Првата и Втората индустриска револуција.

## Провери го наученото:

1. Кој бил најзначајниот извор на енергија во Втората индустриска револуција и на кој начин го променил секојдневниот живот и индустријата?
2. Какви промени се случиле во транспортот и комуникациите за време на Втората индустриска револуција?
3. Опиши како изгледал еден модерен град во САД во почетокот на XX век.

# Ерата на колонијализмот и империјализмот


Пазар на робови во Бразил

Во текот на новиот век, некои држави во Европа го прошириле своето влијание и надвор од континентот. Тие освојувале и контролирале територии во Америка, Африка, Азија и Австралија. Ваквиот начин на владеење над други земји и народи се нарекува **колонијализам**.

Колонијализмот почнал во времето на големите географски открития, кога Шпанија и Португалија освоиле големи делови од Америка. Подоцна, колонии создавале и други држави, меѓу кои се издвојувале Велика Британија и Франција.

За време на индустриските револуции, европските држави имале потреба од суровини за фабриките, нови пазари за своите производи и евтина работна сила. Поради тоа, во XIX век тие почнале да воспоставуваат власт и контрола над сѐ поголем број територии.

Оваа нова фаза на колонијализмот, карактеристична за доцниот XIX век, се нарекува **империјализам**. Империјализмот претставува политика на Големите сили да владеат со други народи и земји преку воена сила и економска потчинетост.


Симон Боливар

## Колонијализмот во Латинска Америка и Африка

Колонијализмот во Латинска Америка почнал во XVI век, кога големи делови од Средна и Јужна Америка биле претворени во колонии.

До почетокот на XIX век, колонијалната власт почнала да слабее. Под водство на личности како **Симон Боливар**, избувнале револуционерни движења, по што повеќето земји стекнале независност. Со тоа завршило директното владеење на европските држави во овој дел од светот.

Меѓутоа, странското влијание не исчезнало целосно. Многу од новите држави во Латинска Америка останале економски зависни од посилни земји, особено преку трговијата и извозот на суровини.

**Истражувачки предизвик**

Во првите три децении на XIX век, повеќето земји во Јужна Америка стекнале независност од европската колонијална власт.

Истражи и одговори:

*Која денешна јужноамериканска држава го добила своето име според Симон Боливар?*

*Кои јазици денес се зборуваат во Јужна Америка? Каква врска има тоа со колонизацијата во новиот век?*




Колониите во Африка во 1913 година



Британскиот бизнисмен Сесил Роудс – симбол на империјализмот во Африка

Во втората половина на XIX век, Африка станала главна цел на империјализмот. Меѓу најмоќните европски држави почнала трка за освојување на континентот, позната како **„Трка за Африка“**.

Клучен момент била **Берлинската конференција** (1884–1885), на која европските држави ја поделиле речиси цела Африка. Притоа биле повлечени вештачки граници и создадени нови колонии, без да се води сметка за етничките, културните и историските особености на локалното население.

Во многу делови од Африка, колонијалното владеење било обележано со насилство и експлоатација. Иако **ропството** официјално било укинато во XIX век, властите наметнувале присилна работа, што по многу нешта наликувало на ропство.

Европските компании ги контролирале природните богатства, како злато, дијаманти, гума и какао, додека локалното население ретко имало корист од својот труд.

Како последица на ваквите услови, избувнале **востанија и други форми на отпор**. Некои народи се спротивставиле со оружје, а други преку одбивање на европската облека, европските јазици и христијанството. Иако отпорот бил храбар, африканските народи се соочиле со сериозни тешкотии поради воената и индустриската надмоќ на европските сили.

### Ако ти беше таму...

*Ако живееше во 1885 година, како би реагирал на веста дека една земја е поделена и ставена под власт на странска држава без согласност на населението? Дали сметаш дека тоа е праведно? Објасни го својот став.*

### Дознај повеќе

Само две африкански држави успеале да ја зачуваат својата независност за време на „Трката за Африка“.

Етиопија останала независна откако ги поразила италијанските сили и не дозволила да биде окупирана од Италија.

Либерија, пак, била основана како држава за поранешни робови од САД и го добила името од латинскиот збор *liber* (слобода). Затоа, Либерија често се нарекува „земја на слободните“.

## Колонијализмот во Азија и Австралија

Во XVIII и XIX век, Велика Британија постепено воспоставила власт врз **Индија** и почнала да ја користи за сопствени потреби. Наместо да произведуваат храна за себе, многу индиски селани биле принудени да одгледуваат памук и индиго за извоз во Европа. Поради тоа, храната станала поскапа и сè потешко достапна за локалното население.

Револтот дополнително се зголемил поради мешањето на британските власти во традициите и религијата, како и поради дискриминацијата кон локалното население. Тоа довело до **Сипајското востание** во 1857 година, најголемиот индиски бунт против британската власт во XIX век. Востанието траело околу една година и било задушено со многу цивилни жртви.

Иако не била класична колонија, **Кина** претрпела сериозни последици од европскиот империјализам. Во XIX век, Велика Британија купувала големи количини чај од Кина, но кинеските трговци не сакале да купуваат британски производи и барале плаќање во сребро. Бидејќи Британија немала доволно сребро, почнала масовно да продава опиум во Кина. Овој опасен наркотик брзо се проширил низ земјата и предизвикал голема зависност меѓу населението.

Кога кинеските власти се обиделе да ја забранат трговијата со опиум, дошло до вооружен судир со Велика Британија, познат како **Прва опиумска војна** (1839-1842). Подоцна следела и **Втората опиумска војна** (1856-1860), во која покрај Британија учествувала и Франција. По поразите, Кина била принудена да потпише нерамноправни договори, со кои странските сили добиле значајни трговски привилегии.

**Поврзи го знаењето**

Во 1850 година избувнало Тајпинското востание – масовен бунт против владеачката династија во Кина. Него го предводел човек што тврдел дека е помлад брат на Исус Христос и повикувал на создавање ново, поправедно општество. Многу сиромашни селани, револтирани од гладта, високите даноци и корупцијата, му се приклучиле. Востанието траело повеќе од десет години и однело над 20 милиони животи, што го прави еден од најсмртоносните конфликти во светската историја.

*За кои револуции и востанија во новиот век што досега ги учеше можеш да кажеш дека биле поврзани со глад, сиромаштија и високи даноци?*



Кинеските власти го уништуваат опиумот



Британската Империја го црпи богатството на Индија (карикатура)



Битка меѓу кинески и британски војници (1842 г.)

Европските сили воспоставиле колонијална власт и во други делови од Азија. Франција го освоила Виетнам и поширокиот регион Индокина, додека Холандија ја контролирала Индонезија. Филипините најпрво биле под шпанска власт, а кон крајот на XIX век преминале под контрола на САД, кои се вклучиле во трката за колонии.

Кон крајот на XVIII и во текот на XIX век, Велика Британија ја колонизирала **Австралија**. Домородното население било потиснато, а британските доселеници се населиле на земјите што претходно им припаѓале на домородните народи.



Британски затвореници во Австралија

## Последици од колонијалното владеење

Колонијализмот оставил **длабоки и долготрајни последици** во многу делови од светот. Во некои области, како Средна и Јужна Америка, домородното население значително се намалило поради болести, насилство и тешки услови за живот. Европските власти во колониите наметнале **европски јазици и вредности**. Мисионерите го ширеле христијанството, без да водат сметка за локалните религии и култура. Колонизаторите изградиле патишта и железници, но тие најчесто служеле за полесна контрола и извоз на природните богатства.

Во Африка, Латинска Америка и Азија, последиците од колонијалното владеење се чувствуваат и денес. Долготрајната економска зависност и нееднаквиот развој создале сиромаштија, поради што многумина ја напуштаат својата татковина и се иселуваат во поранешните метрополи.

### Минатото во сегашноста

Првите европски доселеници во Австралија во најголем дел биле затвореници, испратени од Велика Британија. Подоцна, со откривањето на природни богатства и со развојот на земјоделството, почнало доброволно доселување на слободни луѓе од Европа.

Од поранешна казнена колонија, Австралија постепено прераснала во една од најразвиените современи држави, во која живеат луѓе со различно етничко и културно потекло.

*Дали примерот на Австралија покажува дека една држава може да го надмине своето тешко минато? Објасни го својот одговор со пример од текстот.*

### Провери го наученото:

1. Што значи империјализам и кога се развил?
2. Што претставува „Трката за Африка“?
3. Какви последици имало колонијалното владеење врз освоените народи?

# Меѓународните односи во светот (1870–1914)

Во втората половина на XIX и на почетокот на XX век, светот брзо се менувал и станал непрепознатлив за постарите генерации. Железниците, модерните бродови, телеграфот и миграциите ги поврзале далечните простори и ги зближиле државите и народите.

Истовремено, меѓу **Големите сили** се заострила трката за колонии и вооружување. Соперништвото меѓу најмоќните држави довело до поделба на Европа на спротивставени блокови, со последици што се чувствувале и во другите делови на планетата.

Затоа, на преминот на вековите светот никогаш претходно не бил толку поврзан, а во исто време толку длабоко поделен.

## Големите сили и нивните интереси

Во последните децении на XIX век, светот бил евроцентричен. Клучните одлуки во меѓународните односи се носеле во Европа, од страна на неколку држави.

По обединувањето на Германија и на Италија, во Европа имало **шест Големи сили**: Велика Британија, Франција, Русија, Германија, Австро-Унгарија и Италија. Дел од нив располагале со силни флоти и биле **поморски сили**, додека останатите се потпирале на големи армии и важеле за **копнени сили**.

Во овој период, **Велика Британија** сè уште имала водечка улога во меѓународните односи. Како најзначајна поморска сила со развиена индустрија и бројни колонии, таа не сакала да дозволи појава на соперник што би ја загрозил нејзината превласт.



Европските политичари ја делат Африка на Берлинската конференција (1884)

### Непознати зборови и термини

**Блок** - Група држави што се поврзуваат во сојуз врз основа на заеднички интереси.

**Евроцентризам** - Гледиште според кое Европа се смета за центар на светот, а европските држави имаат водечка улога во меѓународните односи.



Британската кралица Викторија

### Поврзи го знаењето

Германија почнала да создава колонии дури во 1884 година. Нејзините колонијални поседи се наоѓале во делови од Африка и на неколку острови во Тихиот Океан.

*Зошто Германија, иако била најголема индустриска сила во Европа по 1870 година, имала мал број колонии?*



Франц Јозеф I и неговата сопруга Елизабета (Сиси), владетели на Австро-Унгарија



Рускиот цар Александар III и селски првенци

**Франција**, пак, истовремено била копнена и поморска сила. Најважно за неа било да ги зачува и прошири колонијалните поседи и да го ограничи јакнењето на новиот сосед – Германија.

**Русија** заостанувала во индустрискиот развој и сè уште имала остатоци од феудалниот поредок. Сепак, поради својата огромна територија и бројно население, таа важела за копнена сила. Нејзината надворешна политика била пред сè насочена кон Источна Европа и Балканот, каде што се претставувала како заштитник на словенските народи.

До крајот на XIX век, **Германија** се издигнала во најголема индустриска сила во Европа. Индустрискиот подем ја поттикнал да бара колонии и нови пазари, како и да вложува во јакнење на армијата и воената флота.

Австриската Империја, која од 1867 година се нарекува **Австро-Унгарија**, била копнена сила. Таа се соочила со сериозни внатрешни проблеми поради националните движења на различните народи. На надворешен план, нејзин приоритет бил проширување на влијанието на Балканот.

**Италија**, како млада сила, својата политика ја ориентирала кон стекнување колонии во Африка и кон поголема улога на Средоземното Море.

Покрај европските држави, кон крајот на XIX век на светската сцена се појавиле и нови сили: **САД и Јапонија**, кои се издигнале благодарејќи на брзиот индустриски развој.

## Истражувачки предизвик

На почетокот на XX век, Русија се обидела да го прошири своето влијание во Источна Азија, што довело до судир со Јапонија. Во 1904 година избувнала Руско-јапонската војна. Јапонија располагала со помодерна армија и флота и во 1905 година извојувала победа.

Во редовите на руската армија се бореле и доброволци од една држава на Балканот. Меѓутоа, Јапонија и балканската држава официјално не биле во војна и затоа никогаш не потпишале мировен договор. Сепак, некои историчари ова го толкувале како знак дека војната меѓу двете земји воопшто не престанала.

Кога по многу години балканската држава повторно стекнала независност во 2006 година, Јапонија официјално потврдила дека повеќе не постои техничка состојба на војна.

*Истражи која држава од Балканот „заборавила“ да потпише мировен договор со Јапонија по Руско-јапонската војна!*

## Соперништвото меѓу Големите сили

На почетокот на XX век, Големите сили не војувале една со друга, но меѓу нив постоело големо соперништво и недоверба.

Една од клучните причини за конкуренцијата меѓу водечките земји во светот била **борбата за колонии**. Особено остро било соперништвото меѓу старите колонијални сили и новите држави – Германија и Италија. Додека Велика Британија и Франција сакале да се задржи постојната поделба на светот, Германија и Италија се стремеле кон прераспределба на колониите.

Интересите на европските сили се судриле и на **Балканот**, каде што Австро-Унгарија и Русија се натпреварувале за влијание. Истовремено, новите балкански држави посакувале да ја прошират својата територија за сметка на Османлиската Империја. Поради тоа, Балканот често бил нарекуван **„буре барут“**, подготвено да експлодира во секој момент.



Соперништвото меѓу Големите сили за прераспределба на колониите (карикатура)

**Минатото низ извори**

*„Иако Балканот е наречен ‘европското буре барут’, искрата што го пали речиси секогаш доаѓа однадвор“.* - Карол Давила, поранешен романски дипломат во САД, 7.10.1943.

*На што мислел Карол Давила кога рекол дека искрата што го палела бурето барут речиси секогаш доаѓала надвор од Балканот?*

## Формирање на сојузи во Европа

Во зависност од сличностите и разликите во своите цели, европските држави се групирале во блокови и склучувале сојузи.

Во 1882 година, на иницијатива на Ото фон Бизмарк, бил склучен **Тројниот сојуз**. Во него влегле Германија, Италија и Австро-Унгарија. Италија и Германија имале заеднички непријател – Франција – од која се чувствувале загрозени. Освен тоа, како нови држави, тие доцнеле во



Тројниот сојуз. Германија (лево), Австро-Унгарија (средина), Италија (десно) – Карикатура



Германија сака да го освои светот (британска карикатура)

трката за колонии и биле во неповолна положба во однос на старите колонијални сили. Австро-Унгарија, пак, се борела против Русија за влијание на Балканот и ѝ бил потребен заштитник, кого го нашла во Германија.

Како одговор на Тројниот сојуз, било оформено сојузништво меѓу Русија, Франција и Велика Британија. Најпрво, Франција и Русија склучиле сојуз во 1894 година поради заканата од силниот сосед, Германија. Велика Британија долго време сметала дека е доволно моќна и не ѝ е потребен сојуз со други држави. Меѓутоа, кога Германија почнала засилено да ја развива морнарицата, тоа предизвикало загриженост во Британија. Затоа, во 1907 година таа склучила договор со Русија и се поврзала со Франција, со што била оформена **Тројната Антанта**.



Земји-членки на Тројниот сојуз и Тројната Антанта

Сојузите биле замислени како гаранција за сигурност, но во пракса ја зголемиле опасноста од војна. Почнала **трка за вооружување**, во која Големите сили вложувале огромни средства во модерни армии и ново оружје.

Во тие моменти се разгорел и **национализмот**. Преку медиумите се ширела идејата за супериорноста на сопствената нација. Истовремено, најчесто во вид на карикатури, непријателите биле претставени како опасни или помалку вредни.

Иако официјално владеел мир, светот се подготвувал за Првата светска војна.

### Минатото во сегашноста

Во лекцијата прочита дека Големите сили се групирале во блокови и склучиле воени сојузи заради заеднички интереси и безбедност.

*Дали и денес постојат воени или економски сојузи во светот? Наведи два примери.*

### Провери го наученото:

1. Кои држави ја имале главната улога во меѓународните односи во периодот од 1870 до 1914 година?
2. Зошто меѓународните односи (1870-1914) биле обележани со соперништво и недоверба меѓу државите?
3. Зошто некои европски држави влегле во Тројниот сојуз, а други во Антантата?

# Науката и културата во Европа и светот од средината на XIX век до Првата светска војна

## Науката и најзначајните научни откритија

Врската меѓу науката и индустријата била една од главните карактеристики на Втората индустриска револуција. Индустријата го поттикнала развојот на науката, но без науката напредокот на индустријата би бил невозможен.

**Електричната енергија** имала огромно значење за индустријата и секојдневниот живот. Сепак, во почетокот не било јасно како таа треба да се произведува и користи. Токму околу ова прашање се кршеле копјата меѓу научниците и пронаоѓачите. Најпознати меѓу нив биле **Никола Тесла и Томас Едисон**. Тесла го развил системот на наизменична струја, додека Едисон ја поддржувал употребата на еднонасочна струја. Овој судир на идеи е познат како **„Војна на струите“**.

Голем напредок се постигнал и во другите научни области. **Чарлс Дарвин** ја објавил **теоријата за еволуцијата**, според која живите суштества постепено се менуваат и се приспособуваат на средината преку природна селекција. Со ова откритие од темел се променило разбирањето за потеклото на живиот свет.

**Медицината**, пак, напредувала со развојот на вакцинацијата. Ова овозможило да се спречат многу заразни

### Поврзи го знаењето

Потсети се на научните откритија што ги учеше во лекцијата за науката и културата од средината на XVII до средината на XIX век. Што мислиш, како новите научни и технолошки откритија по 1850 година го промениле светот во споредба со претходниот период?

### Минатото низ извори

Првиот документиран телефонски повик го направил изумителот на телефонот, Александар Г. Бел, на 10 март 1876 година. За време на еден експеримент му била потребна помош и преку уредот кој штотуку го испробувал му се обратил на својот асистент со зборовите:

*„Господине Вотсон, дојдете тука, сакам да ве видам.“*

Реченицата е запишана во белешките на Бел, а ја потврдил и неговиот асистент Томас Вотсон, кој се наоѓал во друга просторија и ги слушнал зборовите преку поврзан телефонски уред.



Томас Едисон со рани модели на електрична светилка



Марија Кири

болести и да се продолжи животниот век. **Луј Пастер** ја применил вакцината против беснило, која била прва успешна вакцина создадена во лабораторија. Големо откритие било и пронаоѓањето на **икс зраците** од Вилхелм Рентген. Лекарите конечно можеле да ја испитуваат внатрешноста на човековото тело без операција.

Дмитриј Менделеев го создал **периодниот систем на елементите**, со кој хемиските елементи биле подредени по јасен ред, што го олеснило нивното изучување. До 1914 година, важни откритија биле направени и во **физиката**, поврзани со научната работа на Марија Кири, Анри Бекерел и Алберт Ајнштајн.

Кон крајот на XIX век, автомобилот и телефонот постепено го менувале начинот на движење и комуникација. Во 1903 година **браќата Рајт** го извеле првиот контролиран лет со **авион**, со што се најавила новата ера во воздушниот транспорт. Во подем била и безжичната комуникација, поврзана со откритијата на Италијанецот **Маркони**, која овозможила пренос на сигнали без жица и го означила раѓањето на **радиото**.

## Модерната култура

Кон крајот на XIX и почетокот на XX век, големите градови пулсирале со нова енергија. Улиците биле осветлени, кафулињата преполни, а утрата почнувале со читање на најновите вести во весниците. Граѓаните сѐ почесто излегувале од домовите во потрага по забава и нови искуства. Во времето на **Бел Епок** се родила **модерната култура**, која била култура на градот. Таа се ширела преку весниците и новите облици на забава и била наменета за широка публика, а не само за тесниот круг на богати и образовани луѓе.

Од средината на XIX век, во **уметноста** се развиле неколку нови правци кои на различен начин го прикажувале светот.

**Реализмот** се стремел да ја прикаже стварноста таква каква што била, при што уметниците сликале селани, работници и сцени од секојдневниот живот. **Импресионизмот** се насочил кон тоа како светот изгледа во еден миг и во одредена светлина, па често прикажувал природа или ист мотив во различно време од денот. Во **постимпресионизмот**, најважно станало личното чувство на уметникот. Еден од најпознатите претставници на овој правец бил **Винсент ван Гог**.

### Истражувачки предизвик

По 1887 година, најбогатите граѓани од САД и Западна Европа почнале да слушаат музика дома, на уред што се викал грамофон.

*Истражи како изгледал грамофонот и како се користел за слушање музика.*



Првиот успешен лет со моторно летало, декември 1903 година

### Минатото во сегашноста

Винсент ван Гог во текот на својот живот создал повеќе од 800 слики, но успеал да продаде само една. Сликата ја продал за околу 400 белгиски франци, што претставувало мошне скромна сума дури и за тоа време. Денес сликите на ван Гог се сметаат за ремек-дела и достигнуваат огромна вредност.

*- Кои од настаните или појавите денес мислиш дека не ги сметаме за важни, а идните генерации можеби ќе ги изучуваат во учебниците по историја?*



Винсент ван Гог – „Ѕвездена ноќ“ (1889), постимпресионизам

Реализмот го прикажувал светот *каков што е*, импресионизмот *каков што се гледа во моментот*, а постимпресионизмот *каков што се чувствува.*

Во истиот период писателите пишувале за проблемите во модерното општество. Во книгите се прикажувал животот во големите градови, сиромаштијата, тешките услови за работа и односите меѓу луѓето. Романите не биле веќе само забавни приказни. Тие служеле и за да се укаже на неправдите и потребата од промени. Меѓу најзначајните писатели во оваа ера биле **Лав Толстој, Чарлс Дикенс, Фјодор Достоевски и Емил Зола**.

Во последните години на XIX век се појавило **киното** како нова форма на модерната култура. За разлика од уметноста наменета за елитата, киното било достапно за широката публика и брзо станало популарна забава во градовите. Клучниот момент во неговиот развој се случил во 1895 година, кога **браќата Лимиер** ја организирале првата јавна кино-проекција во Париз.

Истовремено и **спортот** престанал да биде забава на елитата и станал дел од секојдневниот живот на милиони луѓе. Во индустриските градови, пред сè во Велика Британија, **фудбалот** прераснал во најмасовниот спорт меѓу работниците и младите.

Во втората половина на XIX век, државите јавно ги претставувале своите најнови достигнувања во индустријата, науката, техниката и културата на големи меѓународни изложби. Најпозната меѓу нив била **Светската изложба во Париз во 1889 година**, организирана по повод стогодишнината од Француската револуција. За таа пригода била изградена **Ајфеловата кула**, која во тој момент била највисоката градба во светот.



Фудбалски натпревар во 1872 година



Мода на почетокот на XX век

### Дознај повеќе

Модата била важен дел од модерната култура кон крајот на XIX и почетокот на XX век. Кај жените доминирале долги фустани, корсети и широки здолништа, а во машката мода најзастапен бил костумот – пантолони, кошула, елек и сако.

Голема улога во развојот на модата во овој период имал познатиот дизајнер Чарлс Фредерик Ворт, кој се смета за „татко на високата мода“. Тој прв вовел сезонски колекции во Париз.




Светската изложба во Париз (1889), постер

## Борбата за права на жените

Една од најважните цели на женското движење кон крајот на новиот век била борбата за **право на глас**, позната како **суфражетство**. Жените кои се залагале за избирачко право се нарекувале суфражетки. Тие организирале јавни собири, а дел од нив користеле и порадикални методи, како штрајкови со глад и прекинување политички настани. Многу суфражетки биле уапсени и јавно исмевани, но не се откажале од борбата.

Првиот значаен успех се постигнал во Нов Зеланд, каде што жените добиле право на глас во 1893 година.

Значајно место во процесот на еманципација имало **образованието**, кое создало услови жените да се вклучат во науката, културата и јавниот живот. Освен тоа, тие се бореле и за **економска независност и работнички права**.




Суфражетки

### Провери го наученото:

1. Наведи неколку од најважните научни откритија во втората половина на XIX и почетокот на XX век!
2. Која нова форма на забава се појавила во 1895 година и кој спорт станал најпопуларен меѓу работниците и младите?
3. Која била главната цел на борбата за правата на жените во новиот век и каде првпат жените добиле право на глас?

# 4

# БАЛКАНОТ КОН КРАЈОТ НА XIX И ПОЧЕТОКОТ НА XX ВЕК



# Османлиската Империја до Букурешкиот мировен договор

## Владеењето на султанот Абдул Хамид II и појавата на младотурското движење

Големата источна криза предизвикала сериозни проблеми во Османлиската Империја и ја ослабнала нејзината меѓународна позиција. Востанијата и војните на Балканот им дале можност на европските сили повторно да се вмешаат во внатрешните работи на Империјата. Тие побарале **нови реформи** и **подобрување на положбата на немуслиманското население** во Османлиската Империја.

Во такви услови се појавило движењето на **Младите Османлии**, чии приврзаници подоцна станале познати како **младотурци**. Тоа биле млади, образовани луѓе кои учеле во западноевропските држави. Во текот на своето образование, тие станале свесни за заостанатоста на нивната држава во однос на европските држави.

Младотурците сметале дека само преку длабоки реформи може да се спречи распаѓањето на Империјата. Поради тоа организирале протести во Цариград и барале ограничување на султановата власт. Под притисок на овие протести дошло до неколку брзи промени на османлискиот трон, после кои нов султан станал **Абдул Хамид II.**

За да се ослободи од надворешниот притисок за реформи, Абдул Хамид кратко по доаѓањето на тронот објавил дека во Империјата е донесен **устав**. На тој начин, Османлиската држава станала **парламентарна монархија**, а султановиот апсолутизам бил ограничен. Сепак, ваквиот систем имал краток век. По само две одржани седници, султанот го распуштил парламентот, го укинал уставот и го вратил **апсолутизмот**. На тој начин почнало неговото долго владеење, кое траело повеќе од три децении (1876-1909 г.).

Абдул Хамид воспоставил строг **систем на надзор и контрола**. Била создадена тајна полиција со доушници кои го следеле секој јавно искажан збор, однесувањето на државните службеници, новинарите и интелектуалците. Секој сомнеж за нелојалност кон султанот бил казнуван со затворање или протерување од државата. Востанијата и немирите во Империјата биле жестоко задушувани. Поради ваквиот начин на владеење, султанот Абдул Хамид II во европската јавност бил наречен **„црвениот султан“**.

**Дознај повеќе**

Меѓу поддржувачите на младотурското движење бил и младиот османлиски принц Абдул Хамид, кој потоа го наследил престолот. Како султан, Абдул Хамид се претворил во нивни најголем непријател. Ги обвинувал за предавство на традициите и верата.



Султанот Абдул Хамид II – портрет од 1899 година



Поздравен говор на султанот по повод почетокот на работата на османлискиот парламент



Султанот Абдул Хамид пристигнува на петочна молитва во Јилдиз џамијата во Цариград (колоризирано)

Сепак, во времето на Абдул Хамид биле направени и големи чекори кон **модернизација на државата**. Се граделе нови железници, училишта и разни видови медицински установи. Телеграфската мрежа била проширена, а војската реорганизирана по европски модел.

## Младотурците на власт

Младотурците биле прогонувани од султановата власт, но не се откажале од своите идеи. Тие се залагале за **враќање на уставот и парламентот**. За остварување на таа цел, тие во емиграција го формирале комитетот **„Единство и напредок“**. Во 1905 година, седиштето на комитетот било пренесено во Солун. Младотурското движење стекнало голем број приврзаници меѓу **офицерите во османлиската војска**. Исто така, младотурците воспоставиле контакти со **потчинетото население** во европските делови на Империјата и почнале да се подготвуваат за акција.

Во јули 1908 година, младотурските офицери во османлиската војска стационирана во **Македонија** кренале бунт против султанот. Единиците кои султанот ги испратил да го задушат бунтот преминале на страната на бунтовниците. По кратко време кон бунтот се приклучиле и други делови од војската. Соочен со таква ситуација, султанот бил принуден да попушти. Уставот бил вратен, а парламентот повторно свикан. На тој начин државата повторно станала **парламентарна монархија**.

**Младотурскиот преврат** бил дочекан со воодушевување од населението во европскиот дел на државата. Паролата за слобода, еднаквост и братство го постигнала

### Истражувачки предизвик

Во времето на Абдул Хамид II особено строга била контролата врз информациите. Весниците, списанијата и книгите биле проверувани пред да бидат објавени, а употребата на зборови како „слобода“, „устав“ и „револуција“ била забранета. Во 1903 година, поради македонското ослободително движење бил забранет и зборот „Македонија“. Некои весници излегувале со празни места таму каде што цензорите избришале цели реченици од текстот. Многу писатели и новинари биле принудени да ја напуштат државата.

Дури и денес во одредени држави јавно искажаниот збор се контролира. Обиди се да пронајдеш таков пример и одговори:

*Зошто некои држави не сакаат народот да има пристап до сите информации? Кое основно човеково право се прекршува преку таквата контрола?*



Прв конгрес на друштвото „Единство и напредок“ (Париз, 1902 година)



Поштенска марка од 1908 година со водачите на бунтот во војската Енвер-бег и Нијази-бег

посакуваниот ефект. Со воведувањето на парламентаризмот се создале услови за **легална политичка активност** на дотогашните илегални организации. Разните вооружени чети и групи, кои до скоро се бореле против султановата власт, се помирувале со османлиските офицери. Во сите градови владеела славеничка атмосфера.

Сепак, кратко по почетната еуфорија се појавило **незадоволство од власта на младотурците**. Очекуваните реформи не се случиле, а државата се соочила со нови предизвици на своите западни граници. Користејќи ја нестабилноста во Империјата, Австро-Унгарија ја анектирала Босна и Херцеговина, Бугарија прогласила независност, а Крит најавил припојување кон Грција.

Сите овие настани им дале можност на приврзаниците на султанот да се обидат да го укинат уставот и да го вратат апсолутизмот. Сепак, таквиот обид брзо бил задушен од страна на младотурците. Во задушувањето на бунтот учествувале и претставници на другите народи во државата. Абдул Хамид II бил симнат од власт, а на престолот бил поставен неговиот брат **Мехмед V**.

По воспоставувањето на власта, наместо реформите кои народот ги очекувал, младотурците се вратиле кон **репресијата** од времето на Абдул Хамид II. Младотурскиот режим почнал да ја развива идејата за „**отоманизација на државата**“. Ваквите мерки дополнително го зголемиле незадоволството во европските делови на Империјата. На тој начин, младотурците не само што не донеле реформи, туку и го забрзале крајот на османлиското владеење во Европа.

## Османлиската Империја во Балканските војни

Амбиентот на Балканот во почетокот на XX век покажувал дека османлиската власт врз овие територии повеќе нема иднина. Поради тоа, надворешната политика на новите балкански држави (Грција, Србија, Бугарија) била насочена кон меѓусебна **поделба на преостанатите османлиски владенија на Балканот**. Зад секоја од овие држави стоеле интересите на дел од Големите сили. Така, додека младотурците се обидувале да создадат „отоманска нација“, балканските држави почнале преговори за формирање на сојуз кој ќе ги протера Османлиите од Балканот.

По долги преговори и големи несогласувања околу прашањето за поделба на Македонија, во 1912 година бил формиран **Балканскиот сојуз**. Во него влегле **Буга-**



Детронизираниот Абдул Хамид II последен пат се вози по улиците на Цариград

**Непознати зборови и термини**

**Отоманизам/Османизам**

Официјална идеологија на османлиската држава во времето на младотурскиот режим. Таа промовирала создавање на единствена отоманска нација, составена од одделните народности во државата. Сепак овој проект не успеал затоа што народите во Империјата веќе имале развиено сопствена национална свест.



Потпишување на Лондонскиот мировен договор (мај 1913 г.)

**рија**, **Србија**, **Грција** и **Црна Гора**. Четирите балкански држави почнале да се подготвуваат за напад врз Османлиската Империја.

Во октомври 1912 година балканските сојузници ја нападнале Османлиската Империја. Така почнала **Првата балканска војна**. Османлиските територии на Балканот биле претворени во едно големо боиште, а сојузниците веднаш почнале да бележат големи успеси. **Српските сили** освоиле делови од Санџак, Косово, Македонија и Северна Албанија. **Бугарската војска** влегла во Источна Македонија и Тракија, а била запрена дури пред портите на османлиската престолнина – Цариград. **Грчките сили** го зазеле Епир, дел од Јужна Македонија и останатите егејски острови, додека **црногорската војска** имала успешни воени акции во Санџак и Косово. Османлиите биле поразени, а со **Лондонскиот мировен договор** биле признати новите територијални промени на Балканот.



Балканот пред Балканските војни

Кратко по завршувањето на војната почнале и првите несогласувања на довчерашните сојузници во однос на поделбата на Македонија. Тие несогласувања биле причина за **Втората балканска војна** во 1913 година. Во оваа војна, **Бугарија** завојувала против **Србија** и **Грција**. По катастрофата што ја доживеала бугарската војска, Османлиите се приклучиле во војната против Бугарија. Така успеале да вратат мал дел од своите поранешни владенија во Тракија. Војната завршила со пораз на Бугарија. Во август 1913 година бил потпишан **Букурешкиот мировен договор**, со кој била извршена прераспределба на териториите меѓу балканските сојузници. Османлиите, преку посебен договор со Бугарија, задржале најголем дел од вратените територии во Тракија. Сепак, со балканските војни бил **означен крајот на османлиската доминација на Балканот**.



Балканот по Балканските војни

## Провери го наученото:

1. Кои сили биле носители на идеите за промени во Османлиската Империја?
2. Опиши го доаѓањето на младотурците на власт и нивното владеење.
3. Кои биле резултатите од Балканските војни за Империјата?

# Србија од независноста до Првата светска војна

Добивањето на независноста на Србија предизвикало воодушевување кај народот. Кнезот Милан и српските политичари сакале да го искористат ова расположение за зацврстување на својата положба. Земјата, која дотогаш била под туѓа власт, се соочувала со нови задачи и тешкотии. Таа ја зголемила својата територија, но сè уште била мала и економски слаба, поради што не можела брзо да се развива.

## Србија станува кралство

Српскиот кнез **Милан Обреновиќ**, уште од почетокот на своето владеење, се обидувал постепено да ја зајакне својата власт. Како и неговите претходници од династијата Обреновиќ, тој покажувал способност за управување со државата, но истовремено настојувал власта да ја задржи во свои раце. Милан го искористил договорот со Австро-Унгарија, кој му обезбедувал политичка и воена поддршка, за да ја прогласи Србија за кралство. Во **1882 година**, со големи прослави и свечен чин, Србија била **прогласена за кралство**. Милан Обреновиќ станал **прв крал на Србија**.

Откако Милан станал прв крал на современа Србија, **ја укинал народната војска и вовел редовна воена служба**. Тој сметал дека народната војска е застарена и дека не може сигурно да ја брани државата. Во

### Минатото низ извори

Кралот Милан Обреновиќ го известил народот дека Србија од кнежевство станала кралство. Во прогласот тој истакнал дека овој чин се смета за исполнување на долгогодишните желби на српскиот народ и дека новото кралство ќе тргне по патот на напредокот, слободата, редот и правдата. Милан потсетил и на заслугите на претходните владетели, како и на борбата за независност. Притоа тој нагласил дека Србија ќе стекне поголем углед во Европа и ќе има посигурна иднина.

*Дали прогласувањето кралство само по себе значи поголема слобода и подобар живот за народот? Може ли промена на титула да ја промени реалноста на обичниот човек? Објасни го својот одговор.*



Прогласување на Србија за кралство во 1882 година



Тимочката буна од 1883 година – споменик на жртвите во Заечар (Србија)

1883 година, овие мерки предизвикале незадоволство и буна, која била задушена од новата војска. Милан се обидувал да ја врати својата популарност кај народот и кај дел од политичарите, но поразот на Србија во **војната со Бугарија во 1885 година** дополнително ја влошил неговата положба во земјата.

Во такви услови, кралот Милан Обреновиќ решил да се повлече од престолот и да ја напушти Србија. Пред повлекувањето, тој донел нов устав, со кој сакал да ја смири состојбата во земјата. Уставот бил изгласан од српското собрание во 1888 година. Така Србија станала **парламентарна монархија** со загарантирани граѓански слободи.

## Крајот на династијата Обреновиќ

По повлекувањето на Милан од престолот, во Србија настанала нова политичка состојба. Бидејќи неговиот син **Александар Обреновиќ** не бил полнолетен, со Србија привремено управувало трочлено регентство, составено од истакнати политичари. Тие се обидувале да ја смират политичката криза и да го подобрат стопанството.

Младиот престолонаследник внимателно ги следел случувањата. Со текот на времето, тој посакал лично да ја преземе власта. Иако бил малолетен, Александар верувал дека политичарите намерно ја ограничуваат неговата улога во управувањето со државата. Затоа решил сам да застане на чело на Србија.

На почетокот од своето владеење, младиот крал имал поддршка од народот. Тој бил образован и интелигентен, но не сакал власта да ја дели со политичарите, исто како неговите претходници од династијата Обреновиќ. Затоа **го укинал уставот** донесен во времето на неговиот татко. Така влегол во судир со речиси сите поважни политичари во земјата.

Александар Обреновиќ се обидувал да одржува добри односи со Австро-Унгарија и Русија, но постепено ја изгубил нивната доверба. Неговиот приватен живот исто така предизвикувал незадоволство кај народот. Во мај 1903 година, офицери на српската војска извршиле **државен удар**, познат како Мајски преврат, со што ја симнале од престолот династијата Обреновиќ.

### Историски сведоштва

Во едно писмо до германскиот цар Вилхелм II, кралот Милан ја објаснил својата положба во земјата пред да го напушти престолот:

*„Јас не можам овде да се потпрам на ниту една партија ниту на некој поединец. Невозможно е постојано да се владее со груба сила; дури и војската го извршува својот долг како обврска, а не од убедување. За време на овие 20 години, бев принуден да задушам две големи револуции, а да не ги спомнувам бројните други, поголеми и помали заговори. Одбивно е да се убиваат и да се затвораат луѓе. Секој поединец што ќе излезе од затвор веднаш станува популарна политичка личност, која многумина ја сакаат и ја почитуваат.“*

*Прочитај го текстот и одговори: зошто Милан решил да се повлече од српскиот престол?*



Кралот Александар Обреновиќ



Мајскиот преврат

**Дознај повеќе**

На 1 април 1893 година, иако сѐ уште немал ни 17 години, Александар Обреновиќ ги поканил регентите и министрите на свечена вечера во својот дворец. По вечерата, тој ја кренал чашата, а сите присутни очекувале да изговори здравица. Наместо тоа, Александар им соопштил дека се уапсени и дека тој ја презема целата власт во земјата. Во исто време, војската ја презела контролата врз зградите на најважните државни институции и телеграфот.

## Србија станува силна балканска држава

Српското собрание го повикало Петар Караѓорѓевиќ да го преземе престолот. Тој бил син на поранешниот кнез Александар и внук на Караѓорѓе Петровиќ, водачот на Првото српско востание.

Новиот владетел овозможил поголема демократија во политичкиот живот на земјата. Повеќе немало притисоци врз политичарите кои не се согласувале со кралот. Во земјата бил донесен нов устав, со кој значително **се ограничила улогата на кралот** во управувањето со државата. Во следните неколку години, српските влади спровеле важни промени во стопанството, политиката, војската и општеството. Овие промени довеле до **заострување на односите со Австро-Унгарија**. Поради тоа, преку различни облици на притисок, оваа европска сила се обидувала да ја контролира младата српска држава.

Една од главните цели на српските политичари во овој период било ослободување на териториите што се сметале за српски, а кои биле под османлиска власт. Иако Србија значително зајакнала за време на владеењето на Петар I Караѓорѓевиќ, таа сѐ уште немала доволно воена сила самостојно да им се спротивстави на Османлиите. Поради тоа го склучила Балканскиот сојуз.

**Поврзи го знаењето**

Во 1903 година, кралот Александар Обреновиќ и кралицата Драга Машин биле убиени од група српски офицери.

*Потсети се, кои други владетели во новиот век биле убиени и на тој начин отстранети од власта?*



Кралот Петар Караѓорѓевиќ



Српски војници во Балканските војни



Крунисувањето на кралот Петар I Караѓорѓевиќ

Србија учествувала во двете Балкански војни. По завршувањето на војните, таа добила значителни територии – Санџак, голем дел од Косово и територијата на денешната македонска држава, без градот Струмица. Со тоа, Србија од мало кнежевство прераснала во голема балканска држава.

## Провери го наученото:

1. Кога Србија била прогласена за кралство и кој станал нејзин прв крал?
2. Како владеел кралот Милан Обреновиќ и зошто на крај се повлекол од престолот?
3. Кои територии ги добила Србија по Балканските војни?

# Грција од крајот на Големата источна криза до Балканските војни

По завршувањето на Големата источна криза, Грција, иако воено не учествувала, по дипломатски пат ја добила **Тесалија и градот Арта во Епир**. Тоа било второ територијално проширување на државата без воен конфликт. Сепак, новите земји не значеле брзо зајакнување на државата. Грција и понатаму имала сериозни проблеми. Стопанството било слабо и неразвиено, државната управа не ги исполнувала потребите на модерна земја, а војската останала слаба.



Харилаос Трикупис



Теодорос Делијанис

## Времето на Трикупис

Во последните дваесет години од XIX век, во Грција преовладувале две спротивставени политички групации. Партијата која се залагала за напредок на земјата ја предводел **Харилаос Трикупис**. Наспроти него била партијата која ги бранела традиционалните вредности и се претставувала како поблиска до народот. Неа ја предводел **Теодорос Делијанис**. Двете партии користеле различни начини за да го придобијат народот на своја страна.

Трикупис сметал дека Грција не може територијално да се проширува, ако претходно не се осовремени и не зајакне. Поради тоа, почнал со поголеми **реформи** во државата.

Едно од најважните прашања за него било развивањето на сообраќајната мрежа, особено **железницата**. Грција немала железничка врска дури ни со Османлиската Империја, иако преку османлиските територии минувал единствениот копнен пат од Грција кон Европа. Затоа, Трикупис вложил многу средства во изградба на современа железничка мрежа низ државата. Исто така, почнала изградбата на **Коринтскиот канал**. Со неговата изградба се скратило времето за пловење од Егејското кон Јонското Море.

**Дознај повеќе**

Во овој период грчките политичари често се обидувале да ги придобијат гласачите со пари и подароци како вино или ракија. Право на глас имале само мажите. Исто така, тие барале поддршка и преку кумството. Бидејќи грчкото општество било традиционално, крштевањето било многу важен настан за секое семејство. Затоа политичарите сакале да станат кумови на што повеќе деца, со цел преку семејните врски да добијат повеќе поддржувачи. Така, политичарот Димитриос Ралис бил кум на околу 1000 деца, а Стефанос Драгумис на околу 200 деца.



Изградба на Коринтскиот канал



Грчки емигранти на пат за САД

Во исто време, се посветувало големо внимание на осовременување и зајакнување на **грчката војска**, за да може таа да ѝ се спротивстави на османлиската армија. Офицерите добивале подобра обука, се набавувало ново оружје и воени бродови.

Осовременувањето не било ограничено само на сообраќајот и војската. Обиди за промени имало и во други области, особено во образованието и културата. Се отворале нови училишта, а бројот на студентите на **Атинскиот универзитет** се зголемувал. Во земјата почнало стручно и техничко образование, кое било потребно за функционирањето на модерна држава.

Грција се развивала побавно од другите балкански држави. За спроведувањето на реформите и за изградбата на железниците биле потребни многу пари, а државата не располагала со доволно средства. Затоа, владата земала големи заеми од странски банки и ги зголемила даноците,



Харилаос Трикупис го оданочува виното (карикатура)

### Минатото во сегашноста

Кон крајот на XIX век, многу Грци се иселиле, најмногу во САД, бидејќи во земјата немало доволно работа и приходи. Се смета дека околу 350 000 Грци, главно мажи, ја напуштиле Грција. Дел од нив заминале со намера по неколку години да се вратат со заштедените пари, но многумина останале во новите земји. Парите што ги испраќале дома биле многу важни за грчката економија.

Иселувањето од Грција продолжува и денес, најчесто поради економски причини и желба за подобар живот. Иселениците и понатаму испраќаат пари на своите семејства, што има значење и за државата.



Долговите на Грција кај западните банки (карикатура)

што предизвикало големо незадоволство кај населението. Поради натрупаните долгови, **државата прогласила банкрот**, а Трикупис ја напуштил политиката.



Битката кај Фарсала во Грчко-османлиската војна од 1897 година

## Од пораз до закрепнување

Заминувањето на Трикупис од политиката не ги решило проблемите во Грција. Во 1897 година избила **војна меѓу Грција и Османлиската Империја**. Повод за војната бил бунтот на островот Крит. Османлиската војска ја поразила грчката армија.



Атина кон крајот на XIX век

Државата западнала во длабока криза. Во такви услови, врз Грција се засилил притисокот од европските сили. Европските банки не сакале да се откажат од грчкиот долг, туку барале поголема сигурност дека тој ќе биде вратен. Поради тоа, во Грција била воведена меѓународна финансиска контрола. Нејзината цел била да се ограничи државното трошење и државата редовно да го отплаќа долгот.

Контролата на Големите сили имала делумно позитивно дејство. Иако државата и понатаму се соочувала со големи проблеми и сиромаштија, благодарејќи на европската контрола, во грчката државна каса повторно почнале да пристигнуваат средства. Со тоа, финансиската состојба постепено почнала да се стабилизира. Ова овозможило повторно да се направи обид за модернизација на војската.

Државата почнала да закрепнува, но тој процес бил бавен. Земјоделството се соочувало со големи проблеми, а најголемиот дел од **населението живеело на село**.



Елефтериос Венизелос

## Венизелос и издигнувањето на Грција

Младотурскиот преврат имал влијание и во Грција. Мнозина очекувале дека **Крит** ќе биде припоен кон грчката држава, а владата во Атина дури најавувала таква можност. Но новата младотурска власт во Османлиската Империја јасно истакнала дека тоа нема да го дозволи. Набргу избил бунт меѓу офицери во

грчката војска. Тие барале големи промени, особено да се намали влијанието на политичките партии и на кралското семејство. Поради тоа, земјата влегла во нова криза.

Кралот се согласил на одредени отстапки пред побунетите офицери. Потоа биле одржани избори, на кои победил **Елефтериос Венизелос**. Тој се залагал за зајакнување на државата и за нејзино осовременување. Најнапред бил изменет уставот. Било воведено **задолжително и бесплатно основно образование**. Државните службеници се вработувале со полагање испит и добиле поголема сигурност на работните места, а на офицерите им било забрането да бидат пратеници во собранието. Со овие мерки, за прв пат во историјата на Грција, државата почнала да собира повеќе пари отколку што трошела.

Венизелос бил политичар кој се стремел кон создавање голема и силна грчка држава. За таа цел, посветил особено внимание на зајакнување на војската и морнарицата. Во Грција биле повикани **странски советници за обука**, а државата набавувала **современо оружје и воени бродови**.

Во Балканските војни грчката војска ги освоила **јужен Епир, островот Крит и поголем дел од Македонија.** Територијата на Грција била речиси удвоена, а Венизелос станал еден од најпознатите грчки политичари.



Османлиите го предаваат Солун на грчките војски

## Минатото низ извори

Откако станал претседател на владата, Венизелос ги објаснил своите цели за иднината на Грција:

*„Цврсто верувам дека материјалните и моралните сили на народот се доволни, ако се во рацете на посветени луѓе, за да биде Грција повторно достојна за современиот свет. Таква Грција ќе ја има почитта на другите народи и ќе може да заземе важно место меѓу нив. Кога ќе стане силна, таа ќе може да придонесе за мир и напредок на народите на Истокот.“*

*Дали Венизелос зборува за сегашноста или за иднината на Грција? Објасни го одговорот со пример од текстот.*

## Провери го наученото:

1. Што добила Грција по Големата источна криза и со какви проблеми се соочувала по тоа проширување?
2. Какви реформи спровел Трикупис и зошто тие довеле до финансиска криза и банкрот на државата?
3. Кои територии ги освоила Грција со Балканските војни?

# Бугарија од автономна до независна држава

По Руско-турската војна од 1877–1878 година било создадено автономното Кнежевство Бугарија. Во ослободените области најпрво **руската власт воспоставила привремена управа**. Нејзина задача била да ги постави темелите на новата држава. Привремената управа создала органи на локалната власт, судови, училишта и војска. Во управувањето учествувале и многу Бугари. На тој начин биле поставени основите на **новата бугарска држава**.

Во 1879 година, во Трново, било свикано **Уставотворно народно собрание**. Неговата главна задача била да донесе устав – најважниот закон на државата. Со донесувањето на уставот, Бугарија станала **уставна монархија**, како и многу други европски земји. Уставот претходно го потврдил рускиот цар, бидејќи сметал дека Бугарија треба да има јасна поделба на власта. Според уставот, власта била поделена меѓу кнезот и Народното собрание. Уставот ги гарантирал слободата на печат и говор, како и правото на здружување. Секој полнолетен маж имал право на глас.



Александар Батенберг со сопругата Јохана и синот Крум-Асен



Првото големо народно собрание во Велико Трново

Набргу потоа бил избран и првиот владетел на новата држава – кнезот **Александар Батенберг**. Тој добил поддршка од рускиот цар. Со тоа почнал самостојниот живот на Бугарија како современа европска држава.

Бугарија почнала да функционира како држава. Биле формирани **политички партии** кои требало да ги застапуваат интересите на граѓаните. Во земјата големо влијание имала Русија. Руските претставници сакале да ја контролираат бугарската политика. Војската ја обучувале руски офицери и се користело руско оружје. Постепено се јавило незадоволство од руското мешање во раководењето со државата. Кнезот Александар влегол во судир со руските претставници. Политичарите се поделиле на две групи. Едни сакале поблиска соработка со Русија, а други сметале дека Бугарија треба да биде посамостојна.

**Запознај историска личност**

**Александар Батенберг** е роден во 1857 година. Тој бил германски аристократ со роднински врски со руската царска династија. Се школувал во Дрезден и завршил воено училиште во Касел. Учествувал во Руско-турската војна (1877–1878). Во 1879 година бил избран за кнез на Бугарија и владеел до 1886 година. За Бугарите тој станал симбол на слободната бугарска држава. Починал во 1893 година, а по негова желба бил погребан во Софија.

## Обединувањето на Бугарија и промена на кнежевскиот престол

Со одлуките на Берлинскиот конгрес, покрај автономното Кнежевство Бугарија, била создадена и автономната област **Источна Румелија**. Бугарите не ја прифаќале оваа поделба како трајна, па создале тајна организација чија цел била соединување на Источна Румелија со Кнежевството Бугарија.



Александар Батенберг на Сливница

На 6 септември 1885 година во Пловдив било прогласено **обединување на Источна Румелија со Бугарија**. Обединувањето предизвикало незадоволство кај дел од Големите сили и кај соседните држави. Русија не сакала кнезот Александар Батенберг да ја води обединетата држава, па ги повлекла своите службеници и офицери од Бугарија. Незадоволна од обединувањето, Србија ѝ објавила војна на Бугарија. Иако била слабо подготвена, бугарската војска извојувала победа во **битката кај Сливница** и ја одбранила земјата. Во март 1886 година, обединувањето било и официјално признато.

Кратко по обединувањето, офицери на бугарската армија, кои сакале подобри односи со Русија, извршиле преврат и го принудиле кнезот Александар Батенберг да ја напушти земјата. Наскоро тој бил повикан да се врати во Бугарија, но Батенберг решил да се повлече од престолот.

**Поврзи го знаењето**

Кнезот Александар Батенберг во 1886 година му соопштил на бугарскиот народ дека се откажува од престолот. Тој сметал дека со неговото заминување ќе се подобрат односите меѓу Бугарија и Русија. Во обраќањето рекол дека тоа го направил за доброто на државата и му се заблагодарил на народот за поддршката. Пред заминувањето, тој ги повикал граѓаните да го зачуваат мирот и редот.

*Спореди го повлекувањето од престолот на Александар Батенберг со повлекувањето на грчкиот крал Отон. Кои сличности можеш да ги забележиш меѓу овие два настана?*

## Времето на Стамболов

Заминувањето на Александар Батенберг го оставило кнежевскиот престол во Бугарија празен. Во 1887 година, за нов бугарски кнез бил избран **Фердинанд**, кој не бил признат од Големите сили. Русија сметала дека неговиот избор не бил во нејзин интерес, па ги прекинала сите односи со Бугарија.

Фердинанд пристигнал во Бугарија, а претседател на владата станал **Стефан Стамболов**. Тој се обидел да ја подобри состојбата во државата. Под негово владеење земјата почнала забрзано да се модернизира: се граделе патишта и железници; се поддржувало бугарското производство; се склучувале трговски договори со европски држави. Големо внимание се посветувало на **образованието**. Државата испратила многу млади Бугари да се образуваат низ Европа.

Во надворешната политика владата на Стамболов водела помирлива политика кон Османлиската Империја. Таа сметала дека на тој начин Бугарската егзархија ќе добие **нови владици во Македонија и Тракија**.

Стамболов имал успеси, но и многу противници поддржани од Русија. Во почетокот тој ја имал поддршката од кнезот Фердинанд. Сепак, со цел да биде признат од Големите сили како наследен бугарски кнез, Фердинанд се здружил со противниците на Стамболов и го принудил да се повлече од власта. Русија и другите европски сили потоа **го признале Фердинанд за бугарски кнез**.



Стефан Стамболов



Бугарскиот кнез Фердинанд

## На патот кон независноста и Балканските војни

Откако бил признат за бугарски кнез, Фердинанд почнал да игра поголема улога во бугарското општество и во политиката. Кон крајот на XIX век, биле зацврстени основите на политичките партии во земјата. Тие биле длабоко поделени околу прашањето за соработката со Русија: едни ја поддржувале соработката, а други ѝ се спротивставувале.

Во овој период била вратена парламентарната демократија, која за време на владеењето на Стамболов била потисната.

Сепак, и покрај политичките кризи, Бугарија напредувала. Бугарските **поморски пристаништа** биле модернизирани. Во некои делови од земјата била **воведена**

**Дознај повеќе**

За да биде признат од Големите сили како бугарски кнез, Фердинанд морал да го крсти својот син и престолонаследник Борис во православна црква. Тоа било барање на Русија. Фердинанд и неговата сопруга, Марија Лујза, биле католици, па таа не се согласувала со ова барање. Сепак, поради потребата од меѓународно признавање, Фердинанд прифатил неговиот син да биде крстен во православна црква. На тој начин успеал да го обезбеди признавањето од Русија.

**електрична енергија**, а во главниот град Софија бил воведен и **трамвај**. Војската постојано зајакнувала и имала одлична обука. На образовен план Бугарија била меѓу најнапредните земји на Балканот.

Најголем успех во владеењето на Фердинанд било прогласувањето на независноста на Бугарија. Користејќи ја новата состојба во Османлиската Империја, во септември 1908 година **Бугарија прогласила независност и станала царство**. Големите сили по неколку месеци ја признале независноста на земјата. Голема улога во тоа имала Русија.

По независноста, Бугарија сакала да ја прошири својата територија и да ја оствари намерата да ги добие Македонија и Тракија, кои ги сметала за свои земји. Државата склучила договори со Србија и со Грција. Во Првата балканска војна, бугарската војска **извојувала големи победи против османлиските сили**, со што предизвикала изненадување и почит во Европа. Меѓутоа, недоразбирањето со сојузниците околу поделбата на Македонија, заедно со погрешната процена и занесеноста од претходните победи, довеле до **тежок пораз во Втората балканска војна**. Бугарија добила мал дел од Македонија и Тракија, со излез на Егејското Море, но не ги остварила своите цели.



Француска илустрација за бугарското учество во Првата балканска војна

## Провери го наученото:

1. Каква била улогата на руската привремена управа во создавањето на бугарската држава?
2. Каква била улогата на Стефан Стамболов во модернизацијата на Бугарија?
3. Кога Бугарија ја стекнала својата независност и станала царство?

# Албанија на патот кон независноста

Уништувањето на Призренската лига не значело крај на борбата на Албанците за автономија и слобода. Таа продолжила во две насоки – преку развојот на образованието и културата, но и преку вооружени востанија.

## Борба за образование и создавање на азбуката

Албанските интелектуалци сфатиле дека народот може да напредува само ако има училишта и книги на мајчин јазик. Затоа почнале да издаваат весници, учебници и литературни дела на албански јазик. Бидејќи османлиските власти често ги забранувале овие активности, многу книги и весници биле печатени и надвор од Османлиската Империја.

Во Египет, **Тими Митко** издал книга со народни и историски песни наречена „**Албанската пчела**“, во која се зборувало за љубовта кон татковината и надежта за подобра иднина.

Значајна улога имал и **Јероним де Рада**, еден од најпознатите арбрешки писатели. Во своите дела тој пишувал за слободниот живот на Албанците пред доаѓањето на Османлиите и за нивните борби против турската власт. Освен книги, Де Рада издавал и списание преку кое ја запознавал европската јавност со албанскиот народ, претставувајќи го како посебен народ што заслужува слобода и независност.

Албанските интелектуалци се ангажирале и во отворањето **училишта на албански јазик**. Тие сметале дека образованието е најважниот начин за зачувување на јазикот, културата и националниот идентитет.

**Првото училиште на албански јазик** било отворено во **Корча**, а потоа вакви училишта биле отворени и во други градови и села. Во нив учениците учеле да читаат и пишуваат на мајчин јазик, што било голем чекор напред за албанскиот народ.

Подоцна било отворено и **училиште за девојчиња**, што претставувало значајна новина за тоа време. Во овој период жените имале важна улога во преродбата – учествувале во образованието, работеле како учителки и активно придонесувале за ширење на писменоста.

**Дознај повеќе**

Во јужна Албанија делувале наставничките Севасти и Парашќеви Кириjази, кои придонеле за развојот на образованието на девојчињата. Тие биле образовани и напредни жени кои го посветиле својот живот на образованието на албанските девојчиња. Елена Ѓика, позната и како Дора Д’Истрија, била романска принцеза од албанско потекло. Таа пишувала за албанската историја, одржувала врски со албанските интелектуалци и ја поддржувала идејата за посебност на Албанците.



Јероним Де Рада



Елена Ѓика

Кон крајот на XIX век Албанците немале единствено писмо. Муслиманите од централна и јужна Албанија од 1879 година ја користеле **цариградската азбука**, создадена од **Сами Фрашери**. Католиците во Скадар и некои албански организации во Европа не го прифатиле ова писмо. Тие користеле друга, чисто латинична азбука.

Прашањето за писмото станало голем проблем. Заради тоа било решено да се организира конгрес на кој ќе се реши проблемот околу азбуката. Конгресот го организирал албанскиот клуб во **Битола** и се одржал од **14 до 22 ноември 1908 година**. На него учествувале претставници на Албанците од Османлиската Империја, но и од албанските заедници во странство. На Конгресот била формирана комисија со цел да се реши проблемот на азбуката. Комисијата расправала дали треба да се избере една од постојните азбуки, да се создаде нова азбука од нивни делови, или да се направи сосема ново писмо. На крајот била донесена **компромисна одлука**: биле прифатени **две азбуки –** една целосно латинична и цариградската азбука.



Сами Фрашери со сопругата Емине

**Запознај историска личност**

**Сами Фрашери** бил еден од најважните албански писатели и културни дејци. Тој се залагал за правата на Албанците и за нивна автономија. Фрашери работел на создавање албанско писмо и учествувал во формирање на комитети и друштва за издавање книги и весници на албански јазик.

Тој напишал многу книги, учебници и речници, а најпознато му е политичкото дело *„Албанија – што било, што е и што ќе биде“*, кое ја претставува неговата идеја за автономија и развој на албанската култура.

## Засилување на отпорот против османлиските власти

Кон крајот на XIX век, состојбата во европските делови на Османлиската Империја била многу заострена. Албанските политички дејци сметале дека е потребно повторно организирање. Во Пеќ била создадена нова организација, позната како **Пеќска лига**, на чело со **Хаџи Зека**, со цел заштита на териториите и барање поголема самоуправа. Дејноста на Лигата предизвикала реакција од османлиските власти, кои презеле мерки за нејзино уништување.

Неуспехот на Пеќската лига не значел крај на активностите на албанските дејци, кои почнале сè повеќе да се организираат за вооружена борба. Во 1905 година **Бајо Топули** основал таен комитет во Битола, наречен **„За слобода на Албанија“**. Подоцна биле формирани и други тајни комитети.

Освен создавање комитети, биле формирани и првите вооружени чети. Во 1906 година, во околината на Корча била формирана првата чета под водство на Бајо Топули, а подоцна биле создадени и други чети кои почнале судири со османлиската војска. Такви биле четите на **Черчиз Топули** и **Михаљ Грамено**.



Учесници на Битолскиот конгрес

Албанските интелектуалци и револуционери стапиле во контакт со Младотурците. Тие им ветиле дека ќе ги признаат правата на Албанците доколку дојдат на власт. Поради тоа, дел од Албанците го поддржале Младотурското движење. Меѓутоа, Младотурците не ги донеле очекуваните резултати и многу брзо албанските водачи дошле во судир со младотурските власти.

Во 1910 година почнало **востание на Косово**. Османлиските сили се обиделе да го задушат бунтот, но се соочиле со жесток отпор. Следната година избило ново востание во северните делови на Албанија, на чие чело стоел **Дед Ѓон Лули**.

Поради силниот отпор, османлиските власти биле принудени да почнат преговори со бунтовниците. Албанските востанички водачи одржале состанок **во селото Герче**, каде што бил усвоен меморандум со барања за автономија, употреба на албанскиот јазик во администрацијата и локална воена служба.

Властите во Цариград не ги прифатиле овие барања. Кризата во односите меѓу Албанците и османлиската власт продолжила да се заострува.

Непосредно пред почетокот на Балканските војни, во 1912 година, избило ново востание под водство на **Хасан Приштина**. Востанието се проширило на многу области во кои живееле Албанци. Иако овие востанија не довеле до создавање автономна држава, тие ја парализирале османлиската администрација и го зацврстиле стремежот на Албанците кон независност.



Албански востаници



Хасан Приштина

## Создавањето на албанската држава

Почетокот на Првата балканска војна предизвикал загриженост и брза реакција кај албанските политичари и интелектуалци. Навлегувањето на српските и грчките војски ги принудило итно да се организираат, со цел да ја прогласат независноста на Албанија пред да биде земјата целосно окупирана. Во овие настани голема активност покажале Исмаил Ќемали и Луиѓ Гуракуќи. Ќемали пристигнал во Валона, каде што бил одржан состанок со албанските претставници кои успеале да стигнат во градот.

На **28 ноември 1912 година**, Исмаил Ќемали го истакнал **албанското знаме** во Валона и ја прогласил **независноста на Албанија**.

Патот до целосното признавање не бил лесен. Во Валона била формирана **привремена влада**, со цел да

### Минатото низ извори

Германската бароница Мари Амели фон Годин престојувала во Албанија во периодот 1912–1913 година и лично била сведок на прогласувањето на албанската независност во Валона.

Според нејзиниот опис, кога било кренато знамето, луѓето радосно ја запеале химната „За татковината“. Атмосферата била многу свечена и емотивна. Еден постар човек, кој стоел на влезот од куќата, со возбуден глас рекол дека е среќен што го доживеал тој ден. Многу од присутните долго време го чекале овој момент и направиле големи жртви за да бидат сведоци на настанот.


Исмаил Ќемали


Прогласувањето на независноста во Валона


Вилхелм Вид

се побара меѓународно признавање и да се почне со организирање на државната власт, таму каде што тоа било можно. Привремената влада ги основала и првите институции во новата држава.

Нејзина главна задача била да се добие признавање од Големите сили и да се побара повлекување на туѓите војски. Во Лондон била одржана конференција на Големите сили, на која на **29 јули 1913 година** била призната **независноста на Албанија**.

Во ноември 1913 година, Големите сили го назначиле принцот **Вилхелм Вид** за кнез на Албанија. Тој пристигнал во земјата во март 1914 година, а Албанија станала **суверена држава под гаранција на Големите сили**. Сепак, земјата се соочувала со сериозни проблеми и бунтови. Принцот се обидел да воспостави власт, особено на југот на земјата, како и да ги реши проблемите со востанијата, но не успеал.

Поради почетокот на Првата светска војна и неможноста да добие поддршка од силите кои ја гарантирале независноста на Албанија, на 3 септември 1914 година принцот ја напуштил земјата.


Зеф Серембе – арбрешки поет што ја промовирал албанската култура и фолклор

## Провери го наученото:

1. Каде било отворено првото училиште на албански јазик?
2. Каква улога имале жените во развојот на албанското образование и култура?
3. Каде била прогласена независноста на Албанија и кој бил првиот албански кнез?

# Образование, култура и спорт на Балканот кон крајот на XIX и почетокот на XX век

Промените во секојдневниот живот на Балканот се одразиле и врз образованието, културата и спортот. Новите држави почнале систематски да отвораат училишта и театри, да организираат спортски активности и да го шират европскиот стил на живеење. Науката, уметноста и физичката култура добивале сè поголемо значење, а градовите постепено се оформувале како центри на модернизацијата и културниот развој.

Создавањето на независните и автономни држави на Балканот предизвикало значајни промени во животот на населението. Во поголемите места, а особено во главните градови, жителите почнале да прифаќаат начин на облекување и живеење сличен на европскиот. Наспроти тоа, во помалите места и во селата долго време се задржувал традиционалниот начин на живеење.



Мода кај српската елита во XIX век

## Образованието на Балканот

Образованието имало особено значење за новите балкански држави, кои настојувале свесно да го развиваат. Во првите години, многу млади луѓе биле испраќани во европските земји со цел да се школуваат. По враќањето во татковината, тие се вклучувале во наставата и го пренесувале стекнатото знаење.

Во државите биле донесени закони за **задолжително основно образование**. И покрај тоа, поради длабоко вкоренетите традиции, многу девојчиња не го завршувале школувањето.

Децата од градовите имале повеќе можности за образование, а побогатите семејства вработувале приватни учители за своите деца. Истовремено, државите се соочувале со неразвиеност и сиромаштија, што сериозно го отежнувало развојот на образованието.

Посебно внимание се посветувало на **високото образование**. Во Атина, главниот град на Грција, во 1837 година бил основан **првиот универзитет** во земјата. Во Белград, веќе во 1863 година била отворена **Големата школа**, која подоцна се развила во универзитет. Во Софија, во 1888 година, било основано **Вишото училиште**, од кое подоцна настанал универзитет.

### Минатото низ извори

По ослободувањето на Србија, образованието се соочувало со бројни тешкотии. Покрај недостатокот од училишта, постоел и сериозен недостаток од наставни средства. Книгите во тоа време биле малубројни и тешко достапни, а ученичките потреби многу скромни.

*„Недостигала дури и обична хартија во доволни количества... Црни табли со линии, на кои се пишувало и сметало, ретко кој ученик ги имал... Ако такви биле условите во Белград, може да се претпостави како било во местата во внатрешноста на Србија.“*

*Што ни открива овој историски извор за условите под кои се одвивало образованието по ослободувањето на Србија?*



Училиште во Атина во XIX век



Универзитетот во Белград



Зградата на Вишото училиште во Софија

До последните децении на XIX век, право да студираат имале само момчињата. Кон крајот на векот и **девојките започнале да се запишуваат на универзитетите**. Таму најчесто се изучувале правото, медицината, филозофијата, историјата и веронауката. Подоцна, со развојот на државите, во наставните програми биле вклучени и природните науки, како што се биологијата, хемијата и физиката. Универзитетите имале значајна улога во образованието, а од нив произлегле и бројни познати научници.

**Дознај повеќе**

Државните театри и малите приватни театарски групи од балканските држави почнале сѐ почесто да гостуваат во соседните земји. Софискиот театар, предводен од Пенчо Славејков, извел повеќе претстави во османлиска Македонија. Во првата половина на 1909 година, Српскиот кралски театар од Белград гостувал во Скопје.

*Што мислиш, зошто театарските групи патувале надвор од своите држави и гостувале пред публика во соседните земји?*

## Културен живот

По ослободувањето на балканските земји, **уметноста и културата** се нашле во период на промени. Младите уметници често заминувале на школување во европски уметнички училишта, каде се запознавале со нови техники и стилови.

**Сликарството и вајарството** доживеале значителен подем. Многу уметници се школувале во странство. По враќањето во своите земји, тие ги воведувале современите европски уметнички правци. Истовремено, минатото и традицијата на народот продолжиле да имаат важно место во нивните дела.



Зградата на софискиот театар во 1908 година

**Театарските претстави** во балканските земји биле под големо влијание на европските театри. Во земјите што биле под османлиска власт постоела развиена традиција на **куклен театар** на сенки, со главните ликови Караѓоз и Хаџиват. Додека Хаџиват ги претставувал повисоките и

образовани слоеви, Караѓоз го претставувал обичниот човек. Благодарејќи на својата итрина, тој секогаш успевал да го надмудри Хаџиват.

По создавањето на новите држави, властите започнале систематски да основаат театри. На програмата често имало дела од странски автори. Подоцна, сè почесто се прикажувале претстави од домашни автори, кои публиката полесно ги прифаќала. Многу од домашните глумци се школувале во европските земји. Со постепениот развој на **театарот** во балканските држави, се појавиле и мали аматерски приватни театарски групи, кои патувале низ градовите и настапувале пред поширока публика.



Сцена од српски филм снимен во 1911 година, посветен на водачот на Првото српско востание – Караѓорѓе

Кон крајот на XIX век, само една година по првата кино-проекција на браќата Лимиер во Париз, **филмот и киното** се појавиле и во балканските градови. Кино-претставите често се одржувале во ресторани, хотели и на отворен простор. Во многу градови се појавиле патувачки кина, кои го забавувале населението.

Подоцна, биле изградени и посебни кино-сали за прикажување на филмови од странство. На почетокот на XX век биле снимени и првите домашни филмови, а филмовите со поучна содржина станале дел од образовните системи на државите.

**Истражувачки предизвик**

Првите кино-проекции на Балканот биле одржани во Цариград, Белград, Атина, Софија и Солун.

*Истражи кои двајца браќа, родум од османлиска Македонија, се сметаат за пионери на балканската кинематографија и како се вика првиот филмски кадар што го снимиле!*

## Спортот на Балканот

Развојот на **спортот** во Европа имал силно влијание врз Балканот. Традиционалното борење, како пеливанството, постепено било потиснувано од нови спортови. Тоа не претставувало краткотрајна мода, туку резултат на сè поголемото уверување дека спортот придонесува за здравјето на луѓето.



Спортски клуб од Грција (1906 година)

На Балканот почнале да се основаат разни **гимнастички друштва**. Државите ја поддржувале гимнастиката со цел да воспитуваат здра-

ви и силни млади луѓе, а училиштата ја воделе како задолжителен наставен предмет. Гимнастичките друштва учествувале и на натпревари во други европски земји.

Кон крајот на XIX век, на Балканот се појавил и **велосипедот**. Најпрво, луѓето покажувале недоверба кон овој новитет, но тој набрзо станал популарно превозно и спортско средство. Во Белград била организирана и првата велосипедска трка на Балканот. Потоа станал популарен и **фудбалот**. Во многу градови биле основани фудбалски клубови. Се играл и тенисот, но тој бил достапен претежно за побогатите граѓани и за странците кои живееле во балканските држави.



Првите модерни Олимписки игри во Атина

Кон крајот на векот се реализирала и идејата на Французинот Пјер де Кубертен за обнова на античките Олимписки игри. Во 1896 година, во Атина биле одржани првите **модерни Олимписки игри**, а главниот град на Грција се истакнал како спортски центар на тогашниот свет.

**Истражувачки предизвик**

Денес постојат зимски и летни олимписки игри. Балканот бил домаќин на уште две олимписки натпреварувања. Истражи и наведи во кои балкански градови биле организирани зимските олимписки игри во 1984 година и летните олимписки игри во 2004 година.

**Провери го наученото:**

1. Како промените во секојдневниот живот влијаеле врз образованието, културата и спортот во балканските држави?
2. Како се развивало образованието и кои пречки постоеле за девојчињата и децата од помалку имотните семејства?
3. Опиши го културниот живот во балканските држави на преминот меѓу XIX и XX век.
4. Кои нови спортови станале популарни на Балканот?

5

# МАКЕДОНИЈА
# кон КРАЈОТ на XIX и ПОЧЕТОКОТ на XX век



# Македонски организации и друштва во емиграција

## Причини за емиграција од Македонија

Во текот на XIX и почетокот на XX век голем број Македонци ја напуштиле Македонија. Најчесто тие емигрирале во околните балкански држави, а понекогаш и во подалечните европски и прекуокеански земји. Некои од нив подоцна се вратиле во стариот крај, други останале засекогаш.

Причините за напуштање на родното огниште најчесто биле **економски**. Овие македонски емигранти заминувале од Македонија со надеж дека ќе најдат подобра заработувачка за себе и своето семејство. Таквата појава била наречена **печалба** или **гурбет**. Други биле принудени да заминат од **политички** причини со цел да ги избегнат прогоните на власта и други незгоди. Трета група иселеници биле младите македонски интелектуалци, кои заминувале во странство за да го продолжат своето **образование**.

### Истражувачки предизвик

Печалбарството било важен дел од македонското секојдневие и народната традиција. Обиди се да пронајдеш една народна песна за печалбарството и анализирај ја нејзината содржина!

Истражи и одговори:

- *Каков бил животот на македонските емигранти надвор од Македонија?*
- *Какви чувства предизвикува печалбарството во македонската народна традиција?*



Бегалци од Македонија по Илинденското востание (1903 г.)

Иако биле надвор од Македонија, македонските емигранти не ја заборавиле својата татковина. Тие се интересирале за нејзината судбина и иднина. Со цел да им помогнат на своите сотатковинци во Македонија, тие се здружувале во разни **организации** и **друштва**. Овие друштва биле различни по своето поле на дејствување и се формирале со културни, образовни, политички и други цели. Нивната активност била особено изразена кон крајот на XIX и почетокот на XX век.

## Македонските организации и друштва во Бугарија и Србија

По Берлинскиот конгрес голем број македонски емигранти заминале во Бугарија. Таму тие се организирале во разни друштва и организации. Загрижени за иднината на татковината, група македонски студенти во Софија го формирале **Македонското студентско друштво (МСД)**. Целта на друштвото била да формира револуционерна организација во Македонија, да помогне во нејзиното ослободување и да ги враќа македонските студенти назад во својата татковина по завршувањето на школувањето. По згаснувањето на друштвото дел од неговите членови учествувале во формирањето на **Младата македонска книжевна дружина (ММКД)** во 1891 година. Таа продолжила да се залага за остварување на целите на Македонското студентско друштво.

Младата македонска книжевна дружина во Софија го издавала списанието **„Лоза“**. Поради тоа нејзините привrзаници биле наречени **Лозари**. Редактор на списанието бил **Петар Поп Арсов**. Лозарите во списанието прифатиле еден специфичен правопис и јазик, различен од бугарскиот. Во него биле нагласени некои од македонските особености. Нивната намера била тој да послужи како основа за идниот литературен јазик на Македонија. Во еден расказ на Петар Поп Арсов се забележува и посебно графичко означување на меките македонски согласки (ќ, ѓ, њ, љ). Така, на мошне вешт начин се прикажувал посебниот историски и културен карактер на Македонија. По кратко време активноста на дружината била забранета од бугарските власти.




Насловната страница на списанието „Лоза“

**Минатото низ извори**

*„Македонската дружина смета дека нивната татковина е Македонија, дека последната е населена со одделно словенско племе наречено Македонци, дека таму се собрале севозможни надворешни елементи, т.е. Бугари, Грци, Срби... дека целта им е да ни дадат еден силен отпор и да се зачуваат од нашите разбојнички посегања...* – официјалниот бугарски владин весник „Свобода“ за целите на Младата македонска книжевна дружина.

*- Како весникот „Свобода“ ги опишал целите на Лозарите?*

**Дознај повеќе**

Иновацијата што ја вовел Петар Поп Арсов била во начинот на бележење на меките македонски согласки к' (кук'а = куќа); г' (луг'е = луѓе); н' (кон' = коњ) и л' (л'убов = љубов). Десет години подоцна, на ист начин Крсте Петков Мисирков ги бележел овие гласови во неговата книга „За македонцките работи“. Оваа книга подоцна претставувала основа за стандардизацијата на македонскиот јазик.

Во 1895 година група македонски емигранти во Софија го формирале **Македонскиот комитет (МК)**, подоцна преименуван во **Врховен македонски комитет (ВМК)**. Мнозина од членовите на оваа организација биле искрени македонски патриоти и родољуби. Сепак со текот на времето во нејзиното раководство се вклучиле многу личности блиски до бугарскиот државен врв. На тој начин Врховниот македонски комитет станал инструмент за остварување на бугарските интереси во Македонија. Привrзаниците на Врховниот македонски комитет биле наречени **врховисти**.

По забраната на Младата македонска книжевна дружина македонските ученици и студенти во Србија го основале ученичкото друштво **Вардар**. Меѓу најпознатите членови на ова друштво биле **Крсте Петков Мисирков** и **Димитрија Чуповски**. Друштвото имало за цел да ја изучува Македонија од географски, историски и етнографски аспект. По кратко време дејноста на друштвото била забранета од српските власти.

Во почетокот на XX век македонските печалбари и студенти во Белград го формирале **Македонскиот клуб.** Неофицијален орган на ова друштво бил весникот **„Балкански гласник“**. Низ страниците на весникот јавно биле промовирани идеите на друштвото за автономија на Македонија и за посебен македонски јазик и црква. Поради ваквата активност весникот бил забранет, а привrзаниците на клубот биле протерани од Србија. Поголемиот дел од нив ја продолжиле својата активност во Русија.

## Македонските организации и друштва во европските и прекуокеанските земји

Кон крајот на XIX век група македонски емигранти во Швајцарија го формирале **Македонскиот таен револуционерен комитет (МТРК)**. Тој се залагал за ослободување на Македонија преку изведување на терористички акции врз стратешки важни објекти на Големите сили во Османлиската Империја. Нивниот начин на дејствување бил под влијание на идеите на анархизмот. Своите идеи ги изнесувале во весникот „**Одмазда**“. Од оваа група подоцна произлегле солунските атентатори.

По забранувањето на Македонскиот клуб во Белград, неговите членови ја продолжиле работата во Русија. Во 1902 година тие го формирале **Македонското научно-ли-**

**Непознати зборови и термини**

**Врховизам** – идеологија на врховистите заснована на бугарските погледи за Македонија. Иако формално се залагале за автономија на Македонија, врховистите сметале дека ослободувањето е можно само со помош на Бугарија. Тие настојувале да ја преземат контролата врз македонското ослободително движење и да го насочат согласно бугарските интереси.



Крсте Петков Мисирков во младоста

**Непознати зборови и термини**

**Анархизам** – Политичка идеја според која луѓето можат да живеат без државна власт и без владетели преку договор и меѓусебна помош. Сепак, оваа идеја била многу критикувана затоа што во реалноста е тешко да се одржи редот и безбедноста на луѓето без закони и власт.



Стефан Дедов – еден од основачите на Македонскиот клуб во Белград



Михаил Герџиков – најистакнат претставник на МТРК



Димитрија Чуповски

**тературно другарство** со седиште во **Санкт Петербург**. Водечка улога во друштвото играле **Крсте Петков Мисирков** и **Димитрија Чуповски**. Печатен орган на друштвото било списанието **„Македонски глас“**. Друштвото се залагало за признавање на Македонците како посебна нација, обнова на Охридската архиепископија и негување на посебноста на македонскиот јазик.

По Илинденското востание од 1903 година голем број Македонци емигрирале во прекуокеанските земји (САД и Канада). Таму тие започнале да создаваат свои друштва со цел меѓусебно да си помагаат. Друштвата биле формирани на **локална основа** од емигранти кои доаѓале од исто место во Македонија. Понекогаш тие собирале пари кои ги испраќале за изградба на јавни градби (чешми, водоводи и сл.) во стариот крај. На тој начин, тие им помагале на своите сонародници во Македонија.

### Дознај повеќе

Најголемиот дел од емигрантите кои пристигнале во САД не биле во можност да комуницираат на англиски јазик. Поради тоа американското Биро за имиграција ангажирало преведувачи. Тие требало да зборуваат, читаат и пишуваат на соодветните јазици. На една листа од 1911 година меѓу преведувачите од странски јазици се наоѓа и еден преведувач од македонски јазик.

### Провери го наученото:

1. Наведи ги причините за емигрирање од Македонија!
2. Каков бил односот на бугарските и српските власти кон македонските организации во тие држави?
3. За што се залагало Македонското научно-литературно другарство во Санкт Петербург?
4. Обиди се да ги пронајдеш сличностите и разликите во дејствувањето на различните македонски организации во емиграција!

# Македонската револуционерна организација

## Претпоставки за појавата на Македонската револуционерна организација

Кон крајот на XIX век, Османлиската Империја била во сериозна општествено-економска криза, која се манифестирала и во Македонија. Поради тоа, кај населението постоело незадоволство кон власта. Покрај тоа, македонското, пред сè христијанско население, било изложено на црковно-просветните пропаганди кои биле стимулирани од соседните земји. Тоа пак, предизвикувало поделби и неединство меѓу населението.

Младите македонски интелектуалци кои првенствено произлегувале од егзархиските средини, сфатиле дека ослободувањето на Македонија е можно само со сопствени сили преку револуционерни методи. Оттука, повеќемина биле опседнати со идејата за Револуционерна организација. Оваа идеја особено била присутна кај лицата што гравитирале околу Младата македонска книжевна дружина.

**Поврзи го знаењето**

Потсети се на целите на Младата македонска книжевна дружина и откриј кои од основачите на Македонската револуционерна организација учествувале во неа. Исто така обиди се да откриеш кои од истакнатите дејци на МРО што не се вброиле во основоположниците гравитирале кон ММКД.

## Формирање и цел на Македонската револуционерна организација (МРО)

Главен иницијатор за формирање на МРО бил **Дамјан Груев**. Тој летото 1893 година се поврзал со своите истомисленици во Солун. Основачката средба се одржала на **23. X** (јулијански календар), т.е. на **4.XI** (грегоријански календар) **1893 година во Солун**. Освен Д. Груев, на средбата присуствувале Петар Поп Арсов, Христо Татарчев, Иван Хаџи Николов, Андон Димитров и Христо Батанџиев. На оваа средба не биле донесени конкретни одлуки.

Конституирањето се случило во почетокот на јануари 1894 година. Тогаш било решено Организацијата да се именува **Македонска револуционерна организација**. Највисокиот раководен орган бил наречен **Македонски централен револуционерен комитет**. Во него влегле шестмината основоположници. Притоа, за **претседател на Централниот Комитет (ЦК) на МРО** бил избран **Христо Татарчев**, за **секретар и благајник – Дамјан Груев**. Целта на Организацијата била **„политичка автономија на Македонија“** во рамките на Османлиската Империја. Како средство за постигање на целта било предвидено **„општо**



Основачите на Македонската револуционерна организација



Факсимил од печатот на МРО со потписите
на Х. Татарчев и Д. Груев

**востание**“. Притоа автономијата на Македонија се сфаќала како **преодна етапа** кон **слободна независна македонска држава**. Со текот на времето, главно мото на Организацијата станала паролата „**Македонија на Македонците**“.

## Организациска поставеност и ширењето на МРО

МРО била поставена врз **централистички принцип**. Највисок раководен орган бил **Централниот комитет**. Потоа доаѓале **окружните**, **околиските** и на крај **селските комитети**. Организираните членови се делеле на десетини, на чело со раководител. Членовите на десетината ги знаеле само припадниците на својата група и раководителот, но не и повисоките раководители. Тие требало да внимаваат на своето однесување и строго да ја чуваат довереата тајна. При зачленување во Организацијата се полагала заклетва. Раководството на Организацијата практикувало **тајнопис (шифри)**, додека раководителите и позначајните места имале **псевдоними.**

Почетното воспоставување на организациската мрежа било внимателно. Основните јадра биле поставени до средината на 1896 година. Во почеток на агитација биле изложени учениците од горните класови, како и помладите учители од егзархиските средини. Значајна улога во проширувањето на МРО одиграле новопримените членови како: Гоце Делчев, Пере Тошев, Ѓорче Петров и други. Подоцна агитацијата се проширила меѓу другите црковни заедници, т.е. меѓу патријаршистите.

Од особено значење за проширувањето на платформата на МРО и на нејзината мрежа бил **Солунскиот конгрес (1896).** Тогаш била преименувана во **Тајна Македоно-одринска револуционерна организација** (ТМОРО). Според новиот Устав член на Организацијата можел да

### Непознати зборови и термини

**Политичка автономија на Македонија** - Создавање на единствена административна единица Македонија, на чело со христијанин губернатор. Притоа, локалната самоуправа да има самостојност во одлучувањето по прашања од локален карактер, од областа на образованието, распределба на приходите од даноците, да води сметка за соодветна застапеност на христијаните во администрацијата, правото на користење на локалниот јазик и сл.

### Истражувачки предизвик

Во МРО се користеле псевдоними. Така, за Солун се користел псевдонимот *Света Гора*; за Битола – *Ерусалим*; за Струмица – *Вирово* итн. Од личностите, Д. Груев го користел псевдонимот *Брајан Митрев*; Христо Татарчев – *Светомиров*; Ѓорче Петров – *Марко* итн.

*Направи мало истражување и откриј кој бил псевдонимот на Гоце Делчев?*

### Историски сведоштва

Со текот на времето, тајноста на Организацијата била провалена. Во меѓувреме, таа неофицијално почнала да се именува Внатрешна организација. Еве што пишува за неа весникот „Право“ во 1902 година:

*„Внатрешната револуционерна организација ќе му даде секому да разбере дека работи за единството и независноста на Македонија како слободна држава на Балканскиот полуостров. Таа Организација... не е агент на никоја од балканските држави, туку е агент само на македонската слобода и независност. Со таквите докази таа постепено ќе ги отстранува племенските разлики во Македонија и ќе го организира, ако и разнобоен, но способен да се самоуправува мирно, тивко, македонскиот народ.“*

биде секој Македонец и Одринец без разлика на народност. Организацијата истакнала дека ќе се бори против шовинистичките пропаганди.

Со овој граѓански концепт Организацијата се отворила кон сите незадоволни елементи со цел да ги обедини околу идејата за автономна Македонија. Територијата на Македонија била поделена на пет револуционерни окрузи, а шестиот округ се наоѓал во Одринско. Истовремено било одлучено да се отвори **Задгранично претставништво** со седиште во Софија. Задача на задграничните претставници била да собираат материјална помош сред македонските емигранти и бугарските граѓани за ослободителното дело. За први задгранични претставници биле именувани Гоце Делчев и Ѓорче Петров.




Организациска поставеност на МРО

## Формирање на четите на МРО

Првите вооружени лица на организацијата биле организирани во тројки. Тие пренесувале оружје, служеле како курири, а понекогаш и за ликвидација на непријатели на Организацијата. Првите чети се појавиле во **1897 година**. Со тек на време, нивниот број почнал да се зголемува. Главна улога во создавањето на четничкиот институт имал Гоце Делчев, кој бил **инспектор на четите.** На чело на секоја чета стоел **војвода**, кој покрај себе имал и секретар. Последниот бил одговорен за революционерната агитација меѓу населението.

Четите имале важна улога во ширењето на мрежата на МРО. Тие го подигнале авторитетот на Организацијата меѓу населението, но и меѓу нејзините непријатели. Тие пренесувале оружје, ликвидирале разбојници и непријатели, вршеле прибирање на пари, а по потреба и киднапирања заради откуп. Четите се криеле по планините и селата, а главно се движеле ноќно време. Главна задача на четите била подготовка на населението за востание. За време на востанието требало да претставуваат јадро околу кое ќе се соберат другите борци. Правата и обврските на четите биле определени со посебни правилници.

**Минатото низ извори**

Од Устав на ТМОРО:

Чл. 1. *Тајната македоно-одринска революционерна организација има за цел да ги сплоти во едно цело сите незадоволни елементи во Македонија и Одринско, без разлика на народност, за извојување преку револуција полна политичка автономија за тие две области.*

Чл. 4. *Член на ТМОРО може да биде секој Македонец и Одринец... кој не е компромитиран со ништо нечесно и бескарактерно пред општеството...*


ПРАВИЛНИКЪ

ЧЕТИТѢ НА ТАЙНАТА МАКЕДОНО-ОДРИНСКА РЕВОЛ. ОРГАНИЗАЦИЯ

Глава I.

Глава II.

Назначение на четата

а) агитация

Правилник за четите на ТМОРО

## Предизвици и опасности во развојот на МРО и ослободителното дело

Според целта и методите на дејствување, МРО била против поредокот и територијалниот интегритет на државата. Нејзината дејност била илегална. Оттука, власта имала обврска и легитимитет да ги следи и казнува.

За време на своето постоење, МРО честопати се нашла лице в лице со османлиската власт. Најчести причини за тоа биле нелегалните активности. Во почеток МРО се финансирала преку членарина и доброволни прилози. Кога финансиските потреби се зголемиле, почнала со изнуди, па дури и киднапирање заради откуп. При такви ситуации често доаѓало до провали при што многумина биле затворани. Некои афери и провали биле предизвикани од случајни откритија на оружје, на писма, од предавства и сл.

Покрај тоа МРО наидувала на пречки од пропагандните институции на соседните држави. Затоа настојувала да се пресмета со нивните претставници. Организацијата не трпела други организации на територијата на Македонија и често се пресметувала со нив. Слично постапувала и со надворешните организации кои настојувале да се инфилтрираат во Македонија.



Американската мисионерка Мис Стон – најпознатото киднапирање заради откуп (Илустрација од 1902 година)





Печат на Солунскиот окружен револуционерен комитет

## Место, улога и значење на МРО

МРО има значајно место во историјата на македонскиот народ и неговата борба за сопствена држава. Со институциите и влијанието што го имала, таа претставувала паралелна власт. Затоа, честопати била третирана како „држава во држава“, или како што уште е наречена, една „Подземна република“. Нејзин највисок дострел претставуваат Илинденското востание и Крушевската република.

### Минатото во сегашноста

Во македонската химна се спомнуваат дури четири имиња од Илинденскиот период. Исто така, во државата разни институции носат имиња на дејци од илинденската генерација. Првото заседание на АСНОМ било одржано на 2 август.

*Обиди се да објасниш зошто овој настан се одржал токму тогаш? И зошто повеќе партизански одреди во текот на НОВ носеле имиња на дејци од илинденскиот период?*

### Провери го наученото:

1. Која била целта на МРО и со кои средства се обидувала да ја оствари?
2. Наведи ги позначајните одлуки на Солунскиот конгрес од 1896 година!
3. Каква била улогата на четите на МРО?

# Истакнати дејци на Македонската револуционерна организација

## Дамјан (Даме) Груев (1871-1906)

Даме Груев е роден во Смилево. Татко му бил ѕидар, а мајка му починала кога бил мал. Се школувал во Смилево, Битола, Солун, Белград (Кралство Србија) и Софија (Кнежевство Бугарија). Во Софија студирал историја на Високата школа, но не завршил. Бил активен во Македонското студентско друштво, од кое потоа произлегла ММКД.

Работел како учител, во печатница и училишен инспектор. Д. Груев **бил главен иницијатор при формирањето на МРО**. Тој ги формирал **првите комитети** во внатрешноста на Македонија. Поседувал врвни **организаторски способности**. Бил **солиден агитатор** и лесно пристапувал кон луѓето од различни слоеви, со што придонел за ширење на ослободителното дело.

Освен тоа, Груев бил истакнат и **прагматичен раководител** на МРО. Учествувал и претседавал со работата на повеќе конгреси, како и во носењето на најзначајните одлуки на Организацијата. Поради својата револуционерна дејност бил осуден на десетгодишна казна затвор, но и **од затворот продолжил да дава инструкции**. Бил амнестиран.

Како **член на Главниот штаб** имал клучна улога за време на Илинденското востание. Давал повеќе интервјуа за странски новинари, меѓу кои руски и американски, со што ја афирмирал борбата на МРО за автономија на Македонија. Загинал во борба со османлиски потери кај с. Русиново, Беровско. Неговото име нераскинливо е поврзано со Организацијата од нејзиното создавање, до неговата смрт. За време на Илинденското востание во македонски услови ја реафирмирал пруската девиза од време на Војните на Наполеон: „**Подобро ужасен крај, отколку ужас без крај**“.



Дамјан Груев

**Историски сведоштва**

*„Груев е родум Македонец и постојано живее во Македонија; дојден е овде (Софија) пред еден месец да ја лекува раната што ја добил при еден случаен судир со турските војски. Сега е речиси оздравен и се чини дека набргу пак ќе се врати во Македонија. Тој има големо влијание, не само во Македонија, туку на него сметаат и српската и бугарската влада. Турската влада ја има проценето неговата глава на 5000 турски лири. Г-н Груев е релативно млад човек, со убав библиски лик; неговото расположение е стабилно и шеговито... очигледно е дека постојаните бури и животни тревоги не ја скршиле оваа натура.“*

К. Барбенко, дописник на „Новое времја“ за Д. Груев, 1906 година

## Петар Поп Арсов (1868-1941)

Петар Поп Арсов е роден во с. Богомила во семејство со свештеничка традиција. Се школувал во Богомила, Велес, Солун, Белград (Кралство Србија) и Софија (Кнежевство Бугарија). За време на школувањето имал

можност да ги осознае надворешните погледи кон Македонија. Завршил филологија на Високата школа во Софија. Неговата сила е во пишаниот збор. Негов препознатлив (заштитен) знак е шеширот.

Петар П. Арсов се пројавил како **революционер**, **идеолог**, **публицист и филолог.** Уште како студент имал значајна улога во ММКД, при што бил **редактор на списанието „Лоза“**.

Петар П. Арсов се вброил меѓу шестмината основоположници на МРО. Тој ги подготвил првите документи на Организацијата. По налог на ЦК објавил брошура преку која ги разоткрил целите на бугарската пропаганда во Македонија. Бил член на ЦК на МРО, окружен раководител, како и задграничен претставник.

Особено е позната неговата девиза „**Секој што однадвор ќе ни ја подари слободата, ќе ни ја земе земјата**“. Поради својата револуционерна дејност бил **осуден на 101 година затвор**, но подоцна **бил амнестиран**. Како интелектуалец ја знаел пропагандната моќ на црковно-просветните институции. Поради тоа се залагал за отворање на Висока педагошка школа во Скопје, со статус на државен факултет. Петар П. Арсов бил огорчен противник на поделбата на Македонија. Според него, Македонија дури и да ја немало, дипломатијата би требало да ја создаде за доброто на Балканот. Починал во Софија во 1941 година.

**Поврзи го знаењето**

*Потсети се кои биле целите на ММКД и по што е карактеристично списанието „Лоза“? Припомни си какви правописни иновации се среќаваат во расказот на Петар П. Арсов!*



Петар Поп Арсов

## Гоце (Ѓорги) Делчев (1872-1903)

Гоце Делчев е роден во Кукуш во повеќедетно средноимотно семејство. Се школувал во родниот Кукуш, Солун (Егзархиска гимназија) и Софија, каде завршил „Кнежевско воено училиште“. Не добил офицерски чин, бидејќи бил фатен како чита книги со социјалистичка содржина, кои биле забранети.

Во редовите на МРО бил вклучен лично од Даме Груев во Штип (1894). Делчев за кусо време покажал извонредни **организаторски и агитаторски способности**. Покрај тоа се пројавил како **идеолог** на македонската ослободителна идеја. Поради тоа се стекнал со извонредна почит, како во Организацијата, така и меѓу народот. Заедно со Ѓ. Петров го изработил Уставот и Правилникот на ТМОРО. Бил член на ЦК, задграничен претставник и **инспектор на четите** на ТМОРО.



Гоце Делчев

Тој е **промотор на организациските судови.** Ги подучувал селаните да не одат по турските судови, туку своите проблеми да ги решаваат сами пред организациските судови. Г. Делчев се залага за „**морална револуција**" т.е. револуција во умот. Според него, робот ќе престане да робува откако ќе го ослободи сопствениот ум. Делчев жестоко се спротивставувал на сите обиди за надворешно влијание во македонското ослободително дело.

Делчев е организатор на првата илегална работилница за производство на бомби за потребите на Организацијата. Како инспектор на четите, често преземал обиколки низ Македонија и Одринско, без оглед на нарушеното здравје. Неговата најдолга обиколка низ Македонија траела од есента 1901 до пролетта 1902 година. Таа е позната како **Големиот поход**. Загинал на 4 мај 1903 година во судир со османлиските војски во с. Баница (Серско). Поради неуморната дејност, искреност, чесност и преданост кон ослободителното дело, тој е прифатен како **апостол на македонската ослободителна идеја**.

## Ѓорче Петров (1865-1921)

Ѓорче Петров е роден во Варош – Прилеп, во ситно трговско семејство. Се школувал во Прилеп и Солунската егзархиска гимназија. Оттаму бил исклучен поради учество во ученички бунт. Образованието го оформил во Пловдив (Источна Румелија).

Иако во МРО се вклучил по нејзиното создавање, брзо се издигнал во нејзините редови. Бил член на ЦК и задграничен претставник. Заедно со Г. Делчев го подготвил Уставот и Правилникот на ТМОРО. Поради своите вештини во убедување, имал значајно влијание меѓу еснафите и граѓанството.

Ѓорче Петров се истакнува како **идеолог и теоретичар** на македонското ослободително движење. Поседувал **дипломатски особини**, а се одликувал и по својот аналитички пристап. Затоа од врховистичките средини бил нарекуван „**македонски итрец**". Како демократ по убедување се залагал за демократизација и децентрализација на Организацијата.

Ѓорче Петров е приврзаник на тезата за перманентно востание, наместо општо масовно

### Минатото низ извори

*„Ослободувањето на Македонија лежи во внатрешно востание. Кој мисли дека Македонија ќе се ослободи поинаку, тој се лаже и себеси и другите... Ако востание се прави со 1-40 души, тогаш Македонија одамна ќе беше слободна државичка... Треба тој народ да се разбуди од петвековниот длабок сон, којшто го направил Македонецот доста дебел во сознанието за човекови права".*

Од писмото на Г. Делчев до Ефрем Каранов, 1895

### Наследство за генерациите

Гоце Делчев релативно рано се вселил во пантеонот на македонските национални херои. Во тој дух „Гоцев лист", кој го издава Кукушкото добротворно братство во Софија, во 1937 година меѓу другото пишува:

*„Света должност за македонскиот народ и за емиграцијата е секоја година да го одбележува спомenот на незаборавниот македонски национален херој Гоце Делчев и на плејадата борци револуционери... Така ќе ја изразиме нашата почит и благодарност кон нашиот верен и најодан учител и кон безбројните борци што ја посветија својата младост и го положија својот живот за Македонија".*



Ѓорче Петров

востание. Така сметал дека македонското прашање подолго може да се држи отворено пред европската дипломатија. За време на Илинденското востание со чета учествувал во Битолскиот револуционерен округ.

Напишал повеќе студии за македонското ослободително дело. Исто така, оставил драгоцени спомени кои претставуваат значаен извор за историјата на македонското ослободително движење. Бил убиен во Софија од платен убиец.



Пере Тошев

## Пере Тошев (1865-1912)

Пере Тошев е роден во Прилеп во имотно семејство. Се школувал во Прилеп и во Солунската егзархиска гимназија од каде бил исклучен поради учество во ученички бунт. Гимназија завршил во Пловдив (Источна Румелија).

Учителствувал во повеќе места низ Македонија. Тој се вброил меѓу **основачите на првите комитети на МРО во Битолскиот револуционерен округ** (1894). Набрзо потоа станал член на Централниот комитет. По природа бил **тивок, скромен и повлечен, со цврст карактер и волја**, но никогаш не се наметнувал. Во почетокот повеќе верувал во моќта на бомбите и динамитот, отколку во силата на организираното население.

Поради својата револуционерна активност бил осуден на 101 година заточение, но набрзо потоа бил амнестиран. Учествувал во работата на повеќе конгреси на Организацијата. За време на Илинденското востание делувал во Мариовскиот крај. Бил истакнат **поборник за демократизација и децентрализација** на Револуционерната организација. Покрај тоа се залагал за воведување на задолжително основно образование, како и за подигање на економското и културното ниво на населението. Загинал на 4 мај 1912 година во Дреновската Клисура.



Јане Сандански

## Јане Сандански (1872-1915)

Јане Сандански е роден во с. Влахи, Мелничко. Татко му бил знаменосец во Македонското востание. Набрзо неговото семејство емигрирало во Дупница (Кнежевство Бугарија).

Во македонското движење се вклучил преку Врховниот македонски комитет (ВМК). Откако ги согледал ин-

тригите на ВМК со македонското ослободително движење, под влијание на Гоце Делчев, се вклучил во ТМОРО. Оттогаш станал **жесток противник на врховистите** и непомирлив **борец за самостојноста и независноста на македонското ослободително движење и на Македонија**.

Сандански бил неприкосновен раководител и авторитет во Серскиот револуционерен округ. Особено се прославил по грабнувањето на американската протестантска мисионерка **Мис Стон.** Оваа афера придонела за ширење на вистината за македонското ослободително дело во САД.

Сандански бил храбар и решителен во борбата, како против Османлиите, така и против непријателите на Организацијата. Со својот одред учествувал во походот на Цариград при задушувањето на контрапревратот (1909). Бил убиен од заседа на Пирин Планина. За своите подвизи бил почитуван од народот. Затоа е опеан во повеќе народни песни. Поради својот авторитет е познат и како „**Пирински цар**“.

### Дознај повеќе

Јане Сандански често ги предизвикувал врховистите на јавни дебати пред населението. При една таква дебата истакнал: *„Ние решително се спротивставивме на Вашите офицери зашто го знаевме нивното воспитание... Тие се луѓе кои дале заклетва за верност на бугарскиот кнез и на бугарската држава, затоа тие не можат да бидат ништо друго, освен нивни слепи и послушни орудија. А, пак, ние не сакаме да ја замениме турската тиранија и турските султани за други такви, дури ни со бугарска тиранија и бугарскиот кнез.... Ние сакаме Македонија да биде автономна, независна, слободна, Македонија на Македонците... Вие ја сакате автономијата на Македонија... како средство, како етапа за идно завојување и присоединување, а кај нас слободата, автономијата е легната како цел. Ете каде е големата разлика меѓу нас Внатрешните и Вас – врховистите“.*

### Провери го наученото:

1. Што подразбираш под девизата „Подобро ужасен крај, отколку ужас без крај“? Каква е нејзината врска со паролата „Слобода или смрт“?
2. Спореди и објасни каква порака носат изјавите „Секој што однадвор ќе ни ја подари слободата ќе ни ја земе земјата“ и „Ослободувањето на Македонија лежи во внатрешно востание“.
3. Врз основа на текстот од рубриката „Дознај повеќе“ објасни ја разликата во сфаќањето на автономијата на Македонија помеѓу врховистите и приврзаниците на ТМОРО!

# Илинденското востание

## Причини за востанието

Веќе знаете дека Револуционерната организација се стремела и подготвувала за извојување политичка автономија на Македонија преку општо востание. За неполна деценија Организацијата успеала да создаде свои чети, курирска служба, да обезбеди извесни количини оружје, но и да го подигне духот кај дел од населението. Поради тоа органите на власта преземале разни мерки на прогон. Тоа го зголемувало незадоволството кај населението, но и нетрпението кај некои раководители и војводи за отпочнување на востание.



Иван Гарванов

Положбата особено се заострила **по врховистичката провокација за востание** во 1902 година. Освен тоа, врховистите се заканувале дека следната пролет (1903) повторно ќе навлезат во Македонија. Тоа претставувало опасност од опустошување на нови региони, губење на макотрпно прибраното оружје, но и деморализација на населението. Од друга страна, во дипломатските средини веќе се зборувало за реформи во Македонија.

При такви околности, кон крајот на 1902 година во ТМОРО било отворено прашањето за востание за претстојната пролет (1903). Оваа идеја особено ја застапувал претседателот на ЦК на ТМОРО – **Иван Гарванов**, како и претседателот на Битолскиот округ – **Анастас Лозанчев**.

## Солунскиот јануарски конгрес и прашањето за востание во 1903 година

По иницијатива на Битолскиот окружен комитет, а по барање на Иван Гарванов, во средината на **јануари 1903 година** во Солун бил одржан конгрес. Тогаш била донесена одлука за **општо востание,** без да биде определено точно време за негов почеток. Главни аргументи за оваа одлука биле: неподносливата положба, особено во Битолско; опасноста од нова врховистичка провокација; наводно поволната меѓународна положба; како и некакви ветувања за евентуална помош од Бугарија. На овој конгрес не учествувал никој од поистакнатите дејци на Организацијата.



Учителките што го навезале востаничкото знаме на Главниот штаб

Во исто време, по прашањето за востание **се одржале повеќедневни советувања во Софија.** На нив учествувале: Г. Делчев, Ѓ. Петров, Х. Татарчев и други истакнати дејци. Притоа преовладало мислењето дека наместо општо востание како што одлучил ЦК, подобро би било да се засилат активностите на четите кои ќе бидат проследени со динамитни акции, без да се вовлекува населението во масовно востание. На тој начин би се дошло до **перманентно востание**, без да биде тоа формално објавено. На крај сите се согласиле востанието да има **партизански карактер.** При промовирањето на својата концепција за востание, Гоце Делчев загинал во с. Баница.



Интервенција на војската за време на Солунските атентати

## Солунските атентати

Во екот на подготовките за востание, **кон крајот на април 1903 година**, одекнале **Солунските атентати**. Тие биле дело на неколкумина млади идеалисти, кои се нарекле **гемиџии**. Тие не верувале во силата на организираниот народ, туку сметале дека со индивидуална саможртва може да постигнат поголеми ефекти. Гемиџиите сметале дека преку динамитни атентати врз објекти во кои бил вложен европски капитал ќе го свртат вниманието на европските сили во прилог на Македонија.

Гемиџиите извеле неколку напади врз јавни објекти. Меѓу нив особено се издвојуваат потпалувањето на францускиот пароброд **Гвадалкивир** и разнесувањето на **Отоманската банка** во Солун, под чии темели претходно бил поставен експлозив. Некои од гемиџиите загинале во судир со војската, некои се самоубиле, а други биле фатени и осудени. Истовремено османлиските власти извршиле жестоки репресалии врз цивилното население.



Гвадалкивир во пламен

### Дознај повеќе

Експлозијата во „Гвадалкивир" ја подметнал Павел Шатев, кој во бродот се качил со пасош под туѓо име. Бродот изгорел целосно, но биле спасени сите патници. Следниот ден П. Шатев бил фатен на железничката станица во Скопје. Оттаму бил вратен во Солун и изведен пред суд. За време на судењето бил доведен неговиот татко од Кратово за да го потврди идентитетот на својот син. Меѓутоа, Шатев тврдел дека не го познава човекот и дека тој не е Павел, туку Ѓорѓи Манасков, односно личноста чие име стоело во пасошот. Бил осуден на доживотен затвор, но подоцна бил амнестиран.

Веста за Солунските атентати одекнала ширум светот, но од друга страна тие дополнително ја усложниле положбата во Македонија и го засилиле востаничкото расположение.


Меморијален музеј на Смилевскиот конгрес

## Подготовки за востанието и Смилевскиот конгрес

Кон крајот на јануари 1903 година, во Македонија забрзано почнале да навлегуваат чети, првенствено од Кнежевството Бугарија. Тие со себе носеле значајни количини оружје и експлозивни направи. Во Македонија се формирале нови чети и се зголемувал составот на постојните. Печалбарите почнале да се враќаат за да земат учество во востанието. Бил изработен план за востанието, според кој тоа требало да има партизански карактер. Во него било нагласено дека **целта не била востаниците да ги победат Османлиите, туку да не дозволат да бидат победени**. Целта била востанието да трае подолго, за да се предизвика вмешување на Големите сили.


Востаничко знаме на Охридската околија

Во текот на овие подготовки, во почетокот на мај 1903 година се одржал **Смилевскиот конгрес**. Со него претседавал Дамјан Груев. Одлуките од овој конгрес се однесувале исклучиво за Битолскиот револуционерен округ. Конгресот избрал **Главен Штаб** (ГШ), кој требало да раководи со востанието. Во него влегле: **Даме Груев, Анастас Лозанчев и Борис Сарафов**. Истовремено бил изработен **Востанички дисциплински устав**.


Главниот штаб на Востанието: Дамјан Груев, Анастас Лозанчев и Борис Сарафов

Со него биле регулирани правата, должностите и одговорностите на сите учесници во востанието. Конгресот донел одлука да се забрзаат подготовките во смисла на собирање оружје, муниција, облека, лекарства, изработка на знамиња и сл. Конгресот забранил било какво насилство врз цивилното муслиманско население. ГШ врз основа на овластувањето од конгресот, подоцна донел одлука востанието да почне на празникот Св. Илија, ноќта на 2 спроти 3 август. Поради тоа е наречено Илинденско востание.

## Илинденското востание во Битолскиот револуционерен округ

Почетокот на востанието бил најавен со посебен Проглас од Главниот Штаб, при што денот на почетокот до последен момент се држел во тајност.

**Вечерта на 2 август 1903 година бил објавен почетокот на востанието**. Тоа почнало со палење на востанички огнови, биење на камбаните, прекинување на телефонските и телеграфските линии, осветување на востанички знамиња, револуционерни говори и напади на населени места. **Востаничкиот центар се наоѓал во с. Смилево.** Тоа било ослободено, при што била организирана востаничка власт која траела дваесетина дена. Во непосредна близина било ослободено **Крушево**. Востаниците постигнале значајни успеси и во Костурско и Леринско. Во овој регион биле ослободени гратчињата **Клисура и Невеска**. Жестоки борби се воделе во Охридско, Преспанско, Кичевско и Демирхисарско.

Во Битолскиот револуционерен округ во многу места дошло до **масовно приклучување на населението кон востаниците**. Тоа ја отежнувало положбата на борците, бидејќи требало да се грижат за безбедноста на цивилното население. Затоа биле организирани т.н. **збегови**. Во Битолскиот револуционерен округ првите десетина дена востаниците имале значајна иницијатива на теренот. Притоа ослободиле повеќе населени места, а во некои региони востаничката доминација се чувствувала повеќе од дваесетина дена.

### Минатото низ извори

**Од прогласот на Главниот Штаб за кревање на востанието:**

*„Браќа, најпосле дојде денот што толку долго го чекавме за да се расправиме со нашиот вековен душман... Доста веќе толку маки, доста веќе толку срамови! Илјада пати подобро смрт, отколку срамен и скотски живот. Определениот ден, во кој народот од цела Македонија и Одринско ќе треба да излезе јавно со оружје в рака спроти душманите е 20 јули 1903 г.“*

Датумот 20 јули е според јулијанскиот календар. Размисли и одговори на кој датум од грегоријанскиот календар одговара?

### Непознати зборови и термини

**Збегови** - Засолништа во тешко достапни места во планинските предели, каде се криело неборечкото цивилно население (жени, деца, старци). Во нив постоела организирана исхрана за населението. При задушувањето на востанието, османлиските војски вршеле жестоки масакри кога ќе наиделе на збегови.



Здружени костурски чети (1903 г.)

## Востаничките дејствија во другите революционерни окрузи

За разлика од Битолскиот округ, во Скопскиот, Солунскиот и Струмичкиот револуционерни окрузи не биле одржани окружни конгреси, ниту пак дошло до масовно востание. По овие краишта била засилена дејноста на четите, со што делумно била олеснета положбата на востаниците во Битолскиот округ. Притоа биле извршени повеќе диверзантски акции на железничката пруга Солун–Скопје, со што бил попречуван транспортот на османлиските војски. Позначајни судири меѓу четите и војските имало на просторот меѓу Кукуш, Гевгелија и Eниџе Вардар.

Во Серскиот револуционерен округ бил одржан конгрес на кој било решено востанието таму да почне на празникот **Крстовден** (27 септември). За време на востаничките дејствија во овој округ дошло до **привремено помирување** меѓу четите на ТМОРО и врховистите. Притоа до поинтензивни борби дошло во Неврокопско и Разлошко.

### Историски сведоштва

Хенри Н. Брејлсфорд, кој по Илинденското востание престојувал во Македонија како предводник на хуманитарна мисија, за Востанието пишува:

*„Востанието од 1903 година беше многу повеќе од едно активно војничко движење. Тоа беше една масовна демонстрација во која учествуваше сето словенско население, мажите, жените, децата. Востанието навистина е многу чисто македонско движење, подготвено од Македонците, насочувано од нив и потпомогнато од страсната симпатија на словенското население. Првото изненадување за мене беше дека ова население се крена на оружје и се крена масовно.“*

### Провери го наученото:

1. Наведи ги причините за Илинденското востание!
2. Кои биле аргументите на ЦК при донесувањето на одлуката за востание?
3. Зошто гемиџиите своите акции ги насочиле против странскиот капитал во османлиска Македонија?
4. Наброј ги позначајните одлуки на Смилевскиот конгрес!
5. Во што ја гледаш разликата меѓу востанието во Битолскиот округ во споредба со другите окрузи во Македонија?

# Крушевската Република

## Подготовки за востанието и ослободувањето на Крушево

Во Битолскиот револуционерен округ најзначаен востанички успех претставува **ослободувањето на Крушево**. Тоа се должи на сериозните подготовки, планинскиот терен, поголемиот број востаници, како и одлучноста на тамошното раководство. Со подготовките раководело т.н. **Горско началство**, на чело со **Никола Карев**.



Крушевското Горско началство

Крушевското Горско началство организирало собирање оружје, муниција, облека, храна и лекови. За новите борци биле организирани вежби за обука при ракување со оружје и запознавање со основите на воените вештини. Истовремено бил изработен и деталeн план за напад и ослободување на Крушево. За таа цел биле ангажирани околу **800 востаници**.

Нападот на Крушево почнал вечерта на **2 спроти 3 август 1903 година**. Почетокот на востанието симболично бил означен со биење на камбаните. Нападот бил насочен кон главните османлиски објекти, како што биле: касарната, општината и поштата. Најжестока и најдолга била борбата за касарната. Во попладневните часови на **3 август**, **Крушево било слободно**. Востаниците со развеано знаме триумфално поминале низ градот, каде населението ги дочекало со воодушевување. Првичните османлиски обиди за враќање на градот биле одбиени.

**Дознај повеќе**

За успешно изведување на востанието, Смилевскиот конгрес донел одлука Битолскиот округ да биде поделен на десет револуционерни околии. За секоја околија било избрано посебно раководство, т.н. *Горски началства* од по неколку членови. Тие биле задолжени да раководат со подготовките за востанието, но и со самото востание. Горските началства биле потчинети на Главниот штаб на Битолскиот револуционерен округ.

## Крушевската Република

По ослободувањето на Крушево во градот била организирана привремена **востаничка власт**, која е позната како **Крушевска Република**.

Идеолог и организатор на Крушевската Република бил Никола Карев. Највисок орган на цивилната власт бил **Советот на републиката.** Тој се состоел од 60 членови (по 20 од секоја етничка заедница). Советот избрал **Привремена влада** од 6 члена, на чело со Дину Вангели. Тие биле задолжени за обезбедување на редот и мирот, за судството, обезбедување на прехрана за востаници-



Никола Карев

те, санитетски услуги и слично. Во градот била отворена работилница за поправка на оружје и полнење на куршуми. За одбрана на градот биле ископани ровови и подигнати утврдувања, но биле направени и неколку **црешови топчиња**. Воената власт ја претставувало **Горското началство – Штабот**. Тој бил сместен во месноста **Гумење,** од каде имал прегледност врз градот и пошироката околина.

За неутрализирање и придобивање на муслиманите од околните села, до нив била испратена Прокламација, позната како „**Крушевски манифест**“. Тој претставува своевидна декларација за целите на востанието и повик до муслиманите доколку не можат отворено да ја подржат борбата за автономија на Македонија, тогаш барем да не ја попречуваат.

**Минатото низ извори**

*„Елате браќа муслимани при нас да тргнеме против нашите и вашите душмани! Елате под бајракот на Автономна Македонија! Македонија е наша заедничка мајка и вика за помош... Ако и вие нè имате како ваши браќа, ... ако сакате пак да живеете со нас, како што сте живееле до сега и ако сте верни и достојни синови на мајка Македонија, можете да ни помогнете само со едно – а тоа е голема помош: да не се здружувате со душманите, да не доjдете со пушки против нас и да не правите зулуми по христијанските села!“*

**Од Крушевскиот манифест**

## Крајот на Крушевската Република и задушувањето на Илинденското востание

Османлиските власти реагирале жестоко при задушувањето на Илинденското востание. Целта била востанието што побрзо да се задуши, за да не прерасне во долготрајна герилска борба. Со тоа би се избегнало посериозно вмешување на Големите сили. За таа цел биле ангажирани значителни воени сили и башибозук.

Прво на удар на османлиските сили се нашло Крушево. Со враќањето на контролата врз него, требало да се врати престижот на султанот. Затоа Крушево било опколено од сите страни од големи воени единици. Притоа било побарано востаниците да се предадат, но Горското началство го одбило предлогот.

**Историски сведоштва**

Вообичаено се тврди дека терминот „Крушевска Република“ настанал подоцна, за да се означи востаничката власт во Крушево. Меѓутоа, терминот бил употребен уште за време на востанието, во статијата *„Ужасите во Крушево – сведоштво на еден очевидец“*, објавена на 31.VIII.1903 година во весникот „Вистина“, кој излегувал во Букурешт (Романија).



Црешово топче

**Истражувачки предизвик**

Засега е зачувано само едно оригинално црешово топче од времето на Илинденското востание.

*Истражувај на интернет каде се наоѓа денес и како завршило таму!*



Питу Гули

Во одбраната на Крушево биле вклучени околу 1200 востаници. По неколкучасовна борба, востаничкиот отпор бил скршен. При такви околности Штабот наредил востаниците да се повлечат. При извлекувањето на востаничките сили од градот дошло до жестока битка кај месноста **Слива**, каде загинал цел одред. Последната драма од борбите околу Крушево се одиграла на **Мечкин Камен** каде бил распореден одредот на **Питу Гули.** Тој загинал херојски со поголемиот дел од своите соборци. На 13 август османлиските војски го зазеле Крушево. Градот бил ограбен и запален, а голем дел од населението било изложено на различни измачувања.

По заземањето на Крушево, османлиските војски продолжиле да ги опколуваат востаничките жаришта во Битолскиот револуционерен округ. До крајот на август, војската насекаде воспоставила контрола. Повеќе македонски села ја доживеале судбината на Крушево. Тие биле запалени и ограбени. Со жестокиот настап врз востанатите населени места и ударот по цивилното население, властите сметале дека побрзо ќе ги натераат востаниците на капитулација. Сепак, судирите со четите продолжиле до крајот на септември. Главниот штаб, согледувајќи ја безизлезната состојба, **во почетокот на октомври 1903 година донел одлука за прекинување на востанието и демобилизација на востаниците**.

## Значење и одглас на Илинденското востание

Илинденското востание своевремено добило значајно место во европскиот и светскиот печат. За време на востанието на територијата на Македонија се нашле мнозина известувачи од разни земји. Под нивно влијание во повеќе европски градови биле организирани разни промакедонски манифестации за поддршка на борбата на македонските востаници. Притоа биле формирани комитети кои собирале хуманитарна помош за настраданото население во Македонија.

Истовремено, Илинденското востание имало важно место во извештаите на дипломатските

### Непознати зборови и термини

**Башибозук**
Нерегуларни вооружени групи, познати по својата недисциплина, како и по насилството и грабежите што ги вршеле врз населението во востанатите области.



Споменик на Битката кај Слива



Разурнато Крушево



Рамнодушноста на Големите сили кон настаните во Македонија (карикатура)

претставници. Тоа од своја страна го афирмирало македонското прашање на меѓународен план. Оттука произлегле нови иницијативи за реформи во османлиска Македонија.

Илинденското востание и Крушевската Република имаат особено значење во историјата на македонскиот народ и неговата борба за независна македонска држава. Пројавеното херојство и саможртвата на илинденските херои станале инспирација и патоказ за продолжување на борбата од идните генерации.

Македонската илинденска генерација го најавила и определила патот кон **вториот Илинден**. Поради тоа, Илинденската епоха има значајно место во македонското културно творештво (литература, ликовна уметност, фолклор итн.).

### Историјата – патоказ кон иднината

Македонскиот револуционер од Илинденската епоха, Димо Хаџи Димов, по повод 21 годишнината од Илинденското востание, како пророк ќе запише:

*„Македонија го имаше својот прв Илинден проследен со крвави денови на порази и на тешки страдања во текот на четврт век. Таа ќе го има и својот втор Илинден, но веќе при нова и сигурна епоха на блиски победи и ослободување. Овој втор Илинден е близок, тој доаѓа. И тогаш останатите живи стари и нови Илинденци, братски ќе се прегрнат и ќе пируваат за постигнатиот идеал, а духовите на нивните загинати другари... успокоени и свечено ќе се сретнат и ќе летнат над слободна и независна Македонија“.*

### Провери го наученото:

1. Опиши го ослободувањето на Крушево.
2. Што претставува Крушевскиот манифест?
3. Зошто османлиските војски тежината од својот удар ја насочиле врз населените места?
4. Опиши го значењето на Илинденското востание.

# Положбата во Македонија по Илинденското востание

## Последици од востанието

Задушувањето на Илинденското востание оставило тешки последици, особено во Битолскиот округ. Таму и по престанокот на востанието, власта спроведувала репресивни мерки под изговор дека собира оружје. Ситуацијата дополнително ја усложнила острата зима што настапила. При задушување на востанието, многу семејства останале без покрив над главата, без храна, без облека и без својот добиток. Се проценува дека околу **70 000 луѓе останале без домови**. Тоа било вистинска **хуманитарна катастрофа**. Хуманитарната помош која пристигала преку добротворни организации само делумно ја ублажила положбата.

Во меѓувреме, многумина биле осудени и се наоѓале по затворите. Други, за да го избегнат прогонот или, пак, во потрага по безбеден живот и пристојна заработувачка почнале да се селат. Поради тоа, околу 30 000 луѓе ја напуштиле земјата. Најголем дел заминале по соседните држави, првенствено во Бугарија. Други спасот го побарале подалеку, во европските и прекуокеанските земји, особено во Соединетите Американски Држави.



Опожарено Загоричани (1903 г.)

**Од дипломатските архиви**

Со шестата одредба од Мирцштегските реформи, Османлиската Империја се задолжува да обезбеди специјални суми:

*а) за враќање на куќите на христијанските семејства, кои како бегалци пребегале во Бугарија, или на други места;*

*б) за помош на христијаните што ги изгубиле имотите и своите живеалишта;*

*в) за поправка на куќите, црквите и училиштата урнати од Османлиите за време на востанието.*

## Мирцштегските реформи

Илинденското востание ги натерало Големите сили да се зафатат со реформи, исклучиво за османлиска Македонија. Главен збор по тоа прашање имале Русија и Австро-Унгарија. За таа цел, нивните императори се сретнале во австриското гратче **Мирцштег** во почетокот на **октомври 1903 година**. Затоа и донесените реформи се наречени **Мирцштегски реформи**. Реформите биле поддржани од другите европски сили. Притоа, за разлика од порано, овој пат спроведувањето на реформите требало да го надгледуваат претставници на европските сили.

Овие реформи предвидувале подобрувања во функционирањето на османлиската жандармерија во Македонија, администрацијата, судството, финансиите и друго. Османлиската Империја била должна да обезбеди средства за обнова на опожарените домови и други објекти. Покрај тоа, османлиските власти биле за-



Царската вила во Мирцштег

должени да создадат услови за враќање на внатрешно раселеното население и на оние што побегнале надвор од границите на Османлиската Империја.

Населението од опожарените села за една година било ослободено од сите даноци. ТМОРО овие реформи ги сметала за недоволни, поради што ги осудила и ги игнорирала. Од друга страна, населението не почувствувало некое особено подобрување на својата положба. Реформите, иако требало да придонесат за смирување на ситуацијата во Македонија, дополнително ја усложниле.



Австриски офицери во Скопје ангажирани во Мирцштегските реформи

## Положбата во Организацијата

Во текот на востаничката 1903 година загинале истакнати раководители и војводи. Некои од четите, за да го избегнат прогонот, заминале надвор од Македонија, првенствено во Бугарија. Слично постапиле и некои раководители на Организацијата. За време на Востанието била прекината комуникацијата помеѓу одделни комитети и ЦК. Во април 1904 година **ЦК се самораспуштил**, а нешто подоцна престанало да функционира и Задграничното претставништво. Организацијата западнала во криза.

Во меѓувреме меѓу истакнатите организациски раководители почнала дебата за неуспехот на востанието и идната поставеност на Организацијата. Притоа на **критика била изложена централистичката поставеност** на Организацијата. За време на овие дебати **преовладал ставот за децентрализација и демократизација** на Организацијата. Тоа подразбирало дека иницијативите требало да доаѓат оддолу (од базата), а не како дотогаш да се налагаат од горе (од ЦК). Овие прашања биле дискутирани на повеќе окружни конгреси што се одржале во текот на 1904-1905 година. На некои од нив се зборувало дека Организацијата треба да работи за национално осамосознавање на Македонецот.

### Историски сведоштва

Генералниот инспектор Хусеин Хилми-паша за Вториот окружен солунски конгрес:

*„Протоколот... кој е едно подробно и прекрасно образложение за досегашната дејност на Организацијата е напишан умесно, со голема последователност, справедливост и силна логика... Хилми паша неколку пати ми кажа дека е восхитен од изложените мисли и начела во Протоколот и дека никогаш не би поверувал дека меѓу тие невозрасни селски учители, во чии раце се наоѓа Внатрешната организација, се наоѓаат луѓе со такви здрави мисли и начела.“*

**Доверлив извештај на бугарскиот трговски агент Атанас Шопов.**

## Рилскиот конгрес

По завршувањето на окружните конгреси, **во октомври 1905 година**, бил одржан **општ конгрес** на Организацијата. Тој се одржал во **Рилскиот манастир**, поради што е познат како **Рилски конгрес**. Работата на конгресот траела цел месец. Била разгледана минатата дејност на Организацијата, актуелните состојби, но



Рилскиот манастир

особено внимание било посветено на идната дејност. Со конгресот претседавал Даме Груев.

Најдолга полемика се водела за идната поставеност на Организацијата. Мнозинството делегати се изјасниле **за реформи, демократизација и децентрализација** на Организацијата. Меѓу поистакнатите претставници на оваа групација се вбројуваат: Ѓорче Петров, Јане Сандански и Пере Тошев.

Од овој конгрес ТМОРО била преименувана во **Внатрешна македоно-одринска револуционерна организација (ВМОРО)**. На конгресот бил усвоен нов Устав и Правилник за Организацијата. Во нив е вградена новата поставеност и ориентација на Организацијата. Притоа е предвидено дека член на ВМОРО може да биде секој жител на европска Турција. Истовремено биле избрани членови на Централниот комитет и на Задграничното претставништво.

Конгресот ги осудил странските пропаганди во Македонија и дејноста на Врховниот комитет. Мирцштегските реформи биле оценети како недоволни. Притоа било решено Организацијата наполно да ги игнорира. Значајно внимание на овој конгрес било посветено на подигање на културното, образовното и економското ниво на населението. Тоа подразбира преземање разни мерки кои требало да го подобрат секојдневниот живот на луѓето.

Постигнатото единство на Рилскиот конгрес било со краток век. Набрзо несогласувањата одново избиле на површина. Поради тоа, следниот општ конгрес не се одржал. Оттогаш (крајот 1906) Организацијата се поделила на две спротивставени групации.

## Вооружените пропаганди во Македонија

По Илинденското востание во Македонија дошло до разгорување на српската, грчката и бугарската пропаганда. За разлика од порано, кога овие пропаганди претежно делувале преку црковно-просветните институции, по Востанието добиле **вооружен карактер**. Овој нов курс бил поттикнат од Мирцштегските реформи, кои меѓу другото предвидувале нова административна реорганизација на територијата на Македонија, откако ќе се смири земјата.




Уставот на ВМОРО

### Минатото низ извори

На Рилскиот конгрес, ВМОРО се произнела и по однос на Бугарската егзархија. Во врска со тоа се вели:

*„Сите пројави во делата и постапките на Егзархијата, кои се насочени во духот на бугарскиот државнички национализам, Организацијата ги смета за пакостни за нејзините цели и им се спротивставува“.*

**Од решенијата на Рилскиот конгрес на ВМОРО**



Хусеин Хилми-паша

Овие земји почнале да организираат и да испраќат чети во Македонија. Покрај тоа, тие на своја страна, преку поткуп, привлекле лица од внатрешноста, како и разни отпадници од Организацијата. Овие чети со силата на оружјето под присила го терале населението да се изјаснува за Срби, Грци или Бугари. Поради тоа, меѓу нив често доаѓало до судири по македонските села. Во овие судири, не по своја волја, биле вовлечени и четите на Организацијата, кои настојувале да ја бранат сопствената територија.

Последиците од дејствувањето на вооружените пропаганди најтешко ги чувствувало македонското население. Тоа не само што било подложено на секојдневен притисок, заплашувања, поедини убиства и палење на имоти, туку, понекогаш, и на масовни масакри. Покрај тоа, вооружените пропаганди ги продлабочиле поделбите и нетрпениете меѓу македонското население. Од друга страна, овие чети претставувале нов непријател за ВМОРО и нејзината борба за автономија на Македонија.

### Дознај повеќе

Претставниците на грчките чети се познати како андарти. Тие претежно дејствувале во јужните и централните предели на османлиска Македонија. Значајна улога врз нивната активност имал костурскиот патријаршиски владика – Германос Каравангелис. Пролетта 1905 година андартите извршиле жесток напад врз селото Загоричани (Костурско). Притоа убиле над 60 жители (жени, деца и старци) и го запалиле поголемиот дел од селото.

### Провери го наученото:

1. Опиши ја хуманитарната катастрофа по Илинденското востание!
2. Каква дебата се отворила во Организацијата по Илинденското востание?
3. Наведи ги поважните одредби на Мирцштегските реформи!
4. Што подразбираш под демократизација и децентрализација на Организацијата?
5. Во што се состои разликата во дејствувањето на надворешните пропаганди пред и по Илинденското востание?

# Македонија во време на младотурскиот преврат и режим

## Македонија како причина и повод за младотурскиот преврат

По Берлинскиот конгрес, во центарот на европските владенија на Османлиите се нашла Македонија. Со појавата на македонското револуционерно движење, таа станала небезбедна област. Под притисок на Големите сили, Османлиската Империја била принудена да спроведува разни реформи. Истовремено, сè повеќе до израз доаѓале отворените претензии на соседните балкански држави, кои Македонија ја сметале дел од своето „историско наследство“. Покрај тоа, Австро-Унгарија претендирала за излез на Солун.

Иако бил свесен за можноста од губење на Македонија, султанот повеќе ја претпочитал политиката **„раздели и владеј“**. Тој сметал дека поради противречните интереси на заинтересираните страни ќе успее да ја задржи контролата. Наспроти тоа, активистите на младотурското движење сметале дека со враќање на Уставот ќе успеат да ја зачуваат и целоста на Империјата. **Во 1905 година центарот на младотурското движење бил префрлен во Солун**. Младотурците имале силно влијание меѓу офицерите во османлиската армија во Македонија, а одржувале потајни врски и со некои средини од македонското револуционерно движење.

Во почетокот на **јуни 1908 година во Ревал** (денешен Талин, Естонија) се сретнале рускиот цар Николај II и британскиот крал Едвард VII. На Ревалската средба, меѓу другите прашања, станало збор за воведување **автономна управа во Македонија**.

Во меѓувреме, младотурците доставиле Меморандум до претставниците на европските сили. Во него укажале дека Македонија е составен дел на Османлиската Империја. Исто така, им укажале на Силите дека ако искрено сакаат да помогнат, треба да ја поддржат младотурската борба против апсолутизмот на султанот.

Согледувајќи ја опасноста од губење на Македонија, младотурците решиле **со помош на армијата да го принудат султанот да го врати Уставот** од 1876 година. Со тоа сметале дека ќе го избегнат вмешувањето на Големите сили, па така ќе ја зачуваат целоста на Империјата.

### Поврзи го знаењето

Консултирај историска карта и потсети се какви промени настанале на политичката карта на Балканот по завршувањето на Источната криза и Берлинскиот конгрес.

*Анализирај и утврди ја местоположбата на Македонија во европскиот дел на Османлиската Империја!*



Кралот Едвард VII и царот Николај II, Ревал 1908 година

### Минатото низ извори

**Од Меморандумот на Единство и Напредок до конзулите на Големите сили:**

*„Всушност, целта на Европа е да создаде еден вид македонска држава, или една автономна македонска провинција... Доколку положбата во Македонија до тој степен ја вознемирува Европа и доколку Европа навистина сака да ги усреќи Македонците... помогнете ни да го уништиме постоечкиот апсолутизам, да дојдеме до слободата и да дојдеме до светлина.“*

**Спомени на Нијази-беј**

## Македонија – центар на младотурскиот преврат

Младотурската воена интервенција почнала на 3 јули 1908 година, со одметнувањето на **Нијази-беј**, командант на Ресенскиот гарнизон. Слично постапиле повеќето воени единици со нивните команданти во Македонија. Состојбата ескалирала откако побунетите единици ја презеле контролата во Битола. Тогаш биле ослободени сите затвореници. Реакцијата на султанските сили против побунетите била слаба. Од друга страна и оние што биле испратени се придружиле на младотурците.

Во Солун и во другите градови почнале да се одржуваат големи митинзи за поддршка на младотурските барања. За населението особено била привлечна паролата: „**слобода, братство, единство**“. За придобивање на христијанското население во Македонија бил издаден посебен проглас.

Под притисок на младотурците, султанот Абдул Хамид II го вратил Уставот. Така, Империјата станала **уставна парламентарна монархија**. Меѓутоа, султанот и натаму останал неприкосновен владетел.

Младотурскиот преврат бил прифатен и поддржан од повеќето дејци на македонското револуционерно движење. Така, **Јане Сандански** зборувал на повеќе јавни собири, при што во Солун упатил „**Манифест до сите сонародници во Империјата**“. Разните чети, како и оние на ВМОРО, што дотогаш крстареле по планините, се спуштиле во градовите и зеле учество на сите јавни манифестации. Истовремено, била прогласена општа амнестија за сите затвореници.



Прослава на уставноста во Скопје, 1908 година



Нијази-беј

### Историски сведоштва

**Од прогласот на Единство и Напредок до христијаните во Македонија:**

*„Повеќе од четврт век, Бугарија и Грција, а од пред извесно време и Србија, следејќи ја истата цел, односно пружајќи ви рака за помош на вас, односно Македонците, ве лажат со ветувања дека ќе ве ослободат и ќе ви подарат слобода. Но не само што не ви помагаат, туку овие држави, чија цел е да ве потчинат под своја власт и да ве поробат, создадоа раздор меѓу вас. Посејаа семе на раздор, кое нашата татковина ја претворија во море од крв... Нема поделба и разлика меѓу нас. Сите сме Османлии. Прашањето на верата е друго. Тоа не е поврзано со татковината.“*

## Политичкиот плурализам и обидот за контрапревrat

Со враќањето на Уставот во Османлиската Империја се создале услови за слободно политичко изразување и организирање. За таа цел почнале да се формираат **политички партии,** организации и други здруженија. Доминантна политичка сила бил младотурскиот комитет **„Единство и Напредок“**, кој ја презел политичката контрола во државата.

Во Македонија најголем дел од претставниците од Серскиот, Струмичкиот и Солунскиот револуционерен округ се организирале во **Народна федеративна партија (НФП)**. На нејзино чело стоел **Димитар Влахов**. Во почетокот видно место во неа имале: Јане Сандански и Христо Чернопеев. Иако не била задоволна од младотурците, НФП сепак им дала значајна поддршка. НФП особено се залагала за решавање на **аграрното прашање** и за бесплатно основно образование. Нејзин најистакнат претставник во османлискиот парламент бил Димитар Влахов.



Димитар Влахов

Како противтежа на НФП се појавил **Сојузот на бугарските конституциони клубови**. Во него се нашле приврзаниците од спротивното крило во ВМОРО, како и елитата од егзархиските претставници. Никнале и политички организации со грчка и српска ориентација. Исто така се појавиле **албански клубови**, кои се залагале за обласна автономија и создавање на албанска азбука. Покрај тоа се појавиле разни синдикални и работнички здруженија.

По освојувањето на власта, младотурците почнале да прават компромиси со стариот режим. Од друга страна, конзервативните антиуставни сили, кои биле блиски со султанот, во април 1909 година во Цариград извршиле **контрапревrat**. Поради тоа младотурците тргнале со силна војска од Солун кон Цариград. Во овој поход на престолнината учествувале и Јане Сандански, Христо Чернопеев и Тодор Паница со 1200 македонски доброволци. За кратко време, реакционерните сили биле поразени, а Уставот вратен. Притоа султанот Абдул Хамид II бил симнат од престолот, а место него бил поставен Мехмед V.



Јане Сандански и неговите соработници во друштво со младотурци

## Заострување на младотурскиот режим

По враќањето на Уставот и зацврстувањето на власт, младотурците не презеле решителни мерки за модернизација и сериозни промени. Нивните обиди за градење на **османлиска нација** биле задоцнети и не дале резултати. Од друга страна, откако ја зазеле власта, тие донеле повеќе рестриктивни закони со кои ги ограничувале правата и слободите.

Притоа бил донесен закон со кој биле забранети сите организации и здруженија врз етничка основа. Во редицата рестриктивни закони се вбројува законот за штрајкови, за синдикатите, како и законот за безработниците. По донесувањето на законот против четите почнале масовни рации по македонските села. Поради тоа, многу поранешни револуционери кои привремено го положиле оружјето и го поддржале младотурскиот преврат, се одметнале оддавајќи се на илегална дејност. Со тоа ситуацијата во Македонија одново станала тензична. Ако задржувањето на Македонија во рамките на Империјата било причина и повод за младотурскиот преврат, брзиот расплет на настаните ќе покаже дека младотурците во тој поглед не успеале.



Султанот Мехмед V

### Провери го наученото:

1. Опиши ја разликата помеѓу султанот и младотурците во поглед на зачувувањето на целоста на Империјата!
2. Зошто Ревалската средба претставува повод за младотурскиот преврат?
3. Зошто младотурскиот преврат добил силна поддршка во Македонија?
4. Наведи ги позначајните политички субјекти во Македонија по воспоставувањето на уставниот парламентаризам!

# Македонија во Балканските војни

## Македонија во политиките на балканските земји

Османлиска Македонија, со својата местоположба, земала значајно место во политичките планови на соседните балкански земји (Србија, Грција и Бугарија). Трите земји имале претензии, но ниедна од нив не била способна сама да изведе успешна војна против Османлиите. Секоја од нив била свесна дека нејзините интереси во Македонија се судруваат со интересите на другите две земји.

Затоа балканските држави биле принудени да преговараат меѓу себе. Кон крајот на XIX и почетокот на XX век, имало повеќе обиди за меѓусебни спогодувања. Но, поради преголемите апетити, преговорите биле безуспешни. Интересно е тоа што сите три држави тврделе дека земјата и народот на Македонија им припаѓаат ним, а истовремено преговарале меѓу себе за нејзина поделба.

Во март **1912 година**, со руско посредување, Бугарија и Србија привремено ги надминале разликите и потпишале договор за сојуз и пријателство. Притоа, со посебен документ ги разграничиле своите интереси во Македонија. Набрзо потоа бил потпишан одбранбен договор помеѓу Бугарија и Грција, како и меѓу Србија и Грција. Во последните два договори не биле разграничени територијалните интереси. Ова прашање свесно било одбегнато. Бугарија и Србија потпишале посебни договори и со Црна Гора. Со ова било заокружено создавањето на т.н. **Балкански сојуз.** Тој бил насочен **против Османлиската Империја**, односно нејзините европски владенија, во чиј центар била Македонија.



Балканот – буре барут
(карикатура, 1912 година)



Балканскиот сојуз
(пропаганден плакат)

## Македонија во Првата балканска војна

По предавање на еден ултиматум до Османлиската Империја, во октомври 1912 година, балканските сојузници ѝ објавиле војна. Така почнала **Првата балканска војна**. Во текот на војната против османлиските сили на територијата на Македонија дејствувале српски, бугарски и грчки војски. Во османлиската армија било моби-

лизирано и христијанско население. Но токму тоа било меѓу првите што дезертирале.

Под притисок на балканските сојузнички војски, османлиските сили за непoлн месец биле поразени и разбиени. Некои од нив почнале да се повлекуваат на исток кон својата престолнина, други на запад, преку Албанија.

Во време на оваа војна, српските војски на југ стасале до Лерин, до Гевгелија и Струмица. Бугарските војски, кои дејствувале претежно по долината на Струма, на југ стасале до Солун, речиси истовремено со грчките војски, кои дејствувале од југ, а на север стасале до Лерин и Гевгелија.

За време на војната, во некои места се нашле војските на две, па и на три држави. Така, во Гевгелија истовремено се нашле српски, грчки и бугарски војски. Значајна улога во убедувањето на османлиските команданти да напуштат некои градови без борба имале дипломатските претставници на Големите сили. Така, рускиот конзул во Скопје ги убедил Османлиите да го напуштат градот без борба. Под влијание на странските конзули во Солун, градот бил предаден на грчките војски.

Во текот на Првата балканска војна, во повеќе места во Македонија било воспоставено двовластие, а некаде и тривластие. Со тоа старите недоразбирања меѓу сојузниците избиле на површина.

За расчистување на проблемите меѓу Османлиската Империја и балканските сојузници, била свикана **Лондонската мировна конференција**. Во текот на конференцијата, Османлиската Империја излегла со предлог за **автономија на Македонија** под покровителство на султанот. Меѓутоа, овој предлог не бил земен предвид. Конференцијата завршила со потпишувањето на т.н. **Лондонски мировен договор** (1913). Според него, територијата на Македонија, како и дел од европските владенија на Османлиите, биле поделени меѓу сојузниците.



Српски војски влегуваат во Скопје



Палатата Сент Џејмс во Лондон – место на потпишување на Лондонскиот мировен договор




Територијалното проширување на балканските држави по Првата Балканска војна

## Македонија во Втората балканска војна

Недоразбирањата меѓу балканските сојузници околу поделбата на османлиска Македонија станале причина за избивање на **Втора балканска војна**, која е позната и како **меѓусојузничка војна**. Само еден ден по потпишувањето на Лондонскиот договор, Србија и Грција потпишале договор за заеднички воени дејствија против Бугарија. Нецел месец потоа, Бугарија ги нападнала српските и грчките војски. Притоа на страната на Србија и Грција застанала Црна Гора.

Во текот на Втората балканска војна, жестоки битки се воделе на реката Брегалница, во Овче Поле и по текот на реката Струма, како и на просторот меѓу Дојран, Гевгелија и Кукуш.

Во војната против Бугарија се вклучиле Романија и Османлиската Империја. Опколена од сите страни, Бугарија побарала примирје. Овој пат мировните преговори се воделе во **Букурешт** (Романија). Победниците го диктирале мировниот договор. Тој е познат како **Букурешки мировен договор** (10 август 1913 година). Според него, Бугарија изгубила дел од областите во Македонија што ги освоила за време на Првата балканска војна.

## Учество на Македонците во Балканските војни

Поради пропагандните активности на балканските сојузници, значаен дел од македонското население поверувало дека почнува ослободувањето од османлиска власт. Тогаш речиси никој не помислувал дека тоа е војна за поделба на османлиското наследство во Македонија. Поради тоа, населението активно соработувало и дало значајна помош на сојузничките војски.

Особено значаен бил придонесот на македонските доброволци. Најмногу ги имало во бугарската армија. Тие биле организирани во т.н. **Македоно-одринско ополчение** (доброволци). Повеќето од овие одреди биле испратени на фронтот во Тракија. Македонците што дејствувале на српска страна биле организирани во т.н. **Народна одбрана**. Дел од населението се нашло во редовите на грчката армија. Доброволците обично дејствувале како претходница на сојузничките армии или, пак, во задницата на османлиските сили.



Италијанска карикатура за епилогот од Втората балканска војна

### Минатото во сегашноста

Во балканските држави (некогашни сојузници), Балканските војни во историографијата се претставени како ослободителни војни. Во македонската, турската и албанската историографија Балканските војни се претставени како завојувачки.

*Размисли зошто Балканските војни различно се толкуваат во спомenативе историографии!*

### Дознај повеќе

Македонските доброволци во „Македоно-одринското ополчение“ во почетокот верувале дека се борат за ослободување на Македонија. Но при Втората балканска војна сфатиле дека Балканските војни се за поделба на Македонија. Во врска со тоа Тодор Поп Антов, пишува:

*„На Македонецот – доброволец му беше тешко да помисли дека неговата татковина, за која беа дадени небројени жртви во еиските револуционерни борби за да се реализира идеалот за слобода на целокупна Македонија во нејзините географски граници, сега, со Балканските војни, се кине на делови, кои како плен им се даваат на балканските сојузници.“*

Доброволните одреди дале придонес при заземањето на некои места. Така војводата **Петар Чаулев влегол во Охрид** пред српските војски. **Јане Сандански** со својот одред **влегол во Мелник** пред бугарската војска, а потоа и **во Солун**. Таму се нашол во непријатна ситуација сред бугарските офицери при наздравувањето за **автономна и самостојна Македонија**.

Во Втората балканска војна дел од македонското население било мобилизирано во армиите на завојуваните страни.



Петар Чаулев

## Барања за независна македонска држава

Во **ноември 1912 година**, по иницијатива на Димитрија Чуповски, Петар Поп Арсов организирал **семакедонска конференција** во Велес. На конференцијата било решено да се преземе иницијатива пред европските сили за создавање на **самостојна независна држава Македонија**. За таа цел било предвидено испраќање делегација на претстојната мировна конференција. Оваа акција требало да се прошири ширум Македонија. Меѓутоа, српските и бугарските окупациски власти ја попречиле.

Димитрија Чуповски се вратил во Русија и оттаму продолжил со борбата за независна Македонија. По негова иницијатива, **македонската колонија од Санкт Петербург** испратила **Меморандум за независна Македонија** до претставниците на Големите сили на Лондонската конференција. Во прилог на Меморандумот била доставена и **етногеографска карта на Македонија**, изработена од Д. Чуповски. Меморандум со слична содржина бил испратен и до владите на соседните балкански држави. За ширење на идеите за самостојна Македонија, македонската колонија го издавала **Македонски глас**.




Карта на Македонија изработена од Димитрија Чуповски

## Последици од Балканските војни

Со Балканските војни било прекинато османлиското владеење над Македонија. Во освоените области била воспоставена нова власт (српска, грчка и бугарска). Со тоа биле прекинати економските врски меѓу одделните краишта. За време на османлискиот период, економските врски од внатрешноста на Македонија претежно биле насочени кон Солун и обратно. Во новите услови тие требало да се ориентираат кон други центри. Едни кон Белград, други кон Софија, трети кон Атина.

За време на Балканските војни биле опустошени повеќе градови и села. Истовремено било предизвикано преселување на значаен дел од населението. Поради незадоволството од делот што го добила, Бугарија по само две години ќе се вклучи во нова војна за Македонија.

### Минатото низ извори

**Од Меморандумот на македонската колонија во Санкт Петрбург:**

*„Сега во Македонија царува ужасен терор, 'слободата' на сојузниците нема граници... Турското ропство е заменето со христијанско, но не е далеку оној злокобен ден... кога Македонците отворено ќе му кажат на целиот свет: 'Подобро да умреме во борбата за својата слобода, отколку да живееме одново во ропство' ...*

*На македонскиот народ му се потребни:*

*1. Македонија во своите географски, етнографски, економско-политички граници да остане единствена, неделива, независна балканска држава.*

*2. Во најскоро време врз основа на општо гласање да се свика македонско народно собрание во Солун, кое подробно ќе го разработи внатрешното устројство на државата и ќе ги определи своите односи со соседните држави.“*

### Провери го наученото:

1. Против кого бил насочен Балканскиот сојуз?
2. Зошто на Лондонската мировна конференција не бил прифатен османлискиот предлог за Македонија?
3. Што било причина за Втората балканска војна?
4. Кои биле мотивите на македонските доброволци при вклучувањето во сојузничките војски?
5. Какви активности презел Димитрија Чуповски по семакедонската конференција во Велес?

# Појава и развој на македонството

## Поимот македонство

Поимот **македонство** претставува љубов и **чувство за припадност кон Македонија како татковина**. Македонството претставува израз на свест за Македонија како заеднички историски, културен, економски и општествен простор. Тоа чувство за припадност може да биде **лично, колективно и историско**.

Македонството е **стремеж за создавање на македонска држава и нација.** Тоа значи преземање свесни активности на луѓе од Македонија, кои низ јазикот, културата и револуционерната борба, тежнееле кон создавање на чувство за заедништво и македонска држава. Значи **македонството е движење** кое претходи на македонската држава и нација.

### Дознај повеќе

Во т.н. Слепченски писмовник (средината на XVI век) се препорачува кога се пишува писмо до султанот Сулејман Величествениот, тој да сеословува како *„цар на сите земји“*, при што се наведува и *„Македонска“*.

- Јаков од Камена Река, кој имал печатница на црковно-словенски јазик во Венеција, во својата книга „Часослов“ пишува: *„Излегов од Македонија, татковината моја, и влегов во западните земји“*.

## Македонија како татковина

Образованите луѓе што потекнувале од Македонија, без оглед што таа била дел од Османлиската Империја, во средината на XVI век ја доживувале како **сопствена земја и татковина,** при што **султанот го сметале за цар на земјата Македонска.**

Идентификувањето на луѓето со Македонија како нивна земја и татковина станува поизразено во текот на XVIII век. Повеќе преселници од Македонија по Карпошовото востание, тоа чувство го пренеле на север во Хабсбуршката Монархија и во Русија. Така, Христофор Жефарович, кој потекнува од Дојран, изработил **земски грб на Македонија**. Во Русија, пак, од македонските емигранти бил формиран **Македонски хусарски** (коњанички) **полк**, кој имал сопствен грб.

Во текот на XIX век, особено во втората половина на векот, чувството за Македонија како заедничка татковина на Македонците е широко распространето. Тоа се проповеда низ печатот, литературата и преку револуционерната борба.

Во овој период **Ѓорѓија Пулевски** почнува да ја шири идејата дека **Македонија е татковина на македонскиот народ**.



Грб на Македонскиот полк

### Историски сведоштва

Ѓорѓија Пулевски во својот тријазичен речник во 1875 година пишува:

*„Народ се нарекуваат луѓе, кои се од еден род и кои зборуваат ист јазик, кои живеат и кои друѓаруваат еден со друг, кои имаат исти обичаи, песни и веселби. Тие луѓе се викаат народ, а местото каде што живее народ се вика татковина на тој народ. Така и Македонците се народ и нивното место е Македонија.“*

Во втората половина на XIX век, името Македонец се поврзува со Македонија како заедничка татковина. Така, востаниците од Македонското востание се именувале Македонци, а Македонија ја сметале за своја татковина. Со истакнувањето на девизата „Македонија на Македонците“ од страна на ТМОРО, чувството за **Македонија како татковина на Македонците** станало уште посилно.

Некои македонски интелектуалци ја согледале опасноста за иднината на Македонија што ја предизвикувале пропагандите со разните поделби меѓу населението. Затоа списанието „Лоза“ повикува на обединување на сите народни сили и пружање заеднички отпор „**да се зачува иднината на нашата татковина**“.

Во исто време била согледана и опасноста од поделба на Македонија меѓу соседните балкански земји. Затоа ВМОРО нагласила дека ќе се спротивстави на сите стремежи за поделба и завладување на татковината Македонија.

## Идентификување со славното минато

По примерот на соседните народи, во втората половина на XIX век, македонските интелектуалци почнале **да се повикуваат на славното минато на античкото кралство Македонија**. Тоа се правело со цел врз основа на минатото да се докаже дека Македонците се народ со традиција, поради што имаат право на сопствена македонска држава. Тоа нашло свој одраз во поезијата, литературата, во печатот, во барања пред странски претставници, како и во лични изјави.

Ѓорѓија Пулевски во 1878 година ја објавил поемата **„Самовила Македонска“**. Преку неа ги потсетува Македонците на славното минато на кралството Македонија и јунаштвото на Филип II и Александар Македонски. Притоа ги повикува да го следат нивниот пример и да не се срамат да го бараат своето, дури и ако треба да се умре за него. Во сличен стил и со слични пораки е и неговата стихозбирка **„Македонска песнарка“**.

По повеќегодишна работа, Ѓорѓија Пулевски во 1892 година го завршил својот ракопис „**Славјано-маќедонска општа историја**“, која е напишана на „**славјано-маќедонско наречје**“. Низ овој ракопис, Пулевски настојува да докаже дека Македонците се посебен народ кој потекнува од старите Македонци, кои спо-



Ѓорѓија Пулевски

### Минатото низ извори

Во врска со стремежите на балканските држави за поделба на Македонија во окружното писмо на Леринскиот комитет од 1 јануари 1906 година, пишува:

***„Македонија, нашата мила татковина**, гнездо на петвековниот... турски режим, отсекогаш била предмет на алчните завојувачки апетити на соседните балкански држави. Тие со агресивност го набљудуваат распаѓањето на хамидовата држава, а во блудните очи на нивните дипломати, таа одамна се гледа како ниввен плен... Како и да е, Македоно-одринската ослободителна организација, која е изникната од крвта на **македонската земја**, во чии основи е легнат принципот **'автономна Македонија'**, навреме се објави против сите туѓи посегнувања“.*


САМОВИЛА МАКЕДОНСКА

...

Фрагмент од „Самовила Македонска“

ред него биле од словенско потекло. Ѓ. Пулевски не е историчар и неговите тези не се научно засновани. Без оглед на тоа, тој има огромна улога во поттикнувањето на македонството и на македонскиот патриотизам.

Идентификувањето со античкото наследство се правело и за да се укаже на разликата со соседните народи кои го негирале македонскиот идентитет и настојувале да им наметнат друг.

## Јазикот како обележје

Јазикот е едно од обележјата на народите. Во историјата, а и во современиот свет, многу народи и современи нации зборуваат на други јазици, или пак пишуваат на свој јазик со туѓо писмо. Но тоа не ја оспорува нивната посебност.

Во средината на XIX век, под влијание на просветата и борбите за осамостојување од Цариградската патријаршија, се отворило и прашањето за јазикот. Притоа се појавила идеја за општ македонско-бугарски книжевен јазик. За тоа се залагал Партениј Зографски. Според него, како основа за овој јазик требало да се земат **југозападните македонски наречја**. Неговата идеја не била прифатена од Бугарите.

По формирањето на Егзархијата, во училиштата под нејзина надлежност наставата се изведувала на бугарски јазик. Поради тоа, повремено избивале ученички бунтови. Притоа се барало наставата да се изведува на народен македонски говор.

Голем подвиг во идејата за издигање на македонскиот јазик на ниво на литературен јазик направил Крсте Петков Мисирков. Оваа идеја е обработена во неговата книга „За Македонцките работи" објавена во 1903 година во Софија. Книгата била запленета веднаш по нејзиното објавување.

Во 1905 година, **Димитрија Чуповски** презел иницијатива за отворање на **училишта на македонски јазик**. Меѓутоа, условите во османлиска Македонија не биле погодни за реализација на оваа идеја.

Како што одминувало времето, на обичните луѓе во Македонија им здодеало од учители и свештеници на туѓи јазици. Затоа отворено зборувале дека за учители и свештеници посакуваат да имаат Македонци.



„Македонска песнарка"
од Ѓорѓија Пулевски



Крсте Петков Мисирков

**Наследство за генерациите:**

К. П. Мисирков за македонскиот литературен јазик:

*„Ние сме должни да милуаме нашиот јазик, зашчо то јет наш, исто така, како што е нашата татковината ни... Ние си избираме за опшч литературен јазик централното македонцко, т.е. Велешко-Прилепцко, Битољско-Охридцко, наречие... Требит со опшчо соглàсје да се изберит једно наречје за опшч македонски литературен јазик... Создаајнето литературен јазик јет дуовна потреба кај нас, со кое се мислит да се клаит крај на злоупотребите на пропагандите со нашите интереси..."*

*Обиди се да препознаеш елементи од современите македонски дијалекти во јазикот на којшто пишувал Мисирков!*

Во меѓувреме, поедини европски слависти се зафатиле со проучување на македонскиот јазик. Во 1911 година, пак, емиграциските власти во САД го вработиле првиот **официјален преведувач на македонски јазик**.

## Борбата за македонска држава

Создавањето на сопствена држава претставува највисок дострел во националниот идеал на секој народ. Државите кои настанале врз османлиското наследство на Балканот биле создадени како резултат на востанија, надворешни воени интервенции и дипломатски притисок на Големите сили. Со еден исклучок, овие новосоздадени држави минале низ разни фази на автономија.

**Најмоќен фактор во борбата за „автономија на Македонија“ била Македонската револуционерна организација**. Притоа автономијата се сфаќала како **преодна етапа кон независна македонска држава**. Во текот на своето дејствување Организацијата успеала да мобилизира значаен дел од македонското население. Нејзин највисок дострел претставува Илинденското востание. Меѓутоа, тоа не довело до посакуваната цел.

Покрај МРО, слични цели имала и **Македонската социјалистичка група** на Васил Главинов. Таа се залагала за „**независна македонска република**“. Повеќето од нејзините членови подоцна се слеале во МРО.

За време на Балканските војни, најголем промотор на барањето за независна македонска држава била **македонската колонија во Санкт Петербург**, на чело со Димитрија Чуповски. Тој своите идеи за посебноста на македонскиот народ и неговото право на сопствена држава ги изнесувал низ страниците на „Македонски Глас“.

### Од дипломатските архиви

Од извештајот на рускиот дипломатски претставник Н. Петрајев, 1907 година:

*„Во Костурската каза дојдоа... делегации од селата и изјавија дека не сакаат ни грчки, ни бугарски учители и свештеници; инсистираат тоа да бидат Македонци. Кога беа прашани за нивната националност, одговорија дека се Македонци.... Овие изјави, кои не се изолирани појави, покажуваат дека... почнува да се буди национална свест, поинаква од оние што им се наметнуваат однадвор.“*



Димитрија Чуповски

### Провери го наученото:

1. Што подразбираме под поимот македонство?
2. Објасни ја врската помеѓу името Македонија и поимот татковина?
3. Што сакале да постигнат луѓето од Македонија кога се повикувале на славното минато?
4. Размисли зошто била запленета книгата „За Македонцките работи“ од К. П. Мисирков.

# Животот во османлиска Македонија

## Селата – чувари на традицијата

Кон крајот на XIX и почетокот на XX век најголемиот дел од населението во османлиска Македонија живеело во село. Селскиот живот се одвивал според **верските правила, народните обичаи и традициите.** Селските куќи биле скромни. Се граделе од камен или дрво, а под ист покрив често живееле повеќе генерации.

Во плодните рамнини животот бил тесно поврзан со **земјоделството**. Семејствата обработувале мали парцели земја, кои најчесто припаѓале на поголемите чифлици. Се одгледувале **житни** и **индустриски култури**. Особено значаен бил **тутунот**, кој се извезувал на меѓународните пазари. Земјата се обработувала со помош на орудија за работа и добиток.

Во планинските села главна стопанска гранка било **сточарството**. Се одгледувале овци и кози, од кои се добивало млеко, месо, волна и кожа. Покрај за храна и облека, тие биле важни продукти и за **трговија**. Во зависност од годишните времиња, сточарите се движеле со своите стада од планинските пасишта во потоплите рамничарски области и обратно.

Во семејството постоела јасна поделба на трудот: мажите работеле во полето, жените во домот и градината, а децата помагале во домашните работи. Покрај со семејството, луѓето го поминувале животот опкружени со своите роднини, соседи и соселани. Облеката била **изработена во домашни услови**. Се состоела од волнени кошули, елеци, крзна и слично.

Селата функционирале како заедници со силни **колективни врски**. Особено почитувани луѓе во селата биле **учителите** и **свештениците**. Сите се познавале меѓусебно, а заедништвото особено доаѓало до израз за време на верски празници, важни животни настани (свадби, погреби итн.) и тешки периоди. Обичаите, народните песни и усните преданија ја чувале **колективната меморија** на народот.

Македонската револуционерна организација била **тесно поврзана со секојдневниот живот** на населението и се потпирала на неговата поддршка. Народот пак, во ликот на својот војвода гледал заштитник од насилството и неправдата. Организацијата се залагала за култур-

**Поврзи го знаењето**

Потсети се што е чифлигарски систем и какви односи имале чифлигарите и чифликсајбиите?



Селска куќа во османлиска Македонија



Село Галичник – панорама

но, просветно и економско издигање на населението. Преземала мерки за воведување задолжително основно образование, подигање на хигиената и здравјето. Се залагала за искоренување на неморални појави, присилни и малолетнички бракови, прекумерни свадбени трошоци и суеверија.

## Нови транспортни и комуникациски можности

Глобалниот тренд на изградба на железниците во втората половина на XIX век ја зафатил и османлиска Македонија. Во 1873 година била отворена првата железничка пруга **Солун-Скопје**. Пругата потоа била поврзана со српската железница, а преку неа и со Европа. Така во 1888 година во Солун пристигнал првиот воз од Париз. Неколку години подоцна Солун бил железнички поврзан и со Битола. Со изградбата на железницата биле создадени услови за **побрз**, **поевтин** и **редовен** транспорт.

Воведувањето на парните машини довело до големи промени во бродскиот транспорт. До втората половина на XIX век османлиска Македонија преку солунското пристаниште била поврзана преку **редовни паробродски линии** со европските и прекуокеанските дестинации. Ова овозможило вклучување во глобалната трговија и побрз проток на луѓе и идеи.

Со развојот на трговијата напредувале **поштенските и комуникациските системи**. Во втората половина на XIX век во османлиска Македонија била воспоставена **телеграфска мрежа**. Таа ги опфатила речиси сите поголеми и помали градови.

## Градовите – носители на модернизацијата

Најважни градови во османлиска Македонија биле **Солун**, **Битола** и **Скопје**. Тие биле административни, трговски и културни центри. Градската економија се темелела врз **занаетчиството** и **трговијата**. Поголем дел од занаетчиските работилници и трговските дуќани се наоѓале во градската **чаршија**. Градот Солун со своето пристаниште бил главен трговски центар. Главно се извезувале земјоделски, а се увезувале **индустриски производи** (текстил, алати и предмети за домаќинство). Едно од познатите трговски семејства било семејството



Железничката станица во Воден во 1899 година

**Дознај повеќе**

Уште од 1899 година солунското пристаниште било директно поврзано со Њујорк преку паробродска линија која сообраќала од Њујорк кон Цариград, застанувајќи во Солун и Смирна.



*Le Bosphore* – пароброд на француската компанија Messageries Maritimes кој оперирал преку солунското пристаниште



Градот Битола

**Робевци** од Охрид. Кон крајот на XIX век, индустриските производи сè повеќе ги заменувале рачно изработените предмети. Поради тоа многу традиционални занаети исчезнале.

Од средината на XIX век во градовите се појавиле скромни **индустриски капацитети,** најчесто во прехранбената и текстилната индустрија. Од прехранбената индустрија најзастапени биле **мелниците**, а од текстилната индустрија **предилниците** и **ткајачниците**. Во исто време бил воведен и **банкарскиот систем**. Свои претставништва во македонските градови имале повеќе банки од кои најзначајна била **Отоманската банка**.

Во текот на XIX век силно се развивала **градската архитектура**. Побогатите трговци и занаетчии граделе големи и раскошни куќи со препознатлив стил. Тоа особено се забележува во Охрид, Битола, Кратово и на други места. Сепак голем дел од улиците останале калливи, а хигиената била на ниско ниво. Поради тоа масовните **епидемии** биле честа појава.

Додека селата во голема мера ја зачувале традицијата, градовите биле носители на **модернизацијата**. Ритамот на живот во градовите бил многу подинамичен. Заедно со чаршијата, **кафеаните** и **кафулињата** биле срцето на урбаниот живот. Тие биле простор за дружење, разговор и социјален живот. Важен дел од урбаниот живот станал и **театарот**. Со воведувањето на



Објектот на Отоманската банка во Скопје



Куќата на семејството Робевци
во Охрид



Театарот во Скопје

**Минатото во сегашноста**

Од втората половина на XIX век се појавиле првите урбанистички планови во градовите. На тој начин градскиот простор започнал да се планира и уредува слично како денес.

Размисли и одговори: Зошто урбанистичкото планирање е важно за квалитетот на животот во градовите денес?

**електричната енергија** се овозможило кафулињата и театрите да работат и по зајдисонце. На тој начин вечерните прошетки, собири и културни настани станале дел од секојдневието.

Општествените промени и модернизацијата особено се забележувале во **облеката** на градското население. Додека во селата се задржала традиционалната носија, во градовите се прифаќала **европската мода**. Мажите носеле костуми, кожни чевли и шешири, а жените фустани, корсети, шешири и модни додатоци (чадори, чанти, ракавици). За разлика од широките ориентални кроеви облеката била потесна и симетрична, со смирени и ненаметливи бои.

Кон крајот на XIX век **фотографијата** станала важен дел од градската култура и знак на современост. Отворањето на првите фотографски студија им овозможило на многу луѓе за прв пат во животот да застанат пред фотоапарат. Особено значајни биле **браќата Манаки** кои преку своите фотографии и краткометражни **филмови** го документирале секојдневието. Нивното творештво претставува непроценливо сведоштво за животот во османлиска Македонија на преминот меѓу XIX и XX век.



Градска мода во османлиска Македонија

## Истражувачки предизвик

Браќата **Јанаки** и **Милтон Манаки** се вбројуваат меѓу првите фотографи и сниматели на Балканот. Родени се во влашкото село Авдела во османлиска Македонија, а кон крајот на XIX век се населиле во Битола, каде отвориле фотографско студио. Во 1905 година ја донеле **првата филмска камера на Балканот**. Нивната работа ја поврзува Македонија со самите почетоци на европската и светската кинематографија. Обиди се да пронајдеш податоци за нивниот живот и барем еден од нивните филмови кои ги прикажуваат прославите по повод младотурскиот преврат и посетата на султанот Мехмед V во Битола.

*Што прикажува снимката која ја најде, кога е направена и зошто е важна како историски извор?*

*Каде се чува денес нивната камера и кој фестивал го носи нивното име?*



Браќата Јанаки и Милтон Манаки

## Развој на копаничарството

Во текот на XIX век во османлиска Македонија биле обновени и изградени повеќе **цркви** и **манастири**. Тоа придонело за развој на **фрескосликарството** и **копаничарството (резбарството)**. Најпознатите мајстори на овој занает потекнувале од мијачките села во Западна Македонија. Тие ги изработиле иконостасите во Лесновскиот манастир, црквата Св. Спас во Скопје, манастирот Св. Јован Бигорски и други. Со својата вредност се истакнува и иконостасот во црквата Св. Благовештение во Прилеп. Со мотиви од резба биле украсени и таваните на куќите на побогатите граѓани. Таков пример е куќата на семејството Робевци во Охрид.



Црквата Св. Благовештение во Прилеп - иконостасот е зачуван во изворна форма

### Дознај повеќе

Копаничарите работеле во тајфи составени од мајстори и помошници. За изработка на резбите користеле специјални железни алати т.н длета и дрвени чекани. Најчесто работеле со цврсто оревово дрво, сушено со години. Резбата се изработувала од едно големо парче дрво, кое се длабело најпрво грубо, а потоа фино.

### Провери го наученото:

1. Опиши ја модернизацијата на животот во градовите во османлиска Македонија!
2. Кои важни техничко-технолошки пронајдоци пристигнале во османлиска Македонија во XIX и почетокот на XX век?
3. Кои се разликите во секојдневниот живот меѓу селата и градовите?